СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петтото продолжение на Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 март 2012 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,22 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

Трајко Вељаноски: Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 26-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Васко Мицевски, Павле Саздов, Амди Барјам, Антонио Милошоски, Радмила Шекеринска, Игор Ивановски, Али Ахмети, Ермира Мехмети, Ирфан Деари, Рафит Муминовиќ, Дешира Имери, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Борис Стојменов ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Точка 31 - Дополнет предлог на Закон за здравствената заштита, второ читање.

Продолжуваме со претрес со членовите 2, 3, 4, 15, 18, 22, 23, 26, 27, 29, 32, 38, 39, 44, на насловот пред член 50 и на член 50, на членовите 59, 65, 71, 76, 78, 88, 100, 101, 105, 109, 121, 140, 148, 149, 159, 178, 212, 213, 217, 219, 222, 231, 232, 241, 242, 259, 266, 268, 269, 272, 275, 305, 307, 316, на новиот член 316-а и на членовите 317, 323 и 327 што се изменети со амандмани на работните тела.

Има збор госпоѓа Соња Мираковска, повелете.

Соња Мираковска: Благодарам претседателе.

Денес продолжува вториот ден од расправата од дополнителниот предлог на Законот за здравствена заштита. Долго време расправаме по овој закон, долго се дебатираше на комисиите, како комисија се обидувавме од вас да побараме малку повеќе разбирање да се внесе значајни измени во овој закон затоа што сметавме и натаму сметаме, а ќе имаме прилика и во иднина да видиме дека овој закон нема да одговори на целите за кои вие тврдите дека ќе ги постигне законот, а пред се солидна, добра и ефикасна здравствена заштита по мерка на граѓаните на Република Македонија, рамномерно распределена целата територија со добро воспоставена мрежа, со добри и квалитетни стандардизирани и акредитирани услуги и на крај здравствени работници кои таа работа ќе ја вршат солидно, квалитетно. Ние имавме сосема поинаков поглед, исто така и многу од фелата во здравството, но за жал, прифативте дел од техничките амандмани, но суштината остана онаква каква што вие ја замисливте.

Пред да коментирам за она што ќе донесе овој закон, би сакала да ви честитам како владеачка партија тоа што постојано се обидувате и многу често ви успева во јавноста и да го класирате и да го наметнете дека вие се на почеток, нешто санирате и стално се во фаза сосема на почеток кога тоа треба да го направите. Тврдите дека овој закон е резултат на сите лоши решенија до сега кои вие сте ги испробувале и сте констатирале дека како такви не ги даваат потребните ефекти за граѓаните на Република Македонија. Јас би ве замолила кога сте во Собрание да не правите вакви фаци затоа што сите ние овде трошиме енергија за нешто да направиме господине министер. Значи, би ве замолила за должно почитување кон нас пратениците.

Вие немавте право 7 години да видите дали еден систем функционира и тоа не го правевте. 7 години вие растуривте еден здравствен систем. Колку сега ќе успеете да поправите господ нека им е на помош и на здравствените работници и воопшто на целата фела од сега, од носењето на овој закон понатаму затоа што тврдам дека ќе тргне нивниот од по маките.

Како ќе постигнете квалитетна услуга, она што е основно, што го интересира секој граѓанин на Република Македонија ако на крај таа квалитетна услуга ќе мора да помине низ ревизија на Фондот за кој пак основен мотив за тоа како една услуги ќе изгледа ќе бидат парите. Значи, ако сакате европска модерна услуга која во светот се примернува како нормална процедура, во многу чести случаи тоа ќе треба да биде платено од сопствен џеп. Остана најголема тајна какви се процедурите кои ќе се користат од сега после новиот Закон за здравствена заштита. За сите нас голема енигма е кои ќе бидат критериумите за некој да влезе во мрежата на ситемот за здравствена заштита, како ќе успеете да направите бесплатно вмрежување да не се случува она што во моментот се случува на сите граѓани во Република Македонија да трчаат наоколу кога некој од семејството е болен. Како тоа ќе успеете да го наметнете.

Вие во овој закон зборувате за видвоите на здравстветните организации, но ниту збор за здравствената организација. Погледнете ги само законите на соседните земји за здравствена заштита, секаде ја допира организацијата. Вам во овој закон основна цел ви преставува дисциплинирањето на лекарите и мислам дека тоа како цел ќе го постигнете, начинот како тие ќе ги добиваат лиценците, начинот како тие ќе бидат оценувани, како ќе им биде одземено правото, останува во ваши раце. Јас сметам дека позади едно вакво законско решение се крие вашата желба една категорија граѓани, една група професионалци, лекарска фела, кои и за нас и за вас исклучително важно влијателни во општеството, како да воспоставите дисциплина над нив. Мислам дека тоа ќе ви усшее. Тоа не го зборувам на памет. Само од последните избори имаме снимки како вие од лекарската фела барате да прават списоци каде што ќе ги сондираат мислењата на граѓаните, списоци во кои тие ќе оценуваат кој за која политичка партија ќе гласа. Ако тоа е целта да ги притиснете и повторно да ги ставите во режим сигурно ќе ја постигнете целта, зато што сметам дека

основните критериуми ќе бидат токму такви, страшен притисок врз здравството за да се постигне едната единствена цел, да се владее без мерка.

Во една од претходните измени на Законот за здравствена заштита констатиравте дека една од основните реформи што ги воведовте во 2007 година, а тоа е врзаниот потпис, е неуспешен, но сега без многу коментар повторно го внесувате овде. Неуспешен е затоа што не постигна резултати, не успеа да ја тргне корупцијата, не успеа да ги намали трошоците и загубите кои ги парват ЈЗУ, напротив тие се трупаат, вие постојано наоѓате форми како ќе ги ослободите за да почне таа приказна повторно. Нивната улога најчесто не е да бидат добри менаџери, туку таму да молчат и да аминуваат се што сака Владата да протне низ овој сектор, од јавни набавки па до организација која само вас ви одговара. Затоа сметавме дека овој врзан потпис сега немаше потреба повторно да се најде и да биде само баласт во здравствениот систем. Но, од утре веќе ќе почнеме, заправо од важењето на законот, да ги имаме резултатите и сигурно ќе имаме прилика повторно да зборуваме на темата, каков здравствен систем вие ќе инсталирате. Јас само цврсто се надевам дека откако ќе ги видите новите девијации кои ќе се постават од исталираниот систем ќе имате доволно доблест да признаете и да донесете здрави одлуки да го менувате здравствениот систем во вистински насоки, а тоа значи да се изгради еден ефикасен транспарентен, сигурен здравствен систем кој ќе биде достапен за сите. Сите овие денови расправајќи на оваа тема вие се браневте дека пакетот на здравствени услуги не треба да се најде тука. Се согласувам, еве не треба да се најде во Законот за здравствена заштита, но најдете го местото каде тој пакет треба да се најде и точно дефинирајте го затоа што тоа ги интересира граѓаните, ги интересира што како услуги на сметка на Фондот, а за претходно платени здравствени придонеси, ќе можат да добијат, затоа што граѓаните ја научија основната лекција, ако не платат нема живот, нема лекување. Тоа е здравствената заштита која вие во моментот ја нудите. Скапите здравствени услуги за нивното здравје.

Министре, немојте да се чудите, јас минатата година имав проблеми, нормално како и многу наши генерации на кои родителите им се болни и треба да се движат во здравствениот систем заедно со своите родители. Имав прилика да видам многу девијации. Обидте се, не како минисите, како обичен граѓанин да го прошетате тој лавиринт и да видите како луѓето поминуваат низ него и дали излегуваат со подобро здравје, или заглавуваат во лавиринтот во моментот кога треба да најдат средства за да можат да го поправат здравјето. Овој здравствен систем нема да донесе солидни промерни и нема да го направи очекуваното од граѓаните, а тоа е здравје и живот. Вие сте должни да ги констултирате сите експерти, а тоа овој пат не го направивте. Можеби во 2010 година го почна вашиот претходник. Вие овој закон го донесовте набрзина, го донесовте без консултирање со фелата. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Има реплика министерот за здравство, повелете.

Никола Тодоров: Благодарам**.**

Исто како вчера, нема никаква промена, повторно еден говор направен по теркот на сите претходни и повторно истите фрази законот не чинел, системот не чинел, повторно сега го вративте пакетот, се трудев од петтни жили да ви објаснам, нема врска пакетот со овој закон, ви кажав минатата седница каде треба да се најде пакетот, каде може да го прочитате, стои во Законот за здравствено осигурување во член 9. Поставен е така 10-тина години, можеби и повеќе, не знам која влада го споставила можеби СДСМ, можеби ВМРО, навистина не можам да се сетам сега, но постои член 9, Законот за здравствено осигурувањет определува кои услуги се вклучени бесплатно и обезбедени од здравствениот систем, а член 10 кажува кои не се и тоа е Законот за здравствено осигурување. Денес зборуваме за Законот за здравствена заштита. Тој нема пакет. Се обидувам тоа не знам по кој пат да ви го кажам. Тоа е друг закон. И пак кажувате фелата не ја послушавте, брзо го донесовте законот, само 11 амандмани прифативте, што не е точно. Ве молам, немојте да се служите со невистини. Ако 30-40 луѓе повторите 30 пати иста невистина нема да стане вистина. 11 амандмани се прифатени чисти, меѓутоа прифатени уште 24 комисиски, а знаете како беше на расправата, се договаравме секогаш кога има некоја номотехничка забелешка да се повлече амандманот и да се помине комисиски. Најчесто едногласно го поминавме. Од тие 24 плус 11, тоа е една половина од вкупниот број прифатени амандмани се прифатени од опозицијата и место да кажете сета добро е, имавме некоја расправа, имаме демократска расправа во која се прифаќаат добри мислења и ставови, вие велите 11 амандмани. Не ја говорите вистината. Можеби не бевте на Комисија и не знаете. На Комисијата имавме одлична расправа, комуницираме за сите поднесени амандмани, ги кажав моите ставови. Таму каде што имавме различни политички ставови не се согласивме и тоа е за тие две, три работи. Значи првата работа за јавните службеници ви кажувам не се јавни службеници, втората работа е двојните директори и третата работа е за пензионираните дали може да биде или не може, четврта работа е за плаќање по успешност. Тие се работите за кои не можевме да се усогласиме. За се друго расправавме и донесовме, би рекол за повеќе случаи заеднички ставови изградивме.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Соња Мираковска, повелете.

Соња Мираковска: Благодарам.

Чисто за ваша информација, вчерашниот ден како и дел од колегите го посветив на еден друг закон на еден ваш колега и да не мислите дека сме задрти по тој закон, сметавме дека се има добра намера и работевме во правец да подобриме нешто во Законот за семејство. Но, тоа не е случај кај вас.

Значи, не сум имала прилика да слушнам што зборуваат колегите за да повторам исти фрази. Значи, констатациите ми се исти, фалинките во законот се исти. Јас не реков дека пакетот се наоѓа тука, но јасно дефинирајте го затоа што она што се случува и што го добиваат граѓаните е нестандардно, уште што не почнале од дома да си носат некои работи за да добијат услуга во делот на ЈЗУ.

Министре, здравството ви е во хаос. Не само бубашвабите, многу работи организационо треба да се средат. Вие сте правник и менаџер и тоа можете да го направите ако таква цел има Владата, но мислам дека целта не ви е таква, целта ви ја кажав преска.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Реплика има господинот Трајче Димков, повелете.

Трајче Димков: Благодарам.

Почитувана колешке Владата на ВМРО-ДПМНЕ најавените реформи постепено но сигурно ги реализира. Вие знаете дека здравството како систем е комплексна структура и затоа се оди чекор по чекор во остварувањето на реформите.

Точно е дека не може се да се реши, а основна причина е што со децении наназад во здравството се таложеле проблемите и вашите досегашни влади ниту еднаш не се обиделе со реформи тоа да го направат. Доблеста или односот кон овој сегмент се гледа и од еден друг план, а тоа е, веќе два дена дебатираме тука меѓутоа претходно и на комисиите се виде односот и храброста на министерот и на Владата прифаќајќи ги дел од амандманите што ги предложивте вие но и ние. Така што не се одеше со инает, еве тоа ние што го предложивме така мора да помине. Дебатиравме повеќе време, оваа е во процедура можеби повеќе месеци се со намера овој закон да биде издржан.

Јас би сакал само да напоменам некои работи дека вложувањата што ги има оваа Влада, конкретно за Штип, 10 години претходно немаше ништо, некоја последна донација беше од Јапонската Влада, до тогаш Владата ништо не вложуваше. Сега има огромна разлика, меѓутоа вие тоа не сакате да го прифатите.

Јас би сакал да искоментирам дел од законот, а тоа е за издражноста и сеопфатниот предлог на закон што се нуди. Значи, опфатени се повеќе сегменти, не само во инфраструктурата и во човечките ресурси, пред се во системот и организацијата на здравствената заштита и вршење на здравствената дејност, загарантираните права и утврдените потврди и интереси на државата во обезбедување на здравствена заштита, здравствените установи, вработувањето, вршење на здравствена дејност во вонредни услуви итн. Значи тука гледаме една сеопфатна работа која ја вложува министерството и министерот. Меѓутоа, јас би поставил неколку прашања кој ги направи реформите во државата до сега, кој ги прави реформите во здравството и зошто до сега вие немате ништо вложено. Се гледа дека 100-те милиони евра даваат резултат, меѓутоа свесни сме дека и натаму треба сите да вложуваме и овој сегмент треба да се надоградува, а мислам дека и во тој правец се движиме.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Соња Мираковска, повелете.

Соња Мираковска: Благодарам.

Колега, убаво што го спомнавте Штип. Во Штип од поодамна е хаос. Вашиот министер го констатираше, на времето го констатираше и претходниот министер. Значи не е толку солидна ситуацијата како што велите. Сега поминаа без казни, но сигурно тоа нема да биде наредниот пат имајќи во предвид што се случува и колкав криминал се случува таму.

Да, се согласувам, ВМРО-ДПМНЕ направи многу. Успеавте, со самото доаѓање после година дена да го растурите системот, пред се да го растурите терцијалното здравство, да го растурите Клинички центар кој е нешто што требаше да се чува за да можеме да ги чуваме животите на луѓето, на оние кои се најзагрозени. Сега, мора да признаете се гради тешко. Уште потешко се гради ако принципите ви се лоши, уште потешко се гради со министер кој смета дека единствен е во светот, министер кој смета дека треба да прифати технички амандмани и дека со поправката треба да бидеме задоволни сите затоа што номотехнички нешто сме дотерале, а суштината останува така како што тој ја замислил, ќе ви видиме резултатите многу скоро.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Има збор господинот Јордан Пачков, повелете.

Јордан Пачков: Благодарам.

Почитувани колеги, почитуван министер, почитуван претседателе на Собранието, почитувани новинари,

Наоѓам за сходно да дадам придонес во оваа расправа, земајќи во предвид дека можам да дискутирам и како пациент, имам право да дискутирам како лекар и уште поголемо право како член на овој законодавен дом кој што нема намери овие дискусии да ги претвори во една непринципиелна дебата, или поточно речено можност на опозицијата, или на другите кои што не се на иста бранова должина, со реплики да создадеме една лажна слика, или поточно речено една фама, ако може така да се каже токму кај оние кому им ги нудиме и ги донесуваме овие закони, а тоа е граѓанството на државата Македонија. Земајќи во предвид дека сум и член

на Комисијата за здравство, го потврдувам фактот дека токму на Комисијата се биеја тешки битки околу секој амандман, измена, дополнување, мислења. Се разви една опширна дебата во која што учествуваа речиси сите членови на Комисијата и мислам дека тоа беше кулминација на сето она од кое што требаше да се изроди, односно да се прифатат или да не се прифатат амандманите кои што се составен, нераскинлив дел токму на овој понуден текст на закон кој што ние треба да го усвоиме, или да не го усвоиме. За волја на вистината беа предложени 170 амандмани, беше евидентно дека некој се обидува фактички да го примора Министерството да го повлече актуелниот текст, односно даденият текст на новиот Закон за здравствена заштита и едноставно да се донесе нов закон под изговор дека премалку внимание е дадено преку јавните расправи, преку дебатите и било кои други форми од кои што ќе произлезат заклучоци, за да овој закон навистина биде закон кој што ќе биде по мерка на пациентите.

Почитувани, да не заборавиме дека токму во пружањето на здравствената заштита ние мораме да размислуваме и за фелата. Да размислуваме токму и за улогата на носителот на примарната дејност во здравството, а тоа се лекарите. Во недостаток на закон за доктори овој закон сметам дека е како еден фундамент на градењето на понатамошните закони и токму во центарот на вниманието го става докторот. Знам дека ова ќе предизвика реперкусии односно големи негодувања од страна на опозицијата. Но, зборувам од пракса или поточно речено, човек кој што ги поминал многуте форми на општествено дејствување, пружање на здравствена заштита и мешање во политиката и од сето тоа сакам да извадам една навистина концизен принципиелен став, кој што не знам колку ќе го прифатите вие, но ќе им помогне и на останатите кои што се наоѓаат токму во овој лавиринт на недоразбирања. Велам недоразбирања, затоа што од 170 предложени амандмани од кои што морам да признаам дека еден добар дел беа од технички карактер. Од страна на СДСМ беа усвоени 11, повлечени од страна на СДСМ имаше 19 и на предлог на Комисијата, а по предлог на СДСМ беа усвоени исто така 11. Не усвоени повеќето од 100 амандмани кои што ги предложи опозицијата се некаде околу 60-тина. За волја на вистината, усвоени 40 амандмани од страна на ВМРО-ДПМНЕ, поточно речено на Комисијата која што ја сочинуваат членовите на ВМРО-ДПМНЕ. Не усвоени имаше 13, повлечени имаше 11, а по предлог на ВМРО имаше само пет. Ако сакате токму онаму каде што се биеја битките членовите на Комисијата доведоа, морам така да кажам до едно мало прочистување на текстот. За волја на вистината да се исправат „неправдите“ каде што сметавте дека се закинати лекарите, каде што се закинати фелите и здруженијата кои што се занимаваат токму со медицинската проблеамтика итн. Ќе ми дозволите само да напоменам за некои работи кои што не беа споменати, ќе го искористам сигурно правото на контра реплика и да го докажам спротивното и на реплики на останатите колеги, затоа што 10 минути не се доволно време за да можете, односно да го образложите. И зошто ќе гласам за донесување на овој закон? Да ви кажам за некои работи за кои што многу малку се зборуваше, а јавноста треба да знае. Пред се, еве да кажеме за лекарите. Начинот на вработувањето на лекарите ќе се сложите било во јавните здравствени установи, општи болници, или врз здравствените домови се знае на кој начин се вршеше и тука не треба да замижуваме пред вистината и пред фактот. На крајот на краиштата си земам за право да кажам можеби во свое време кога сум се вработувал во Медицинскиот центар и јас сум бркал врски итн. Овој пат им се дава предност на волонтерите. Загрижувачка и срамна е сликата, волонтери, доктори со завршен Медицински факултет да работат по 3, 4 можеби и повеќе години и на крајо на краиштата да земаат додаток од некаде цирка 4000 денари. Овој пат предноста треба да се искористи од овој закон и во критериумите за вработување треба да се вкорпорира токму овој податок, дека волонтерите лекари со повеќе години го имаат предимството во вработувањето.

Она што исто така сакам да го кажам е дека копјата се биеја околу двата директори, едниот организационен, другиот стручен, едниот медицински, другиот економски, како сакате наречете ги во секој случај двата директори беа како трн во око на опозицијата од една проста причина. Еве јас ќе ви кажам еден пластичен пример од средината од која што доаѓам. Во Куманово со делбата 2005 година, не знам кога беше делбата на Медицински центар, поточно речено формирање на здравствен дом како посебна јавна здравствена установа и општа болница како посебна здравствена установа се поделија, односно долговите. Па така здравствениот дом наследи долг некаде околу 50-тина милиони во кој што новата постава во 2006 година за само една година успеа не само да ги врати долговите, туку да направи таков подем на таа здравствена установа што се чувствува во односот на пружањето на здравствената заштита во општина Куманово. Згора на тоа и локалната власт која што е во рамките на СДСМ, таа здравствена установа ја награди со највисокото престижно признание во општина Куманово, ноемвриската награда. Таму имаше два директори, еден стручен и еден организационен, или економски кои што ја сватија улогата дека не е само полагањето на менаџерскиот испит можност, или услов да се биде директор, туку тоа да го преточат и во пракса. За разлика од тоа, не мора да значи здравствениот дом, односно јавната здравствена установа општа болница немаше и до ден денеска не ја искористи можноста да има два директори. Исто тоа се однесуваше и за Заводот за здравствена заштита во општина Куманово. Што значи дека нема правила, односно не смее

така да се гледа низ призна на недоверба дека двата директори не можат да ја вршат својата работа, дека можат да ја вршат тоа се покажува и во пракса. Цената на здравствените услуги во јавните здравствени установи за пациенти кои услугите ги плаќаат со лични средства. Мора да признаеме, и јас сум за социјала и како доктор и во пракса сум се покажал. Но, мора да признаеме дека поголем дел од граѓаните или добар дел од граѓаните сакаат да имаат здравствена заштита кај избран доктор, но доктор за кој тие сметаат дека е стручен, постручен од останатите и дека имаат средства и можности да го платат, за да му биде пружена здравствена заштита токму од тој доктор. Овој закон тоа го овозможува во рамките на својата јавна здравствена установа или во јавна здравствена установа од други тип да се пружаат такви услуги и да им се излезе во пресрет на граѓаните.

Новина на овој закон што предвидува е формирањето на нега за болните. И самите знаете дека болниците за нега ќе вршат дејност или се најавува со овој закон на здравствена нега на пациенти кој во активното лекување се смета или чувствуваат дека се недоизлечени немаат услови таа нега да им биде пружена во домашни услови и на крајот на краиштата еве им се пружа можност тоа нешто токму во ново формираните болници за нега.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

За реплика е јавена госпоѓа Светлана Вучетиќ Мазгалоска, повелете.

Светлана Вучетиќ Мазгалоска: Благодарам.

Почитуван колега Пачков, во вашата дискусија се изјавните дека пратениците на опозицијата во текот на своите дискусии во оваа дводневна дебата шират фама за Предлог законот за здравствена заштита. Јас сметам дека во нашите дискусии повеќето од нас еве на пример јас која не сум лекар, се придржував кон сугестиите и забелешките кои што беа доставени до нас од страна на Лекарската комора, Стоматолошката и не знам дали вие сметате дека амандманите кои што ги доставија до нас од Универзитетот Свети Кирил и Методиј, навистина се забелешки кои што придонесуваат кон ширењето на таа фама. Сметам дека не е така. Сето тоа се релевантни луѓе кои дадоа прецизни и јасни забелешки и се однесуваат точно на оние членови за кои што ние дебатираме во текот на оваа дводневна расправа. Имаше забелешка дека постои дисбаланс во законот дека имаме Закон за пациенти, немаме закон за лекари. Вие и сами кажавте една од основните ваши забелешки беше дека нема закон за доктори. Тоа беше и една од главните забелешки на Лекарската комора дека заедно или паралелно со овој Предлог закон за здравствена заштита треба да се донесе и закон за докторска дејност. Значи тоа е една конструктивна забелешка која што требаше да се внесе во овој Предлог закон.

Друго имаме незадоволство на Синдикатот на терцијарно ниво која што вели дека се дава во овој Предлог закон дискрициono право на министерот. Тие ја имаа таа забелешка и ја кажаа јасно и гласно и исто така дека има 60 прашања кои што се оставаат нерешени за да се решат со подзаконски акти. Меѓутоа и вие и јас знаеме дека тоа може да трае 1, 2, а можеби и 10 години. Значи тоа се прави сега кога веќе го правиме овој закон.

Во однос на амандманите навистина се водеше дебата на седниците на Комисијата за здравство. Јас во почетокот добив впечаток дека ќе добиеме едни квалитетни амандмани заеднички со напорот кој што го вложивме. Меѓутоа на крајот сметам и имам впечаток дека направивме само шминка на законот, а не навистина конструктивни амандмани. И оттаму произлегува таа потреба за нов Предлог закон.

Во однос на платата на лекарите имаше забелешка од одредени лекари дека навистина е некоректно да менаџерите на клиниките примаат двојно, тројно повеќе плата од лекари примариуси, субспецијалисти. Вие тоа повеќе од мене го знаете а во суштина животот на пациентите не е во рацете на менаџерите, туку во рацете на лекарите. И затоа требаше да се испочитуваат забелешките на лекарите и на коморите. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Јордан Пачков има реплика, повелете.

Јордан Пачков: Благодарам.

Почитувана колешке, дискутирате според свое убедување и добро е, имате свој став и јас не сакам да го менувам во никој случај не сакам да се упуштам особено кога е во прашање Синдикаатот затоа што сум аплицирал долго време во тој Синдикат и знам како е синдикалната борба. Да им го оставиме тоа на Синдикатот да си се изборат за своите права итн. Ние сме овде законодавен дом каде што донесуваме закони во интерес на граѓаните. Синдикатот има призма кон гледање на работите и јас ја прифаќам како таква и голем дел од тие забелешки ако сакате ќе ви кажам и тврдам одговорно дека се инкорпорирани во овој закон.

Што се однесува до платите на вработените. И јас не бев задоволен во времето кога ја обавував лекарската пракса, мислам дека заслужував многу повеќе. Токму овој закон пружа можност за кариера, значи поточно да речам за покажување на своите стручни квалитети на својата работа и за покачување на самата плата. Како тоа ќе го достигне и што законот тоа да не им го дозволува. Не може законот да ви каже колку точно ќе имате плата особено зо дравствени домови итн. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Диневски Менде има реплика, повелете.

Менде Диневски: Благодарам.

Почитуван колега со внимание ја следев вашата дискусија и навистина се обидовте така да ги

релативизирате проблемите кои што ќе произлезат од ова законско решение и се обидувавте преку бројот на прифатени амандмани од страна на позиција-опозиција или условно земено како амандмани на Комисијата дека текстот на законот ќе се подобрел. Факт е дека за да се поднесат 170 амандмани на еден закон очигледно на тој закон многу работи му фалат. Министерот за здравство се обиде да посочи 3-4 работи кои условно биле разликата помеѓу власта и опозицијата околу тоа дали треба или не треба да се прифати или заеднички да се донесе законот. Но не се само тие. Најголем дел од амандманите кои се прифатија се однесуваа на делот на акредитацијата која акредитација ние пред година и пол дена како законско решение ја поднесовме. Тогаш ВМРО-ДПМНЕ не ја прифати. Кажа дека ја имале готова и само што не стартувала. Помина година и пол од акредитацијата немаме ништо, а во Предлог законот кој што го понудивте вие апсолутно фалеа многу работи и најголем дел од тие амандмани што се прифатија се однесуваа на делот на акредитацијата.

Понатаму имаме суштинска разлика. Ние тврдиме дека мрежата на јавните здравствени установи треба да ја носи Собранието заради поголема транспарентност, контрола итн, за да не ни се случува како тоа што го направивте со овој закон во преодни и завршни одредби да здравствените работници кои имаат поднесено барања до Фондот за здравствено осигурување заклучно 31.12.2011 година и се отприлика околу 400 на број, да не можат да склучат договор со Фондот затоа што вие ги терате по еден закон да ги исполнуваат условите, а по друг закон да ја давате дозволата односно го склучувате договорот. Е, затоа ние бараме мрежата да ја носи Собранието.

Втора работа која ја бараме а тоа е во членот кој се однесува на, кои јавни здравствени установи се составени или кој тип на јавни здравствени установи се установени, на кој вие сметате дека со акт на министерот за здравство на предлог на Владата може да дојде до спојување и делење на пример на Клинички центар или на одредена јавна здравствена установа на едно или на различно ниво на здравствена дејност. Затоа сметаме дека таа ингеренција не треба да ја има Владата заради тоа што имаме лошо искуство од минатото 2007 година. Не се согласуваме со вас како го третирате концептот на Клиничката болница каде што утврдивте дека по исклучок на субјекти кои вршат здравствена дејност од терцијарно ниво велите - по исклучок високообразовна дејност во областа на медицината, стоматологијата може и да се врши во клинички болници утврдени со акт. Значи утврдени со акт на Министерството кое од надлежност на високото образование по претходна согласност на министерот за здравство. И уште многу многу други работи како што се пробната работа, комората итн.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Јордан Пачков има реплика, повелете.

Јордан Пачков: Благодарам.

Вашите забелешки ги прифаќам но со некои не можам да се сложам, односно размислувањето и гледањето кон разни аспекти е дозволено демократско право и затоа и јас имам свои ставови и затоа реков дека не го глорифицирав овој закон туку реков дека тоа е солиден закон и како таков треба да се прифати. Обидот вие да ги минимизирате придобивките или поточно речено сето она што ќе биде после корпорирањето на законот во сеопштото живеење на нашите граѓани тоа е сосема друга приказна. Рековте дека клиничките болници немаат право на терцијарна здравствена заштита. Јас така ве разбрав и дали вртењето на тезите при мојот говор, па јас ни ги спомнав клиничките болници, а вие ми се обративте. Па дозволете да го кажаме своето мислење. По кои принципи клиничка болница не може да биде болницата во Куманово. Кои се принципите и формите да се биде, дали го намаливте концезусот од пет на три доктори на науки.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Има реплика госпоѓа Станка Анастасова, повелете.

Станка Анастасова: Благодарам претседателе,

Што се однесува до клиничките болници ние имавме амандман, бидејќи таму се врши образовна дејност на идните доктори да имаат доктори на науки да се вика универзитетска клиничка болница, но тоа не се прифати и не знам дали знаете во какви услови сега се обучуваат студентите кои што ќе бидат идни наши лекари. Услови кои што не се како што треба и се сомневавм во тоа што го правиме на идните генерации.

Другиот дел на мојата реплика е почитуван колега за тоа што го рековте дека докторите работат многу и не се платени како што треба, заслужуваат многу повеќе. За тоа колку работат докторите ќе кажам, но забележувам на тоа што рековте дека двата директори ни биле трн во око на нас од опозицијата. Јас ќе ја образложам разликата помеѓу тоа што го работат докторите, а што работат менаџерите доктори, зошто ние сме против тие менаџери. Дали тие се потребни, или не. Сметам дека дури се штетни за јавните здравствени установи.

Овде имам еден прилог Брза помош со магаре спаси дедо. Навистина прекрасна приказна бидејќи се завршила со добро, но сакам да ја потенцирам храброста и грижата за пациентите од страна на медицинскиот персонал. Овде станува збор за докторката од итна помош Дијана Коцева Миланова, медицинската сестра Жаклина Џамбазова и возачот на џипот Мите Завков. Тие по непрооден терен дошле до пациентот, го качиле на магаре се до онаму до каде што можат да го качат во џипот за да ја добие неопходната медицинска помош и да го транспортираат во болницата. Овие луѓе никој не

ги предложи за награда, а сега во овој закон по успешност вметнувате некое, без критериум надградување на докторите каде се надеваме дека тоа ќе биде по избор само на раководното лице на болниците, нема да биде по она кој колку е заслужен, кој колку сработил и како го сработил. А што се однесува што работат менаџерите исто така за штипската болница сега ќе ви кажам. Економската менаџерка не се грижи за компјутеризараниот апарат кој што долго време стоеше во ходник, откако пратениците од опозицијата дигнаа галама тој сега е преместен и заклучен во една друга просторија, но никако да се изработи, да се изгради објектот каде што треба да биде со посебна намена да овој компјутеризаран томограф биде вметнат. Градежните материјали кои што се набавени за изградба на тој посебен објект велат вработените дека се носат кај менаџерката дома и таа си ја реновира куќата. Министерот престојуваше таму 5 дена, парадираше по ходниците со менаџерката, виде лебарки и две сестри како пушат но никако да провери што работи финансиското работење на таа директорка, менаџерка.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Пачков Јордан има контра реплика, повелете.

Јордан Пачков: Колешке без навреда, ама не знам што ви беше поентата. Вие зборувате за Штип, не сум јас од Штип и во својата најава кажав дека сум од Куманово. Дојдете во Куманово да го видите апаратот за компјутеризарана томографија. Го чекавме 20 и кусур години, конечно да им олесни при дијагностички цели на самите лекари. Најдовме пристории и сили, не Министерството ние најдовме начин во општа болница Куманово да направиме сместување на тој капацитет. Диксутирате за магарења, дискутирате за такви работи. Па и јас во својата пракса сум правел подвизи како што тоа го нарекувате, па нека ги предложат тие таму кои што се покомпетентни. Јас не минимизирам успехот на тие колеги, тоа се доктори, тоа треба да се награди. Законот предвидува дури и уште една плата да се земе за оние најдобрите итн. тоа го немеше во времето кога јас работев и сигурно и вие кога сте работеле.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Реплика има госпоѓа Казанџиска Билјана, повелете.

Билјана Казанџиска: Благодарам претседателе.

Колега ќе започнам таму каде што вие завршивте со контра репликата на мојата колешка Станка. Сакам да ве потстетам дека ова е Парламент и вие треба да зборувате за сите јавни здравствени установи , а не само за градот од каде доаѓате. До колку сте во Совет на општина тогаш ќе се грижите за локалните интереси, а овде ќе се грижите за државните интереси. Колега Пачков воопшто не слушнав ниту збор за да одбраните Законот за здравствена заштита освен образложението како течела дискусијата на Комисијата и како технички амандмани биле усвоени од опозицијата. Ова докажува дека вие суштинските амандмани воопшто не ги земавте во предвид, а исто така и бројот на поднесени амандмани покажува колку е фаличен законот.

Уште нешто сум многу изненадена колега од ваша страна вие се изјаснувате како прв синдикалец меѓу медицинските работници, а сега овде од оваа говорница велите оставете го синдикатот сам да си ја води својата борба. Колега Пачков вие воопшто не го зедовте во предвид мислењето на синдикатот, мислењето на оние што вие до вчера сте ги застапувале пред да дојдете во овие собранискиклупи и колега Пачков вие со вашиот глас ќе допринесете вашите колеги да земаат плата по учинок, да бидат јавни службеници.

Понатаму ќе дозволите со членот 259 според кој кога и на вас овде ќе ви заврши мандатот и вие нема да можете да бидете дел од Лекарската комора. Исто така се сложувате да економскиот директор зема двојно поголема плата ода вашата како лекар специлајист.

Понатаму се сложувате вашите колеги од јавните здравствени установи работат во ненормални услови, во никакви услови. Со вашето притискање на копчето се сложувате со сето ова. И што е многу важно колега, не кажавте ниту збор дека вашите колеги нема да бидат јавни службеници, вие кои го браните интересот на здравствените работници претставувајќи се како синдикален лидер. Колега Пачков, дали сметате дека беше реформа во 2007 година кога оваа Влада донесе одлука за раздвојување на Клинички и кога со оваа одлука долгот порасна и до 50 милиони или со двојните директори порасна 50 милиони евра долгот. Сега со овој закон се дозволува пак да се спои Клинички. Па колеги изјаснете се кога беше реформа, дали во 2007 година или сега со овој закон. овие реформи што ги спроведувате во здравството носат само лошо од само назадување во здравствениот систем во Република Македонија. Никакво подобрување ниту за лекарите, ниту за пациентите.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Пачков Јордан има контра реплика, повелете.

Јордан Пачков: Значи и понатаму не отстапувате да ја искористите тематиката на денешната дебата за она што треба суштински да дебатираме. користите сега можност се враќаме сега на рефирмите итн.

Знаете ли каде е грешката во реформите, од 1991 година .....

(Билјана Казанџиска од место - не од 903)

Па, 903 ама тогаш вие, тој предлог. вчера слушавме носталгични, југоносталгични моменти за здравството во бивша Југославија итн.

(реакција на пратениците од опозицијата)

Трајко Вељаноски: Колеги ве молам да се сослушаме.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Пачков Јордан има контра реплика, повелете.

Јордан Пачков: Наместо да дискутираме за конкретни забелешки...

Трајко Вељаноски: Колега Пачков, може ли да ме сослушате мене.

Колеги, не би сакал да го споменувам по имиња личностите што дрфрлуваат од место, некоректно, не е во ред, господинот Пачков слушаше внимателно кога реплицираа и сега да бидеме коректни.

Јордан Пачков: И затоа ќе ве молам дискутирајте за ова што го дискутираме и немојте со она според синдикатите, според синдикатите. Јас сум били синдикалец и прашајет ги како сум ги застапувал интересите. Сега сум политичар и затоа ме чуди. Немојте компарации да правите со Штип и со Куманово и што она што нема врска со ова што денеска го дискутираме. Не давате придонес за донесување на вакви закони. тоа е таа фама што вие сакате да ја пренесете, односно тоа е таа дилема што вие ја стварате помеѓу граѓаните. Бидете коректни. Никогаш јас, во ниеден наврат, колку сум во Парламенто не сум реагирал на дискусија на колега, ве молам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Реплика има госпоѓа, повелете.

Дивна Ефтимовска Јовковска : Благодарам претседателе.

Колега Пачков, во неколку наврати до сега го потенцирате вашиот синдикален ангажман и во една претходна реплика бевте прозван токму заради вашиот синдикален ангажман. Синдикалното ангажирање се темели на солидарност. До колку денес го притиснете зеленото копче и гласате за Законот за здравствена заштита тоа значи дека работите против интересите на лекарската фела против интересите на вашите колеги и вашиот синдикален ангажман станува симпоматичен. Во вашата дискусија на повеќе наврати споменавте дека законот е солиден. Она заради кое што јас не се согласувам со вашата констатација е што при постоечка стратегија за развој на здравството која важи до 2020 година, при постоечка таканаречена зелена книга во која се содржни релеватни мислења на признати стружњаци во од различни области при фала Богу здрави и живи реномирани лекари и професори по медицински науки, правни експерти и струкови здруженија, од кои добивме реакции при достапни искуства од соседството и европските земји, вие без никого да послушате ги зедовте во предвид само едната обична и втората проширена и надградена преродба и манифестот од последните избори и сте напишеле закон.

Понатаму обемноста која само по себе не одразува ниту сериозност, ниту квалитет на ново понудените решенија, туку има повторување на одредби и со други закони кои што се можеби устав за некоја друга област, а имаат примена во одреден сегмент и во здравството. Во тој случај оваа постапка, оваа обемност на материјата не кажува ништо друго освен една нормативна неписменост, сегментарен и несеофатен пристап кон материјата.

Не може а да не се забележи и во овој предлог закон, уште една владина опцесија толку пати потенцирана од што не е исклучок и овој закон. казни за непослушните. Од закон на закон, полека но сигурно казнувањето ни станува единствена и главна алатка во државата.

На крај се трудите ое петни жили да не убедите сиет да гледаме онака како што вие гледате со розови очила и во тој случај не во останува ништо друго освен да ви дадам еден едноставен совет. Наместо да се мачите да пишувате секакви закони, место да талкате по решенија предложете еден закон во кој строго ќе им забраните на луѓето да се разболуваат, задолжете го Господ да ни даде здравје на сите нас, па да се на раат и министрите и премиерот, да немаат повеќе гајлиња за пари, ниту за опрема, ниту за скапи лекови и операции.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Пачков Јордан има контра реплика, повелете.

Јордан Пачков: Благодарам колешке за репликата.

Повторно истата констатација. Ние овде дискутураме за закон за здравствена заштита. Со сила сакате да вметнете закон за доктори. Ќе го донесеме и тој закон, па тогаш ќе почнеме. Куќата се гради од темел. Рековме дека ова е фундамент за она што значи здравство, кажете ми вие една Влада или држава во опкружување која што нема проблеми со здравствената заштита.

Што се однесува до синдикатот сакате ли да ме скарате со синдикалците. Сум бил, сега не сум синдикалец избришете го тоа. Сега застапувам политичка опција која што се грижи не само за синдикалцит, туку за целата фела...

(Дофрлување на некои пратеници од место)

Колега Менде ќе ве молам,

Значи на сите да им го пружи она што ние сметаме дека е најдоброто. На крајот на краиштата изборите ќе кажат дали сме биле во право или не.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Има збор господинот Оливер Спасовски, повелете.

Оливер Спасовски: Благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Сега водиме расправа повторно околу законот за здравствена заштита што предизвикува сериозно внимание затоа што еден од сегментите во општеството кој што ги тангира сите граѓани. Од

тој аспект мислам дека многу добро е секој пратеник кој што ги застапува граѓаните во Република Македонија да даде едно сопствено мислење пред се тргнувајќи од практичен аспетктот во делот на здравствената заштита.

Може да се констатира, а тоа и во општата расправа го констатиравме, а тоа е дека носењето на овој круцијален закон воопшто, или какло што се нарекува устав во здравството не доби сеопфатната подрґшка од сите структури, пред се оние кои што се дел од здравствениот систем, здравствена фела, здравствената комора итн.

И тогаш во кажав и сега во кажувам дека останавте сами во отаа борба за носење на овој Закон за здравствена заштита односно не сами ако ги сметате колегите пратеници од ВМРО ДПМНЕ кои што даваат подршка на законското решение од кое што не се гледа дека нуди еден концепт каде и во кој правец треба да се движи здравството во Република Македонија.

Мислев дека и после 6, еве седма година сте власт во Република Македонија ќе направевте конечно концепт каде ќе треба конечно да се движи здравството. Наброивте многу аномалии кои што до сега биле во здравството и сега ќе понудите соодветни решенија на овие проблеми. Токму најголемите проблеми таму каде што се создаваат во делот на здравството, за кој што и вие како министер кој што сега го преземавте ресорот здравство најавивте дека сериозно ќе се справите со овие проблеми остануваат и понатаму во предложениот законски текст.

Повторно мислам дека со носењето на ова законско решение ќе имаме години во кои што ќе констатирале само дека не сме го земале вистинскиот правец во здравството и повторно ќе се нудат некакви си концепти и се така во недоглед на штета и на грбот на граѓаните на Република Македонија. Ништо конкретно не се презема во ниту една сфера. Ниту во консолодација на Фондот за здравствено осигурување, не знам во кои други сегменти се, иако не се регулираат како шти и сами каќавте и со ова законско решение, ниту со законските пакети, меѓутоа тоа се работи кои што се евредни да се споменат.

Ќе набројам само неколку работи за кои што сметам дека сериозно требаше да се размисли во текот на носењето на ова законско решение и да ги отстраниме недостатоците кои што ги има.

Јас не можам да сфатам дека се водите слепо од принципот на врзан потпис кој што го наметна Владата на ВМРО ДПМНЕ, а концептот не дава никакви ефекти. Никакви ефекти апсолутно, заради тоа што гледаме дека се соочуваме сепак со сериозни финансиски проблеми во здравствени установи со поголем недостаток од лекарства и други медицински потреби кои што ги имаат пациентите. Каде да отидете во било која болница, прво ќе мора да си купите се ви треба за да може да бидете лекувани. Дури и ако останете во болници ќе треба да нисите од дома некои потреби.

Сега се поставува сериозно прашање зошто го држиме овој концепт на врзан потпис. Дали не можете да им кажете на оние економски директори кои што ги поставивте за директори како партиски кадар дека треба да заминат или немате место каде да ги сместите. Јас тврдам дека само се носат и се прават трошоци со новите функции без при тоа да имаме некакви сериозни ефекти. Сите укажуваат дека има сериозен криминал во здравствените установо во Република Македонија, сите до еден за да на крајот сега и вие излезете и кажате да има криминал во здравствените установи во Република Македонија и сега сум јас тој кој што ќе го расчистам овој криминал. Сега нудите решение. Еве ќе понудам решение пред македонската јавност како министер за здравство како да го спречам криминалот во Република Македонија. Гледајте, денеска во Вечер излегува натпис од денеска нови мерки на министерот за здравство. Јавните набавки во здравството целосно електронски. Што мислите дека правите пред македонската јавност со едни вакви изјави. Тоа не се нови мерки кои што вие ги донесувате сега за да го спасите здравствениот систем од криминалот кој што се прави. Врз основа на Законот за јавни набавки од први јануари оваа година сите јавни набавки електронски треба да се спроведуваат. Тоа е според Законот за јавни набавки, а не според тоа вие што сте го кажале од денес сите ќе спроведувате електронски јавни набавки. Земете си го Законот за јавни набавки, посоветувајте се со луѓето кои што се стручни за таа работа ќе ви кажат дека е така. Сите јавни набавки од први јануари 2012 година се спроведуваат електронски, или треба да се спроведуваат електронски.

Јас сега поставувам прашање зошто не сте го почитувале вие во Министерството за здравство овој принцип на спроведување на јавни набавки, туку си спроведувал секој како што сака. И не е доволно да излезете само и да кажете дека јас открив дека има криминал во здравството.Тоа е исто како да влезете во училница со ученици да кажете па овде има ученици. Па што очекувте да има. Тоа цела Македонија го знае.

Вториот дел, формирањето на здравственат мрежа. Не се усвои барањето на СДСМ да тоа се прави преку Собранието да имаме поголема транспарентност итн., мислам дека она што треба да го направи Владата преку формирање на таа здравствена мрежа, прво ќе останат еден голем број на население кои што нема да бидат покриени со основна здравствена заштита, заради тоа што во најголем дел на руралните средини немаме здравствени установи кои што функционираат. И, врз основа на ова што се пишува овде во Законот, тие не можат да влезат во здравствената мрежа. Еве ви пример, Општина Старо Нагоричани има 5 илјади жители нема здравствена установа. Како ќе влезе, во која здравствена мрежа ќе влезат тие луѓе, или

дај ќе ги оствиме тие 5 илјади жители нека се снаоѓаат како знаат и умеат и ќе доаѓаат во Куманово, во Скопје и не знам каде.

Сериозно прашње кое што може да се отвори овде, како правно прашање, тоа е, што ќе биде со оние кои што поднесоа барање до Фондот за здравствено осигурување, а ги исполнуваат условите за соработка со Фондот здравствено осигурување да потпишат договор до 31.12.2011 година, и нивните документи сега чекаат на постапка. Што понатаму? Тие не можат да влезат во здравствената мрежа, ќе останат надвор, иако поднеле докумнти во период кога овој закон не е на важност. И се поставува прашње дали ќе се отворат и управни спорови кои што ќе ги покренат овие луѓе и ќе имаме доволно работа пред Управниот суд во однос на владеењето на целата оваа постапка. Мислам дека и за овој факт во кој што во вашите програми во сите од 2006 година, кажувавте дека ќе имаме бесплатно здравство, ќе имаме покриеност на терен за секој граѓанин на Република Македонија, работите спротивно на концептот.

Не се продавајте за Влада која што е Влада на солидарност и се грижи подеднакво за сите во Република Македонија, дека за сите обезбедува здравствени услуги, не е така на терен. Не е така. Не знам од кои причини. Меѓутоа вие си градите комерцијално здравство, и немој да ви биде криво сега кога кажуваат сите што зборат, па на крајот и вие констатирате дека има многу криминал и дека се работи со многу проценти во здравствениот дел. Мислам дека и таа скриена варијанта која што остана како јавна служба во која што дефинирате, а подоцна ќе ги дефинирате и лекарите како јавни службеници, стои, тоа останува да го видиме, јас лично не се согласувам дека здравствените работници треба да останат јавна служба во Република Македонија, тоа сега е дефинирано така како што е дефинирано, меѓутоа, немој да испадне пак како со носењето на државните јавни службеници, па слушаме сега, по сите институции, колку вработени ќе треба да се селат во друга институција заради тоа што нема работа, мора да отидете од Македонијапат, мора да отидете од Македонски железици, мора од оваму, мора од онаму, ќе ги селите на едно, друго или на трето место.

И на крајот работата според учинок. Никој гарантираната плата од 100% не смее во Република Македонија да ја намалува. Никој. Освен ако не се води дисциплинска постапка за повреда на работниот однос. Никој. А ако мислите дека она што беше пример во Куманово ќе го правите во цела Република Македонија, апсолутно нема да поминува. Нема да има никој разбирање за тоа дека вие немате пари во буџетот на Фондот за здравствено осигурување. Дека воопшто како држава немате концепт како да ја извадите Република Македонија од перидо во финансиска криза и на секој начин и во секој момент удирате врз грбот на граѓаните, врз грбот на пациентите како што е ова.

Затоа господине министре, очекував сериозно дека ќе понудите концепт за здравство и вашиот наводен елан и ентузијазам кој што го имавте за изградба на сериозен здравствен систем паѓа во вода со ова што денеска го носите.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

За реплика е пријавен министерот за здравство, повелете.

Никола Тодоровски: Господине Спасовски, ВМРО ДПМНЕ на власт е 6 години, не е 60. Па не заборавија граѓаните зобрите за скапи лекови. Да ви кажам колку беа маржите на лекови кога беше СДСМ ја раководеше Владата, 300 до 500%. И вие сега најдовте и имате лице да зборите за скапи лекови, немојте бе господине Спасовски така, не ја потценувајте ја интелигенцијата на овој народ. 300 до 500%.

Втора работа, зборите сум се борел со некој криминал, цитирате Вечер кажа дека ќе бидат електронски целосно набавките. И тоа било законски. Законот мене ме упатувате да го прочитам, а вие не сте го прочитале. Има две работи ајде ќе ви ги кажам.

Првата е, да идеме со харткопи понуди, значи доставуваат понудии во харткопи, а потоа набавката завршува со електронска аукција, или набавката се спроведува целосно електронски и завршува со електронска аукција. Две постапки. Е јас викам не првата нема да ја има, ќе има само втората. Прочитајте го законот, немојте така на памет да зборите.

Прва работа, сега ќе ви кажам и зошто и што е крупна работа која што сакам да ја спречам сега. Што констатирав. Голем број на компании, учествуваат на тендерн со иста цена. Тоа по законот за заштита на конкуренција е фиксирање на цената или картонско здружувње или монополско здружување. Против тоа сакам да се борам, затоа што тоа сметам дека ни цепка еден добар дел од средствата што ги имаме во здравството имаме 450 милиони евра. Сметам дека имаме доволно средства, но мислам дека непотребно се трошат. Е сега, што е мојот предлог и што е новата мерка? Новата мерка е секогаш кога има целосно електронска набавка од системот може да се види кој прв ја поднел понудата. И јас викам вака, секогаш во тендерската документација треба да стои дека секогаш кога ќе има иста цена што имплицира на тоа дека има усогласено делување на економските оператори заради фиксирање на цената, прочитајте го Законот за заштита на конкуренција, тогаш ќе се избере оној понудувач кој прв ја поднел понудата. Доколку не е целосно електронска 100% таа обврска во Законот заврши со електронска опција, доколку не е целосна електронска, тогаш велам задолжително во тендерска документација да стои,дека пошто не може да се утврди кој прв поднел понуда, како што има случај вика кога се обидувме вака, ни дојдоа четири компании заедно во архива, ај кој прв сега ќе пишете. Тогаш викам ќе се избере најповолен понудувач во присуство на двете,

трите, или четирите компании кои поднеле иста цена. Ако не дојдат, пошто сакаат да ја спречат таа процедура, тоа да се направи во комисија составена од 5 лица вработени во здравствената установа кои за тоа ќе направат посебен записник. Тоа е начин да се борам против виксирање на цена. Поднесување на иста цена заради усогласено делување на економските оператори. Ограничување на конкуренција. Најбитна работа во пазарно општество.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Контра реплика господинот Спасовски Оливер, повелете.

Оливер Спасовски: Господине министре, ВМРО ДПМНЕ е 6 години на власт, направи катастрофална штета на Македонија како 60 години да е на власт. Толку е штетата.

Втора работа, па тоа ви го кажувам,ништо ново не измислувате и не ја замајувајте македонската јавност дека вие нешто сте направиле. Законот го нуди тоа што го нудите и што давате директива на здравствените работници.

Трета работа, каде се директорите да ги видиме врзани со лисици да ги носите во суд, што нарпавиле криминал, или доволно е, дај ќе ги смениме малку понастрана ќе ги ставиме заради тоа што одработија дел од финансиски средства со кои ја плаќаме кампањата на ВМРО ДПМНЕ.

И на крајот пошто сте генијалец и преземате се на себе како јавни набавки, ако ви се случат катастрофи, како што беше со индиските вакцини и со се друго, ќе си поднесете оставка, ќе кажете пред македонската јавност дека згрешивте или повторно ќе се криете, или вас ќе ве сменат за да ве заштитат на страна и за тоа никој нема да одговара.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Контра реплика господинот Ѓорчев Владимир, повелете.

Владимир Ѓорчев: Благодарам госпоѓо потпетседател.

Почитувана потпретседателке, колеги пратеници и претставници на Владата,

Господине Спасовски има неколку работи кои што се во овој дел особено важни, а треба да се нагласат.

Прво, господине Спасовски дали овој министер и оваа Влада ги намали цените на лековите? Да овој министер, оваа Влада ги намали цените на лековите. Нешто што порано чинело 1100 денари, сега чини 250 денари, нешто што чинело 800 денари сега чини 220 денари и тоа се работи за цени на 100-тици, 100-тици лекови, мислам дека вкупната бројка е некаде околу 1300 лекови. Тоа е една работа.

Втора работа. Ако сакате да зборувате за најцрниот период на македонското здравство, најцирниот период на македонското здравство е од 1992 до 1998 година. Господине Спасовски, од 1992 до 1998 година, за време на првата влада на Бранко Црвенковски, кога бројот на невработени во Македонијај се зголеми за 200 илјади. 200 илјади луѓе беа отпуштени тогаш, во тие околости немаше потреба според закон да се распише тендер. Немаше тендери, не постоеше тендерот како концепт. Во тоа време нас ни се случуваа и Борче Петровски и Игнатие Богдановски и некои други што не ги знаеме. Господине Спасовски во тоа време немаше потреба да се одржи тендер, не само во здравството и во грдежништвото и за патиштата, немаше потреба за било какви тендери на нив на Република Македонија. Таа работа беше „законски покриена“како што всушност ја напрвивте и приватизцијата.

Владата од 2002 до 2006 година има нова инвестиција и после 15 септември, вработување по еден од секое семејство има нула инветиции опрема, а од 2006 до 2010 година тие инвестиции се некаде околу 90 милиони евра. Понатаму, инвестиции во реконструкции 300 милиони евра. Со 0,3 милиони евра. Друга споредба можеме да направиме во комјутеризцијата 0,1 милион евр сте вложиле во кмпјутеризација, сега 15 милиони и тој тренд и понатаму продолжува. Значи овој концепт на министерот и на Владата на Република Македонија кој е поддржан имаме и отварање на амбуланти во руралните среди и помош на повеќе медицински центри и болници. Затоа овој дел на реформите во здравството законски треба да се поддржи.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Контра реплика господинот Спасовски Оливер, повелете.

Оливер Спасовски: Господине Ѓорчев, имавме ние информација за здравството. Аргументите што тогаш ги нудевте, мислевте дека недоволно јавноста ги прифати, па ајде уште еднаш да ги повториме. Ајде да ги повториме.

За 6 години власт на ВМРО ДПМНЕ еве што направи: Го растури клиничкит центар во Република Македонија, хаос во секоја сфера од здравствениот систем, намалување на лекови, ама добар дел, тие што беа по 100 денари, сега чинат по 500, по илјада, по 3 илјади денари и со тоа компензирате. Тоа го знаат пациентите, не морам ва да ве убедувам.

Втор пример вакцините за ХПВ и за свински грип кои беа набавени од веледрогерија каде што работи првиот венчален кум на Груевски, сег со милиони евра што чинеа, ставени се на депонии. Убедувате дека тоа е добро за граѓаните, ама изгледа е добро само за касата и џебовите на ВМРО ДПМНЕ.

Само уште еден податок, набавивте опрема, меѓутоа 27 милиони евра паоскапо од било кој друг да набавувал и во било кое време. Тие 27 милиони евр ги ставате во џебовите. Тоа се тие криминали за кои говори вашиот министер.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Колеги да се држиме за точката на дневен ред и во говорите, и во репликите и во контрарепликите.

За реплика е пријавен господинот Миле Пачемски, повелете.

Миле Пачемски: Благодарам.

Колега Спасовски овој закон нуди еден нов модел и концепт на здравствена заштита и здравствен систем во Републиката. Дали тој концепт ќе биде добар, подобар или помалку добар зависи од две работи. Првата работа е финансиската моќ на државата, посебно на институциите кои го финансираат овој здравствен систем. Знаете дека тој се финансира воглавно преку Фондот за здравство.

Вториот момент што го нуди овој закон е организациската поставеност на здравствениот систем. Токму овој закон овде нуди бројни новини кои гарантираат еден нов модел и концепт што гарантира поквалитетна здравствена заштита во Република Македонија. Имено, знаете дека институтот листа на чекање кој почна да функционира, со сите свои слабости, меѓутоа, во иднина ќе биде и те како важна работа во системот на здравствена заштита. Впрочем, овој систем веќе функционира во приватните болници во Република Македонија. Таму пациентите одат на закажани прегледи, не чекаат м ногу. Таков систем функционира и во примарната здравствена заштиа кај избраните лекари и таму немаме гужви. Таму имаме задоволни лекари и задоволни пациенти. Платите се големи во приватните болнички установи.

Сега, овој здравствен систем сака ова да го копира, да го направи и во ЈЗУ. Тоа се обидуваме да го напрвиме преку овој нов модел на здравствена заштита.

Друго што сакам да кажам е дека се формира Агенција за акредитација на здравствените установи. Таа агенција има големо овластување во поглед на нудење на подобар квалитет на здравствени услуги во здравствените устајови. Се дава ново овластување на Лекарската комора. Таа нема веќе да биде само институција која дава, одзема, продолжува лиценци за работа, туку таа ќе се грижи и ќе го оценува квалитетот на работата на здравст вените работници. Тоа ни гарантира дека ќе имаме добар квалитет од досегашниот.

Спомнавте за мрежата. До сега критикувавте зошто нема мрежа на здравствени устанви. Сега, ја има мрежата, па велите таа не чии. Значи, повторно таа мрежа на здравствени установи се креира врз база на финансискат моќ, пред се на Фондот за здравство. Тие што ќе бидат во мрежат тие ќе работат со Фондот за здравство.

Ги спомнавте вакцините. Ги набавивте вакцините и за ХПВ и за Свински грип. Ако не ги набавевме тогаш ќе критикувавте зошт пак не ги набавивте. Никако да ви се погоди.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Контра реплика господинот Спасовски Оливер, повелете.

Оливер Спасовски: Ве слушам како пред 6 години кога се носеше Законот за растурање на клиничкиот центар. Излегувавте овде на говорница и кажувавте ние нудиме нов концепт во здравството. Сега после 6 години пак излегувате и велите ние нудиме нов концепт во здравството, но, ќе видиме како ќе профункционира. Ниту ние ниту било кој во Република Македонија нема време веќе да ве чека да види како ќе функционира нешто, тука веднаш барате алиби и велите има два услови како ќе профункционира здравствениот концепт. Прво е финансиската моќ на државата, а знаеме дека таа е во катастрофална состојба. Сега сакате да кажете дека зарди тоа што нема финансиски средства не може да ви профункционира концептот, тоа е прва работа.

Втора, пред година дена од страна на СДСМ се нудеше акредитација на здравствените установи со закон. Ако толку сакавте тоа да се напрви, зошо тогаш тоа не го направивте, зошто после година ипол и сега ќе чекаме дополнително време да профункционира нешт во Република Македонија.

Што се однесува за ХПВ вакцините и за вакцините за свински грип, тоа е чист криминал за кое вие треба да носите одговроност, ВМРО.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Збор има господинот Митре Велјаноски, повелете.

Мите Велјаноски: Благодарам.

Претходиот министер Бујар Османи буквално секој ден беше во македонските медиуми, секој ден кажуваше ова е реформа, тоа го правеше и тогаш кога зборуваше за растурњето на клиничкиот центар и тогаш кога се затвараше детската специјална болница во Охрид, и тогаш кога се рушеше општата болница во Охрид, и тогаш кога две години 60 илјади граѓани на Охрид се оставија без елементарна здравствена заштита. Секој ден бевме сведоци на „успешните“ реформски зафати во здравството, илјадници такви случаи. И дојде новиот министер, почитуваниот господин Тодоров некаде директно, некаде индиректно кажа: другари, работата во здравството не ни чини. Зборот лебарки, зборот афери, зборот незаконски работења во здравството беа зборови на почитуваниот министер за здравство. Индиректно со комплет новиот закон за здравствена заштита за кој разговараме повеќе од месец и половина, говори сам по себе дека работите во здравството не ни чинат. И сега доаѓаме повторно да кажуваме, го носиме фундаментот на здравствената заштита во Република Македонија. Секој граѓанин на оваа држава ќе постави едно прашање, што правевме во овие 6 години додека не убедувавте дека го реформираме здравството во Република Македонија. Неверувам дека има еден граѓанин во Република Македонија кој на директното прашање, дали е задоволен од јавното здравство во Република Македонија, ќе одговори потврдно. Неверувам дека најмалку 80% од здравствените работници во Република Македонија на истото

прашање ќе одговорат дека се задоволни од јавното здравство во Република Македонија. Сите сме сведоци како од ден на ден експертите, професорите, универзитетските доктори во кои оваа држава инвестирала огромни пари, бидејќи најголемиот квалитет во здравството е стручноста, а не реновирањето на помошните простории, или останатите технички зафати за кои почитуваниот пратеник Владимир Ѓорчев со бројки не бомбадира од оваа говорница. Се доведуваат во прашање многу универзитетски клиники да го изгубат тој статус заради тоа што немаат универзитетски професори да работат на нив. Сите заминаа во приватните здравствени институции и секој граѓанин во Република Македонија знае дека доколку сака да добие соодветна здравствена заштита ќе ја избере приватната, а нема да ја избере јавната здравствена институција. Тоа се факти. Од нив не можеме да побегнеме никој. До 2006 година не беше така. На секоја клиника имаше универзитетски професори со нивното драгоцено искуство во кое ќе повторам инвестирала и Република Македонија. И ако се направи сега споредба од почитуваниот пратеник две бројки Марјанчо Николов што ги истакна дека до 2006 година од Буџетот на Република Македонија во ФЗО се издвојувале 122 милиони денари, во 2012 се издвојуваат 4,5 милијарди денари. Тоа е за 36 пати повеќе. По некоја проста логика со волку повеќе пари логички е да има барем малку подобри здравствени услуги во јавното здравство. За жал, не е така. Сите имате некој пријател, или роднина, не дај Боже кога ќе дојде во прашање здравството, се одлучуваат да одат во приватните, но тие коштаат. И се поставува едно суштинско прашање, во услови на сиромашна држава што со оние преку 32% кои не можат да си дозволат ваква здравствена заштита. Сите сме сведоци дека многу луѓе во болниците од дома си носеа кебиња и уште си носат, од дома си носеа калорифери и уште си носат, од аптеките приватно си купуваа инекции и други инфузии и друг лекарски материјал. Тоа е реалсноста. Дали некој со бројки ќе не разубедува во другото, тоа е негова работа. И сега почитуваниот министер доаѓа со предлог здравствената фела, лекарските комори, Стоматолошката комора и многу експерти во тој дел сугерираат дека доколку имаме навистина намера да направиме добро, подобро јавно здравство, дека многу работи треба да се променат. Преку 170 амандмани се поднесени во соработка со тие луѓе кои верувам повеќе разбираат за здравството отколку пратениците во овој Парламент. Верувам дека и од министерот разбираат повеќе, дека министерот е правник по струка, а не е лекар. Доколку парцијално дел по дел се осврнуваме на работите тогаш сите ќе бидеме во право и вие и ние. Но, на штета на подобрување на квалитетот на здравствената заштита во Република Македонија. Нашата намера беше многу искрена и со јавната расправа што ја свика претседателот на Комисијата за здравство да се направи подобар закон за подобар квалитет во јавното здравство со кое сите би се гордееле. За жал, се немаше слух, се настапува со голема доза на арогантност, со голема доза на самобендисаност, туѓите мислења не се почитувани. И повторно почитуваниот министер се обидува нешто што навистина апсолутно не држи, еве последно. Со враќањето на набавките на болниците на Министерството за здравство. Тоа почитуван министер е ретроградeн процес, како сакате вие можете да го кажете, како сакате можете да го крстите. Во времето на најтврдиот социјализам во Југославија во Марксистичката филозофија постоеше термин, одумирање на државата. Институциите треба да ја добиваат автономијата нормално согласно законите. Како сега ќе го објасните вработувањето на вториот директор, економскиот директор, а се централизираат јавните набавки од институциите. Дали е тоа недоверба во кадарот кој вие го инсталирате, или е тоа друга намера. Навистина е друга намера. Тоа е моќ и власт. Владата е олицетворение на државата. Дражавата функционира преку Владата. Целта на македонското општество, државата и Владата да ја дисперзира власта и моќта, да ја децентрализира. Институциите треба да добиваат автономија. И сега министерот во неговата, не спорам, можеби вие сте најчесниот човек во оваа држава. Но, почитуван министер, вие сте еден. Тоа се вика апсолутна моќ и апсолутна власт. И за тоа не убедувате што пишувале медиумите. Многу чисто и јасно пишуваат, министерството ќе располага со сите пари. Каде е децентрализацијата, каде е автономијата. Така ли ова општество оди напред, или назад го враќа. Натаму, не убедувате вие по 30 пати во законот останува дека здравствените работници се јавни службеници и стојам на вашиот збор, еве го тој збор, само еден пример, вчера Парламентот изгласа да се прославува 100 години од знамето, денеска во весниците читаме дека тоа нема да се направи, цитираат изјава од координаторката на пратеничката група. Благодарам.

Светлана Јакимовска: За реплика е пријавен министерот за здравство, повелете.

Никола Тодоров: Благодарам.

Почитуван пратеник, гледам дека сте биле најдобар во класот по марксизам и ги знаете овие термини на деетатизација, меѓутоа веројатно сте го пропуштиле тој делот на економија, па морам да ви објаснам за тоа еден дел.

Кога станува збор за групните набавки не можете да кажете дека станува збор за ретроградeн процес. Порано, ако мислите на Клиничкиот центар дека во него се набавувало се на куп, а потоа тој е расцепкан, па сега се набавува пооделно, јас кога зборам за групни набавки не зборам за набавки само на Клиничкиот центар, јас зборам за групни набавки на територија на цела Македонија. А тоа сакам да го направам заради економија од обем. Значи, што треба да се постигне, не дали ќе имаат работа менаџерите или ќе немаат работа. Не е прашање дали се тие

способни да ја завршат таа работа или не се способни да ја завршат таа работа. Прашање е дали како резултат на поголем квантитет на набавка ќе се добие пониска цена. Идејата е преку групирање на набавките, нешто што се прави и во Германија, тие немале никаква етатизација, деетатизација, не проминале низ тој период на длабок социјализам или не знам како го нарековте, па тоа го прават. Таму прават набавки од стотици милијарди евра. Групни набавки за повеќе болници за кои немаат врска една со друга, дури приватни болници меѓусебно се договараат и одбираат централно тело за набавка за да успеат да ја спуштат цената на продуктите и на тој начин да ги намалат трошоците на работењето. Значи тоа нема врска со способноста или неспособноста на менаџерите, па зарем тие менаџери на големи германски болници се неспособни и не можат сами да ја спроведат набавката. Прашањето не е тоа. Прашањето е, дали преку групирање на набавката ќе се постигне пониска цена заради зголемен квантитет на набавка. И како тоа ќе влијае на трошоците. Затоа што суштината на еден добар менаџер е да размислува да ги намалува трошоците на работењето за да може парите кои што ќе ги заштеди да ги реалоцира за развој на институцијата. Тоа е суштината на доброто менаџирање. Не станува збор за способност, или неспособност на некој менаџер. Станува збор за друг концепт. Ќе го провериме концептот, не сакам да управувам со сите пари. Тоа е една главоболка повеќе за мене. Значи, ќе го провериме концептот, да видиме со леките како ќе профункционира. Пред некој ден заврши процесот на доставување на понуди. Најефтината сума, односно почетната цена на нагативното надавање ќе биде најактивната постигната цена до сега во Македонија на леќи. Очекувам многу поевтина цена.

Светлана Јакимовска: Контра реплика господинот Митре Велјаноски, повелете.

Митре Велјаноски: Почитуван министер,

Вие дадовте одговор на она што се обидуваме постојано да ви го соопштиме од оваа говорница. Ќе провериме како ќе профункционира. Тука е проблемот почитуван министер. Тоа ќе провериме и ќе видиме, тоа е таа политика против која не се согласуваме почитуван министер. Нема оваа држава такви ресурси за експериментални политики. Истото почитуван министер, со сета почит исто такви експериментални политики имавте во делот на образование. Последиците ќе дојдат подоцна. Ние сакаме без да провериме да ја послушаме струката и од нивните искуства да земеме пример, а не да водиме експериментална политика. Тоа е соодетно и на вашата младост, но оваа држава премногу ја чинат сите тие експерименти.

Светлана Јакимовска: За реплика е пријавен господинот Харалампие Шокаровски, повелете.

Харалампие Шокаровски: Колега Велјаноски, ја спомнавте довербата на граѓаните во здравството. пред некој ден по медиумите имаше објавено анкета што се однесува до довербата на граѓаните и теи велат 60% од нив одговориле дека имаат најголема довераба власта да раководи со здравството, а само 26% од нив одговориле дека имаат доверба да раководи опозицијата. Па видете сега каде е довербата? Нема да се осврнам на другите делови од вашата дебата, мислам министерот ви даде одговор по однос на јавните набавки. Во однос на настапот за Охрид. Мислев дека поинаку ќе настапите и дека ќе ја пофалите динамиката со која се работи сега реконструкцијата на општата болница таму. Ние имавме доблест ги констатиравме и ги остстранивме пречките кои беа за реконструкција и пред некој ден и лично бев сведок како добро и брзо оди таа реконструкција. Мислев ќе говорите за здравствената опрема која што е дадена од Владата на Република Македонија и е инсталирана и е во употреба за сите здравствени институции. Веќе кога не говоревте за законот, мислев дека доблесно е барем за овие работи да ги констатирате во вашата дискусија по однос на охридското здравство. Со оглед на тоа дека во Охрид сте и локална власт, мислам доблесно од вас ќе беше да кажете дека после 7 години владење на СДСМ во Охрид ниедна инвестиција не е овозможена од локалната власт. Бидете доблесни, барем констатирајте ги обострано со истата вжештеност говорете и за нереализираните инвестиции од СДСМ, бидејќи таму имате локална власт. Ние ги констатираме и ги исправаме. Можеби задоцнивме со реконструкцијата, меѓутоа таа се одвива и таа во предвидениот рок ќе заврши. Затоа после неколку месеци ќе ми биде чест заедно да одиме на отворањето на новата болница и да го пофалиме Охрид кога ќе има еден регионален здравствен цетар. Благодарам.

Светлана Јакимовска: Контра реплика господинот Митре Велјаноски, повелете.

Митре Велјаноски: Почитуван пратеник, тогаш кога Охрид ќе има таков регионален центар заедно ќе одиме и ќе пофалиме. Но, сега почитуван пратеник вие бевте тој што требаше во овие две години да критикувате зошто сега охриѓани немаат елементарна здравствена заштита. Јас сметам дека ние треба да одговараме на прашањата сега и овде. Јас имам токму таква доблест, ќе кажам. Но, кој ќе ја понесе одговорноста за тоа што луѓето останаа без елементарна здравствена заштита. Некои луѓе и животот го загубија, но никој тоа не може да го докаже дека токму заради тоа. Почитуван пратеник, реално состојбата во здравството во Република Македонија не ни е добра. Сите треба да направиме напор да се подобри. Сите знаеме каде луѓето се обраќаат кога ќе дојдат во тешка ситуација. Благодарам.

Светлана Јакимовска: Благодарам и јас.

Колеги, пред да продолжиме со дискусија по дополнетиот предлог на законот за здравствена заштита, би сакала да апелирам до сите оние кои што ќе продолжат да дискутираат по дополнетиот предлог на закон за здравствена заштита и на сите оние кои што ќе реплицираат на говорницата, да се задржиме на дополнетиот Предлог на закон за здравствена заштита кој што има 53 члена изменети во основниот предлог на закон за здравствена заштита. До сега дискусиите беа по општата расправа по Предлогот на законот. Но тоа го имавме и на комисиите и на пленарната седница и на јавната дискусија. Да ја продолжиме дискусијата по 53 члена кои што се изменети од Предлогот на законот.

Следна пријавена за збор е Цветанка Иванова. Не е тука.

Има збор госпоѓица Маринела Тушева, повелете.

Маринела Тушева: Благодарам.

Почитувана потпретседателке, почитуван министер, почитувани колеги пратеници, јас ќе се држам до вашиот апел, да зборувам по дополнетиот предлог. Имено, законот за здравствена заштита, Предлог законот кој што го имаме 333 члена, а дополнетиот предлог, односно она за што денес зборуваме се 53-те члена, навистина широка материја, меѓутоа еден поголем дел на она за што зборуваме, односно беа прифатени амандмани се технички работи, односно шминка на законот. А на крај суштината, односно главните проблеми во здравството и понатаму остануваат исти. И колегата Митре Велјаноски, ќе се надоврзам, коментира дека во здравството и понатаму и со овој закон состојбите ќе бидат многу лоши, меѓутоа можам да одам дури до таму што и не би се согласила дека се многу лоши. Катастрофални се состојбите во македонското здравство.

Македонските пациенти секојдневно се соочуваат со мизерни услови. Во изминативе 20 години немало толкав морталитет во македонските болници колку што има во изминативе година, две. Тоа се алармантни податоци, алартмантни состојби кои што некој трба да го загрижат. Меѓутоа очигледно тој некој пристапува рамнодушно и премногу лесно кон сите овие проблеми па токму затоа и законот кој што би имал можност и шанса да ги реши дел од овие проблеми поминува во една вака набрзина процедура, а со тоа всушност доаѓаме до констатацијата дека повторно имаме импровизација, дека повторно имаме брзање и повторно нема да има решение на проблемите дури и кај еден системски закон, дури и кај законот кој што е Уставо во здравството. Имавме јавна расправа, меѓутоа чуму ни е јавна расправа кога она што ќе ви го кажат експертите, докторите, луѓето од фелата, министерот воопшто нема да го прифати и не само тоа, воопшто нема ни да се согласи со заклучоците на јавната расправа, луѓе од коморите, еснавските здруженија, од медицинските факултети итн, итн. И овде уште на почеток можеме да констатираме дека погрешната дека погубната политика во здравството продолжува понатаму. Одливот на кадар продолжува понатаму. На прво читање цитирав едно истражување од Хелт Групер воден од поранешниот заменик министер за здравство на ВМРО-ДПМНЕ е Владимир Лазаревиќ кој што констатира дека 73% од вработените во јавно здравство сакаат да заминат или надвор од државата или од јавното здравство. И на крај заклучува дека е разочаран што мора да констатира дека сите реформи до сега биле неуспешни односно се воделе комплетно погрешни политики. И овој пат имаме закон кој што рестриктивен, а не закон кој што е стимулативен, а токму кон тоа не насочува тоа истражување. И овој пат и во второто читање и понатаму останува сменската работа на докторите и понатаму останува плаќањето по учинок и тоа само за докторите не за сите медицински односно здравствени работници. И понатаму останува да биде присутна тенденцијата дека со водите со личен субјективен пристап конкретно во делот за избор на претседател на Лекарската комора, а не од здраво разумската логика. И понатаму пациентите ќе останат да чекаат во мизерните распаднати болнички ходници без притоа да имаат можност да добијат квалитетна добра здравствена услуга. Зборував за тоа не се исклучиво виновни докторите, за тоа апсолутно е виновен менаџментот на Министерството за здравство. И понатаму останува концептот на двојни потписи и покрај тоа што имавме серија на обвинувања односно и покрај тоа што имаше серија на долгови некаде 50 милиони евра и трошоци кои што овој концепт ги продуцира.

Почитуван министер, се сеќавам дека на првото читање бевте мошне нервозен кога реплицирвте и на нашите забелешки, меѓутоа имаше една случка која што сама по себе е скандалозна која што веројатно ве изнервира повеќе од нашите констатации а тоа е тепачката која што се случи помеѓу стручниот и економскиот директор на гинекологија. Денес на второто читање неколку сигнали за криминал на гинекологија и неколку аргументи за тоа колку е успешен овој господин Сашо Јовчевски директор на гинекологија кој што вие во вашата спектакуларна петдневна посета во Штип го водевте како профил на успешен директор, а и утрово бевте со него во Тетово исто така рашетувајќи го низ болниците како ваш пример за успешен директор, човек кој што всушност во средината е познат како корумпиран, склоност кон криминал, склоност кон непотизам и исклучива склоност кон насилие. Човек кој што има неколку тужби за мобинг, човек кој што со својот однос успеал да избрка сопруга на пратеник ...

Светлана Јакимовска: Не е директорот на тема, ќе ве замолам држете се на темата и рековте дека ќе се држите, повелете.

Маринела Тушева: Благодарам.

Се согласувам дека не е директорот, меѓутоа зборувам за двојните потписи и сакам да дојдам до поентата, се надевам ќе ми дозволите. Зошто двојните потписи односно двојното раководство се покажува за неуспешно. Сопруга на пратеник од власта коалиционен партнер на ВМРО-ДПМНЕ поради односот груб, насилнички на овој директор, се разбира го напушта своето работно место. Меѓутоа не знам зошто ваква личност министерот смета дека е профил за успешен директор и смета дека соодветно е да го води низ болниците низ Македонија и веројатно им укажува на директорите да се угледаат на една таква морална и етичка величина. Меѓутоа јас сакам да зборувам за фактите, а тоа е како овој директор успеал за само 20-тина дена да склучи некаде повеќе, во едниот случај пет тендери, во другиот случај шест тендери со само две фирми Винора, со управител Александар Николоски и Соникс, управител Кирил Дудевски близок до ВМРО-ДПМНЕ и другар на Мартин Протуѓер. И не е доволно што само за 20 дена со фирмата Соникс се склучени пет тендери во износ од 27 милиони денари, туку морал господинот директор Сашо Јовчевски сестрата на господинот Кирил Дудевски, Катерина Дудевска да ја прими на специјализација на гинекологија. Значи не е доволно што овој човек за 20 дена добива тендери од 27 милиони денари, шест тендери, мора се разбира по линијата криминал-корупција и непотизам така работи ВМРО-ДПМНЕ, мораше и 10-те специјализации на ниво на цела држава за гинекологија кои што се даваат една да оди за Катерина Дудевска, сестра на управителот на фирмата со која што се работи. Втората фирма Винора, реков управител Александар Николоски...

Светлана Јакимовска: Госпоѓице Тушева ќе ве замолам говорете по дополнетиот предлог, повелете.

Маринела Тушева: ... за 20 дена добива 15 милиони денари.

Почитуван министер, сакам да ве прашам дали криминалот, корупцијата, насилието е она што вие го подржувата. На почетокот мислев дека оваа, можеби не сте информиран за сите овие криминални и коруптивни активности, меѓутоа кога се вратив наназад, кога сватив дека всушност господинот директор го водите на повеќе ваши посети, се прашувам дали можеби ги работи сите овие работи со ваш амин. Дали ова е пример кој што мислите дека треба да го следат сите македонски болници и дали ова е начинот на кој што имате намера да го реформирате македонското здравство. Со вакви примери почитуван министер, џабе ни е и овој закон од 333 члена, џабе ни е секаква активност од ваша страна. Благодарам.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Шокаровски Харалампие, повелете.

Харалампие Шокаровски: Благодарам.

Колешке Тушева, бидејќи гледам го следите морталитетот во македонските болници, би ве замолил да ни кажете во кои болници заради кои причини е зголемен морталитетот. Јас немам такви информации и сметам дека напротив е намален и тоа повеќекратно морталитетот.

Нема да се задржам на политичките квалификации и обвинувања кои ги давате мислам дека тоа ќе процени јавноста. Ќе ви кажам само во однос на неколку работи по однос на законот. Во однос на одливот на кадар на јавните здравствени установи, видете тука е многу проста пазарна логика во прашање, како и во фудбалот така и во здравството, би рекол и правниците, на секому кому ќе му биде понудена повисока плата има право и можност да си замине од јавна во приватна здравствена установа. Причините се многу едноставни.

Во однос на сменската работа и дежурствата. Тука воопшто нема никакви промени во законот и задржано е старото законско решение да таму каде што има можност здравствената установа организира сменско работење, а доколку не е во можност да го организира истото, тогаш се по барање на јавната здравствана установа до Министерството за здравство се организираат дежурства. И толку во однос на тоа. Така да тука нема воопшто никаква промена на старото законско решение.

Во однос на платите секој здравствен работник во државата започнува со 100% плата, така да работењето по успешност или по учинок воопшто не влијае на формирањето на основната плата на врботениот. Благодарам.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Контра реплика има госпоѓица Маринела Тушева, повелете

Маринела Тушева: Благодарам.

Почитуван колега секојдневно гледаме по медиумските извештаи за пациенти кои што го губат својот живот во македонските болници исклучиво поради инфекции од нехиенски услови. Срамота, 21 век во Македонија пациенти умираат од сепса. Дали за вас тоа е нормално. Страшно е вакво нешто да се слушне, меѓутоа она што мене исклучиво ме загрижува е што министерот молчи за наодите за корумпиранот на директорот на гинекологија. За фактот дека една фирма успеала за 20 дена да добие тендери во вредност од 27 милиони денари. За 20 дена да се распишат 6 тендери и сите 6 тендери да ги добие една фирма односно Соникс, фирма чиј што сопственик е исклучиво близок до ВМРО-ДПМНЕ и личен другар на Мартин Протуѓер. Министерот на ова молчи, нема одговор.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Весна Пемова, повелете.

Весна Пемова: Благодарам.

Почитувана колешке, апсолутно не се согласувам со вас кога кажавте дека сега состојбата во здравството е катастрофална. Точно е тоа дека

состојбата во здравството не е розова, меѓутоа далеку е од катастрофална. Јас работам 20 години во јавно здравство и добро ги познавам работите, какви беа порано, какви се сега и затоа мислам дека вашето укажување е апсолутно неточно.

Да не зборуваме за тоа односно за катастрофата во која што вие го оставивте здравството во 2005 година. Таа катастрофа почитувана колешке бара време, бара многу средства, средства од граѓаните на Република Македонија за да може да се излезе од една ваква катастрофална состојба.

Оваа Влада на чело со ВМРО-ДПМНЕ пристапи кон реформа во здравствениот сектор, реформа која ретко која влада има сила, храброст да ја почне бидејќи состојбата во здравството навистина не е онаква каква што граѓаните на Република Македонија заслужуваат да биде.

Вие сами сте сведоци за се она што се евидентира, за се она што се прави во здравствениот систем во Република Македонија, бидејќи ние во многу наврати од Нова Година наваму, затоа што имаме такви точки за дискусија кажуваме сите пратеници од опозицијата што се се прави низ болниците во Република Македонија, во инфраструктурата, како и во опремата на болниците за што граѓаните на Република Македонија се доста задоволни.

Еве денеска ние зборуваме и за уште една реформа во здравствениот систем односно денеска расправаме за Законот за здравствена заштита, еден системски многу значаен, круцијален закон, Устав во здравството. Ги користам зборовите кои што и вие ги користевте во вашите дискусии. Сметам дека со оваа реформа односно овој закон многу ќе придонесеме за подобрување на здравствениот систем во Република Македонија.

Од тој аспект сметам дека ако и вашите намери и вашите кажувања се навистина искрени односно дека и вие навистина сакате здравствениот систем во Република Македонија да се подобри треба да дадете шанса односно да гласате позитивно за овој нов закон, закон кој што после 20 години сега ќе се донесе во Собранието и на тој начин заедно да помогнеме на здравството во Република Македонија и на граѓаните на Република Македонија.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Контра реплика има госпоѓица Маринела Тушева, повелете

Маринела Тушева: Благодарам.

Почитувана колешке, велите дека шест години ви е недоволно време за да направите реформи во здравството. Ама шест години ви беше сосема доволно време за да на направите една единствена реформа што досега ниту еден претходен министер не ја правел. Тоа е само рекламата. Да издвоите милиони и милиони евра од граѓанските пари за претходниот Бујар Османи и актуелниот Никола Тодоров да не се симнуваат од телевизиските екрани и ако гледаат македонските пациенти да имаат чувство дека живеат во Шведска.

Вашите инвестиции во апаратура со криминални тендери, со маржи од по 30% и апарати исклучиво поскапи од нормалната односно од пазарната цена најголем дел од нив не се ставени во функција, стојат во ходници и не се платени. Добавувачите се закануваат дека ќе ги одземат од болниците. Какви се тие реформи почитувана колешке.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Колеги уште еднаш ќе апелирам, очигледно дискутираме по информација во здравството, а не ни е точка на дневен ред. Дозволете да ги запознаеме граѓаните, јавна е седницата што изменивме во Предлогот на законот за здравствена заштита со прифатените 53 измени.

Ќе ве замолам, добро, бидејќи и здравствени работници следат и други кои што не се здравствени работници да добијат што всушност овој закон за здравствена заштита содржи. Благодарам.

Има збор господинот Ердоган Сарач, повелете.

Ердоган Сарач: Благодарам.

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Иако не сум од фелата, меѓутоа бидејќи сум избран од страна на граѓаните, а за овој закон се заинтересирани сите граѓани во Република Македонија морам и во нивно име и во мое лично име да зборувам за некои забелешки за кои сметам дека навистина министерот ќе се обиде барем да ми одговори, иако не се вградени во законот.

Најнапред сакам отворено да му честитам на колегата Менде Диневски што организираше јавна расправа по овој закон. Тоа е единственото добро каде што сите ние пратениците и граѓаните во Република Македонија, се разбира и сите здравствени работници и соработници имаа шанса да кажат нешто за законот, како и оние преку екраните да видат и да чујат што се предлага во врска со навистина точно нареченият устав за здравството во Република Македонија.

Јас ќе повторам дека навистина имаше потреба од повеќе вакви јавни расправи за да дојдеме до заедничко решение прифатливо за сите без разлика на која страна од Парламентот се наоѓаме.

Мнозинството на здравствените работници и соработници го поздравија овој закон и рекоа дека навистина е многу значајно да имаме еден ваков комплетен закон, меѓутоа изразија јавно незадоволство од содржината на законот. Понудија свои решенија, но за жал тие не се прифатени и не беа внесени во законските решенија на овој проект.

За жал на јавната расправа имаше заклучоци со кои се согласија сите професионалци на фелата,

но вие не ги прифативте заклучоците. Зошто не го цените нивното искуство, нивното знаење навистина мене во овој момент не ми е познато, меѓутоа се разбира дека здравството базира на науката и тие како научни работници со долгогодишно искуство сметам дека навистина имаат предлози кои мора да бидат вградени во законот. Сакам заради јавноста и заради граѓаните кои не пратат покрај нивните екрани да какжам кои беа некои заклучоци.

Еден од заклучоците беше дека заради значењето на здравјето и здравството воопшто се јавува потреба од пошироко вклучување на сите заинтересирани субјетки за донесување на Законот за здравствена заштита. Во овој контекст предложениот закон треба да се повлече со цел да се организира пошорика расправа преку организирање на јавни дискусии за да нема последица по пациентите и здравствени рабиотници и соработници.

Исто така еден од заклучоците беше здравствената дејност не треба да се дефинира како јавна служба, бидејќи нејзината улога е давање здравствена заштита на граѓаните на Република Македонија. Министерот тоа го кажа и очекувам дека здравствените работни ци нема да бидат во групата на јавни службеници бидејќи тие вршат професионална работа за заштита на здравјето на граѓаните на Република Македонија.

Понатаму, се кажа во Предлог законот потребна е одредбата начелото на континуираност терминолошки да се усогласи со текстот на законот. Здравствената заштита е професионална работа на здравствените работници е не на министерот за здравство и на Фондот за здравствено осигурување.

Понатаму до оформување на профилот на Комората и нејзино дорегулирање во смисла на прецизирање на условите за избор на раководна функција на Комората и финансирање на коморите. Во преодните одредби од законот да се регулира замената на основните лиценци со лиценца за работа итн.

Исто така бројот на поднесените амандмани или прифатените амандмани зборува дека овој закон, за жал, не бил добро конципиран и од бројот на предложените и прифатените амандмани јасно се укажува и министерот требаше да има доблест да каже, иако има добра намера и концепт за овој предлог, сепак концептот не е доволно усовршен и потребно е со амандмански интервенции да се подобри. Меѓутоа и тука гледате дека амандманите што се прифатени се од техничка природа и немаат поголемо значење за комплетната содржина така што останува мислењето дека и понатаму треба да се доработува. Заради граѓаните морам да кажам дека во Извештајот на Комисијата за здравство се гледа дека мнозинството од пратениците со 6 за, 5 против или обратно, што кажува дека немало единство кај сите пратеници за решението што го нуди законот. Затоа министерот требаше да го повлече законот и да направи една поширока јавна расправа, да се усогласат ставивите и да имаме еден закон кој ќе биде прифатлив за сите слоеви во државата. Овде морам да кажам дека граѓаните очекуваат дека со подобрувањето на текстот ќе се зголеми и квалитетот на здравствената заштита, но тоа не е така направено.

Во врска со овој закон добивме многу писма од невладини организации, од стручни здруженија, лекарски комори. Сите тие искажуваат недоверба и сомнеж во законот. Еве на пример Здружението на медицинските биотехничари во Македонија, во обраќањето во нас велат - скоро 80% од високо стручните кадри кои работат во хемиските лабораториии во Републиката е составен од здравствени работнивцио биолози и хемичари. Тие бараат активно да бидат вклучени и информирани за овој закон, бидејќи велат дека во здравството не работат само здравствени работници туку и соработници.

Здравствените работници имаат забелешки на член 85 став 3, член 104 став 2, член 105 став 1 и 2, член 115 став 4 и 7, член 117 став 4, член 118 став 3, член 119 став 1, член 120 став 4, член 121 став 1, 2, и 3, член 122 став 2 итн.

Ќе кажам уште неколку забелшки од фелата, имено со овој закон велат се ускратува правото на пациентот да направи избор од кога ќе прима здравствена услуга. Значи станува збор за 90% од граѓаните кои немаат избор и сакаат во јавното здравство да ги најдат сите овие услуги. Само 10% од граѓаните имаат можност во приватни установи да бараат заштита на здравјето. Тоа значи дека Фондот за здравствено осигурување и приватните организации мораат да имаат соработка за да им се олесни на граѓаните. Еден познат лекар професоро вели овој закон има 200 члена каде одлучува министерот. Еве на пример сега ми се јави еден лекар од Гостивар вели јас месечно правам 20 успешни операции, некои од моите колеги прават 5 опереации, а тие се далеку поценети од мене и подобро котира во здравствената установа, заради политички причини.

Министре се надевам дека тоа е добро намерна критика со кој јас ќе бидам задоволен.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Има збор господинот Голупчо Ангелов, повелете.

Голупчо Ангелов: Благодарам потпретседателке.

Почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Во едно сите се сложуваме дека Законот за здравствена заштита е системски закон и дека од неговата содржина ќе зависи во кој правец ќе се одвиваат работите во доменот на здравството во Република Македонија и дали и какви последици ќе има истиот врз здравствени работници, вклучително врз пациентите. Вака предложениот закон покрај сите укажувања вклучително и на најрелеватните фактори, како што е Сојузот на синдикатите на Македонија и Лекарската комора

да биде повлечен од собраниска процедура бидејќи ни нуди, има отсуство на развојна компонента и не ги надминува лошите состојби во здравството, вие се одлучивте да го носите во истата таа содржина и со сите негови реперкусии. Да не заборавам, негово повлекување од собраниска процедура всушност побараа и учесниците на јавната расправа организирана во Собранието на Република Македонија односно преставниците на комората, факултетите, синдикатите, еснафските здруженија и здруженијата за заштита на пациентите. И во Дополнетиот предлог на Законот за здравствена заштита опфатени се повторно реформите на ВМРО ДПМНЕ кои за жал во изминатите години се покажаа како неуспешни.

Така на пример, во членот 105 повторно се предлагаат одредби за врзан потпис и двајца директори ви јавните здравствени установи заборавајќи дека токму тука лежи причината да јавните здравствени установи должат дури и до 50 милиони евра. ама едно е јасно дека формата на организациските директори беше дополнение и причина за збринување на партиска војска. Ако го погледнеме членот 106 кој се однесува на условот за полагање на директор да истото полагање се врши пред Комисија формира од Комисија за здравство и Министерството за финансии мислам дека сообносот на членови беше 2:1, а да нема учесник во самата Комисија од факултети. Ако го погледнеме членот 68 од став 2 повторно се дава можност од повторни експерименти и реформи кои беа погрешни. Во 2007 година како што беше реформата во Клиничкиот центар. И со овој Дополнет предлог на здравствена заштита останува со истата содржина спорниот член 12. Значи покрај укажувањата на Сојузот на синдикатите на Македонија каде што децидно се вели дека за жал, мораме да констираме дека некои од клучните забелешки како на член 12 во однос на третманот на здравствените работници како јавни службеници како и по член 2012 со кои се одредуваат платите на здравствените работници не беа земени во предвид. Не го земавте во предвид укажувањето на Сојузот на синдикатите на Македонија, ама не ја земавте во предвид и одлуката на Уставниот суд. Имено од анализата на Законот за јавни службеници јасно произлегува дека јавните службеници се лица кои вршат работа работни задачи од јавен интерес во согласно со Уставот професионално, политички и независно. Ако тргнеме од оваа дефиниција почитувани колеги пратеници, за поимот јавен службеник и со поставиме прашањето дали здравствените работници можат да имаат статус на јавен службеник одговорот е дека здравствените работници не можат да имаат статус на јавен службеник од причина што здравствените работници не вршат јавни овластувања во име на државата, туку истите имаат една и единствена цел, заштита на здравјето на пациентите или на граѓаните на Република Македонија и истото тоа го вршат според одредени правила и стандарди на самата професија. Логично беше во членот 12 ставовите 1 и 2 од овој член почитуван министре да бидат избришани.

Ако го погледнеме членот 219 овој член најоспоруваниот член од самиот Предлог закон и вклучително Дополнетиот предлог закон. се однесува на плаќањето по успешност. Укажувањето од страна на Лекарската комора на Република Македонија се јасни. Концептот за наградува на лекарите според успешност според предложената методологија има многи правни, економски и стручни недоследности и до колку тие не се дефинираат адекватно ќе резултира со стручни и економски негативни последици. Кои се првните недоследности според укажувањата. Предложеното плаќање е селективно, се однесува само на лекарите не се однесува на сите вработени во здравствениот систем и на тој начин го кршиме уставното начело за еднаквост пред Уставот и законите во Република Македонија. Плаќањето по успешност е индивидуално, лично и не смее да има реперкусии врз другите вработени лекари, односно за да се реализира плаќање по успешност треба да се обезбедат дополнителни средства. Кои се стручните недостатоци? Предложениот систем за плаќање по успешност или учинок ќе предизвика можност да се прават иследување, интервенции и процедура на штета на јавните здравствени установи се со цел да се обезбеди цела плата. Со таквиот пристап ќе допринесеме да во самиот здравствен систем на Република Македонија имаме квантитет наместо квалитет, што сметам дека нема логика. Како според та методологија ќе се плаќаат младите доктори кои немаат недоволно искуство во струката или фелата. Предложената методологија ќе предизвика дополнително нарушување на меѓучовечките односи.

Во делот на техничките недостатоци факт е дека немаме утврдени норми, стандарди и критериуми согласни Законот за работни односи и колективниот договор за здравство, акредитациите за нивоата на здравствена заштита сеуште законски не е уредено кои се нормите за специјалист на Универзитетска клиника, акои се клиничките болници. Значи нема доволно средства за реализација на проектот за плаќање по успешност и се отвара можност за префрлење на средства од еден доктор за сметка на друг, имајќи предвид дека буџетите на установите се лимитирани. Така што слободно можеме да констатираме дека Законот за здравствена заштита има една селективна примена, истиот е спротивен на Уставот, законите и колективните договори, економски е неиздржлив и има деструктивност и дестимулативност на здравствените работници. Но вие се одлучивте да го носите законот и покрај сите укажувања донесете го законот, меѓутоа убедени сме дека на тој начин, со таа формулација и содржина на законот нема да се

подобрат лошите состојбите во здравството во Република Македонија.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Јордан Пачков, повелете.

Јордан Пачков: Благодарам.

Колега ќе ви реплицирам само во еден дел кога рековте дека се врши селективност во однос на наградувањето на сработеното во здравството. Носители на дејноста се лекарите и затоа во своето излагање, можеби погрешно бев сфатен, ги застапував интересите на лекарите. Еве на пример во една болница или во било која јавните здравствени установи кој ја формира цената на услугата, зоштоп доаѓаат пациентите? Заради докторот, а во таа болница работат и економисти правници, помошен технички персонал. Дали тие ќе можат да работат во таа болница ако нема здравствено лице односно доктор. Тоа е поентата, а секој работник може да работи во било кое претпријатие. Тоа се носителите на јадрото. Здравствениот денар го формираат тие. од тие причини овој закон им дава една сигурност на докторите да се докажат во својата стручност, нека бидат бирани од граѓаните и соодветно ќе бидат наградени. Тоа не е никаква селективност.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Има контра реплика господинот Голупчо Ангелов, повелете.

Голупчо Ангелов: Благодарам потпретседателке.

Колега Пачков токму тоа и зборуваме што е и кој е приоритетот во здравството. Од каде потребата од организациските директори кои земаат двојно поголема плата од стручниот или медицинскиот лекар. Нема логика.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Има збор господинот Драгиша Милетиќ, повелете.

Драгиша Милетиќ: Благодарам потпретседателке.

Денес расправаме за Дополнетиот предлог закон за здравствена заштита и сите ќе се согласите таа е еден од поважните сегменти во секое оштество, бидејќи колку и да е поразвиено здравство толку нашите граѓани ќе бидат поздрави и ќе имаме успех како држава и како Владата.

Овој закон нема да одговори на целта, без оглед што вие велите дека, без малку, е совршен. Прифативте само дел од амандманите и тоа од технички карактер, некаде 11 амандмани, а опозицијата предложи преку 100. Тука се гледа дека не сте расположени за соработка. Тука се гледа дека не сте располжени за соработка и за мислење од опозицијата. Ајде што не сте расположени за мислење од опозицијата, туку не сте расположени ниту за мислење од фелата и од експертската јавност. Значи, имавме само една дебата која што ја организираше претседателот на Комисијата за здравство каде што беа вклучени голем број лекари и нивните синдикати и стручни лица. Бевте предупредени од сите дека овој закон не е добар и дека треба да доживее вистинска реформа. Но, останавте и на тоа и глуви и неми. 6 години вршите експеримент во здравството. Од едно врвно здравство од познати стручњаци кои ги имавме овде во Република Македонија останвме држава каде што граѓаните за потешки операции, за сложени операции бараат спас во странство. Јас само да ве потсетам, ми се чини дека се викаше доктор Серафимовски кој вградуваше вештачки колкови, кај него доаѓаа и луѓе од Европа за да извршат операција. Денеска кажете ми од која бивша ЈУ Република даѓа да побара помош, а што остана и за нашите граѓани кога знаеме на кое дереџе сме и поради што здрвството е на ниско ниво. По кој критериум ќе бидете, кој ќе упадне во оваа мрежа за здравствена заштита. Никаде во законот не видов каков е критериумот. Дали тоа лично ќе биде министерот, или кој ќе го одреди тоа? Вам ви е основна цел да внесете страв кај здравствените работници, а посебно кај лекарите. Една од основните реформи ви беше двојниот потпис. И тоа пропадна. И сега гледате тоа исто да го избуткате низ големa врата и тоа двкрилна врата, без да имате срам и грижа на совеста. Поважно ви е штедењето пари на штета на квалитет на здравствени услуги, конкретно сега мислам на лековите. Затоа, сакате Фондот да ги контролира стручните упатства кои ги прават реномираните професори за да не се случи да им препишат поскапи лекови, но, и поквалитетни лекови. Тоа ли е реформа и тоа ли е модерно здравство. Доколку сакате да заштедите пари, постапете по извештајот од Државниот завод за ревизија за сите ЈЗУ каде е констатиран криминал и тоа се работи за големи пари. Тогаш, сме спремни да ве поддржиме и ние како опозиција.

Сега е несфатливо, како може еден менаџер да има двојно, или тројно поголема плата од еден доктор примариус, од доктор кој се грижи за здравје и ако сакате на крајот на краиштата спасува човечки животи. Навистина, не знам зошто ваква драстична разлика. Кога се зборува за наградувње по успешноста, со ова ќе напрвите земи од еден, дај му на друг. И само ќе ги раскарте и нарушите меѓу човечките односи кај лекарите. Со тоа и онака со мала плата ќе направите уште помала плата. Кое е тоа мерило и кој ќе оценува кој подобро работи а кој послабо. Јас се согласувам. Еве имаме врвни хирурзи.Е сега тој што е почетник кој исто е огромен талент тој сигурно нема да изврши толкав број на операции колку што ќе изврши човекот кој е пред пензија, кој е многу искусен. И со што вие ќе го мотивирате тој младиот талентиран хирург. Едноствно вие во старт сакате да го осакатите и сакате да го демотивирате. Значи, не е до начинот на наградување, тој ќе ги спречи овие лопови што дрпаат од Фондот и од тие пари ќе ги наградуваат лекарите. А вас министре ве замолив еднаш за еден таков менаџер, по струка

е доктор и ви кажав со факти и вие добро знаете дека се работи за класичен хоштаплер. Ништо не му направивте, меѓутоа остана. Дали е нечиј миленик од врвот, или нечиј миленик во Парламент, не знам. Тој ги прогонува и вашите членови и вашите луѓе од ВМРО ДПМНЕ, за него не е ништо битно, за него битно е само што повеќе да смота пари за свој џеб и тогаш да си доградува таму, знаете вие каде, во Ѓорче Петров. Тоа е срам за здравството, но исто е и голем минус за вашата индиферентност спрема таков човек. Сега знаете каква ни е ситуацијата во болниците. Колку имаме луѓе што платија со сопствен живот прави тоа што апаратите не се испрвни, прави не хигиена. Нема да кажам поради нестручноста, значи поради неиспрпавни апарти и нехигиена. Вие сте и сам сведок. Не можам за се да ве окривувам вас, затоа што имаше и претходен министер. Вие изгледа тргнавте по исти постапки. Сега знаеме дека секој кога ќе дојде во болница прво треба да купи лекови, треба да понесе ќебе, треба да понесе греалка, треба 300 чуда да донесе. Зошто ни е тогаш болница. Каде се тие лекови, а вие велите нема проблем, секаде има лекови и во секоја институција има лекови. Еве сега што правите на пример повторо. Јас морам да спомнам повторно за тие рурални средини како Старо Нагоричане. Зошто таму е затворена амбулантата.Зарем тие луѓе се отпишани. Таму живее значен број на Срби. Не верувам дека нешто имате против Србите. Нели ветивте дека во секоја рурална средина ќе отворите амбуланта. Нема, не само што нема амбуланта, ги нема ниту докторите. Едно населено место како што е Скопска Црна Гора, каде што има огромен број на жители и тоа е мултиетничка општина со доминантно српско население, но таму живеат и Албанци и Македонци. Има само прва смена. Нема и брза помош, нема ништо. И сега кога зборувате за здравство и кога вака се фалите, јас навистина не знам на каков начин ќе ги убедите граѓаните дека тоа е добро. Внимавајте, сега што велат весниците. Се вели, ако немате пари, платата за сработено, ќе ги раскара лекарите. Лекарите не се фабрички работници да работат на норма. А има нешто и за вас. Вели, ќе се укинат сите тендери, вие ќе ги водите тендерите. Дали е ова вистина министре. Не верувам дека е тоа до таа мера, ама каде што има чад има и оган.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

За реплика е пријавен министерот за здравство, повелете.

Никола Тодоров: Благодрам.

Почитуван пратеник и вие и повеќе други ваши колеги во текот на дискусијата постојано повторувате една иста работа, тоа е почесто, дека секогаш кога ќе се отишло на лекар требало со себе да се донесат ќебиња, лекови, медицински потрошен материјал итн. И тоа повеќе дискутанти го повторија. И на тој начин сакате да претставите дека има екстремно лоша слика во здравството и се недостасува во здравството. А нема да навлегувам во тоа, тоа е ваше политичко право. Јас сакам да ви укажам на една одредба која што ја има во овој закон, а која што веројато сте ја пропуштиле да ја прочитате. Не верувам дека не сте го прочитале законот, затоа што имавте 10 минутно експозе овде.

Членот 110 од овој закон вели вака: Ако директорот не спроведе јавна набавка на лекови, потрошен медицински материјал и медицински помагала, министерот за здравство му кажува на директорот во рок од 15 дена да покрена постапка за јавна набавка. Ако по истекот на рокот од став 6 на овој член, директорот не покрене постапка за јавна набавка, министерот за здравство ќе го разреши директорот и ќе именува вршител на должност до именувањето на директор по распишан конкурс. Значи, ако имало вакви случаи во јавното здравство со овој закон предвидуваме конкретни санкции, реални санкции во член 110, значи, можете да ги видите кои што ќе спречат во иднина да има вакво нешто. Јас сум убеден дека вакво нешто немало многу. Но, исто така знам дека во определени случаи имало вакви ситуации кои што се мотивирани од различни работи. Некогаш е тоа предизвикано од, би рекол занемарување на обврските можеби на некој директор, меѓутоа, некогаш може да се посомневаме дека овде има можност и за корупција. За да тоа не го дозволиме, да не дозволиме да имаме во законите една сива нерегулирана зона, затоа во овој закон предвидуваме една ваква одредба. Јас се надевам дека после сите овие дискусии, барем некој од опозицијата ќе има доблест да каже, овој дел од Законот е добар или овој член е добар и ќе спречи определена злоупотреба во иднина. Очекувам вие да имате доблест и тоа да го кажете во вашата контра реплика за која што гледам дека сте се пријавиле и да кажете: се извинувам, не сум го забележал тоа, тоа е добро што е предвидено во Законот. Благодарам.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Контра реплика господинот Драгиша Милетиќ, повелете.

Драгиша Милетиќ: Почитуван министер, не ми читајте закони и подзакони. Само едно ќе ве прашам, дали ќе постапите по она што установила Државната ревизија за овие криминалци. Дали ќе ги санкционирате? Докажани криминалци и државна институција тоа го докажува и вие се правите како да не го гледате тоа. Значи, и вие сте соучесници во тоа. Па вие кажавте дека ова е катастрофа, а сега викате, се е добро, се е совршено. Не е така. Зошто самиот се демантирате. Јас не сум доктор, како шт не сте и вие. Ама она што можам со голо око да го видам, не сакам никој да ме прави луд, не сакај никој ниту граѓаните, ниту оние избирачи да ме прават дека сум слеп.

Господине министре, млад чвек сте, перспективен, пстапете по она што гледате, а не само по директиви. И тој лопов од Ѓорче Петров да го симнете, да не го кажувам по име и презиме. Шикуле.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Има збор господинот Ивон Величковски, повелете.

Господине Величковски, се извинувам, јас ви дадов збор. Меѓутоа со оглед на одредени настани кои што следат во 14,00 часот, сега ќе ја прекинам се дницата. Ќе продолжиме во 15,00 часот.

(Седницата продолжи со работа во 15,14 часот)

Трајко Вељаноски: Продолжуваме со работа.

Следен пријавен за збор и има збор господинот Ивон Величковски, повелете.

Ивон Величковски: Благодарам претседателе.

Господине министер, ќе ми дозволите да започнам прво со еден единствен комплимент во однос на вашето присуство на седницата денеска, а тоа е дека барем фајтерски станувате да ги браните ставовите кои што сте ги предложиле, за разлика од други министри од Владата кои немаат доблест да седат овде и да ги слушнат забелешките на опозицијата, најчесто ги праќаат своите заменици. Вие ја имате таа доблест и тоа го поздравувам.

Истовремено ќе напоменам дека и во рамките на комисиската расправа во Собранието очекував поголема флексибилност од вас, затоа што верував дека ќе се издигнете на нивото пред се да се водите од забелешките кои не се само политички мотивирани, туку забелешките кои што доаѓаа од стручната фела, а кои вие решивте да ги игнорирате прифаќајќи 20-тина технички амандмани за номотехничко усогласување на текстот, со што признавте дека несуштински мнозинство од амандманите сте ги прифатиле како корекција на печатни грешки и слично.

Останатите 14 амандмани што ги прифативте навистина беа суштински, но ги одразуваат ставовите на опозицијата, со кои се враќаат веќе стекнати права, како што беше правото на ослободување од дежурство на бремени жени и на жени над 59 годишна возраст, право кое што претходниот закон исто така го дефинираше. Вие верувам со добра проценка само го имавте тоа решение и потоа го вративте назад.

Она што е суштинско и што не можете да ја убедите јавноста, а во секој случај не можете да ја убедите ниту опозицијата овде е дека немате намера да ги правите лекарите јавни службеници. Напротив потврдивте и со сите ваши објаснувања дека всушност вашата основна цел е лекарите да бидат јавни службеници односно да бидат административци.

Верувам дека ќе се навратите дека 30 пати објаснивте до сега зошто тоа не е така, јас сега би сакал да ве запознам со одредбите на Кривичниот законик кој многу јасно во членот 122 дефинира што е државен службеник - кој врши стручни, нормативноправни, извешни итн, работи во согласност со Уставот и законот, а истовременот во истиот член точка 9 ќе рече дека како лице кое врши работи од јавен интерес се смета лицето кое врши функции, должности или работи од јавен односно од општ интерес како што се наставник, воспитувач, лекар, итн.

Можеби ќе речете дека ова ја потврдува вашата теза и тоа ќе беше така доколку го немавте фамозниот член 200 во кој предвидувате дека ЈЗУ ќе достави до Агенцијата за администрација список на изречени дисциплински мерки со што покажавте кој е мериторниот орган за санкционирање на здравствените работници и следењето на нивната дисциплинска работа, а не си го препишавте тоа право конкретно на вас, на Министерството за здравство, бидејќи таквите ингеренции на Министерството за здравство и вашите ингеренции како министер за здравство си ги препишувате во од прилика 200 одредби кои што зборуваат за ваши автономни, мериторни овластувања. Истото како продолжување на презирот кон здравствената фела за кои политички ве обвинувам во секоја политичка конфротација по прашањата кои што ги предлагате во ова Собрание. Го покажавте и со фамозните одредби за лекарската комора. Притоа нема да навлегувам во вашата теза дека пензиониран лекар не треба да биде претседател на Комората. Зборувам за вашиот политички и личен однос кон Лекарската комора како струкова асоцијација на која вие со закон сакате да наметнете решение, а наспроти тоа ќе ве потсетам дека нормалниот однос во едно нормално општество кон Комората може да се однесува само со препорака или со политичко очекување кое вие како министер за здравство имате легитимно право да го изразите. Значи, ова не се однесува само на пишаните правни норми господине министер, ова повеќе се однесува на политичката култура и пристапот кон институциите и во здравството и воопшто во системот на Република Македонија.

Бидејќи во 74 члена од овој закон пропишувате одредби што се веќе опфатени со Законот за работни односи вие покажувате дека основната цел на овој закон е како лекарите да ги построи наместо како да го устрои системот за функционирање на здравствената заштита, што е основната намера на овој закон. Ова е ваш грев. Ова е ваш грев, затоа што ние и нашата генарација воопшто нема право да си поигрува и низ правни норми да устројува систем, да устројува луѓе наместо да устројвуа ситем. Нашата задача во ова Собрание е да носиме закони предложени од вас, од Владата или од пратениците предложени, или пак од граѓаните кои поставуваат систем, а не ги определуваат луѓето ви системо и начин само на нивното санкционирање. Кога сме веќе кај санкционирањето ќе ве потсетам дека многу непрецизно утврдувате и во ова законско решение кој го врши надзорот. Да тој произлегува од Министерството за здравство и надлежните инспекции, но набројте ми ги одредбите во кои прецизирате кои инспекции, каде и во кој момент влијаат и конкретно одлучуваат по постапките на

лекарите за кои пропишувате и тоа како високи санкции.

Да одиме натаму. Суштината на слабоста на предложеното законско решение е во тоа што вие се обидувате низ ова законско решение да го алиментирате празниот здравствен фонд.

Во меѓувреме се обидувате да ги пуштите и пробните балони, тензии како сакате наречете ги во кои како неуспешна замена се обидувате да ги навлечете осигурителните компании и здравственото осигурување кое, ве потсетувам како второ опционо здравствено осигурување кое што и вака и така како пакет можат да ги нудат осигурителните компании. Наспроти тоа бегате,и тоа бегате со политичка одлука од темел на реформа на системот на здравствено осигурување и затоа мора да излезете овде со закон со 300 члена, поточно 322 во кои ќе го поставите системот така што треба да ги потполни финансиските дупки наместо да устроите систем кој ќе биде снабдуван, кој ќе биде хранет со финансии врз основа на реална процена.

Ајде да видиме уште еден аспект на тоа кој го затвора кругот. Здравственото мапирање е застанато. Здравственото маприање е застането со одлука на извршната власт, затоа што знаете дека се јавува дискрапанца и за тоа треба да зборуваме овде. Се јавува дискрапанца меѓу можностите согласно овој закон, согласно можноситите на здравствениот фонд и тука ве враќа повторно на отсуството на вториот задолжителен здравствен столб. Прашање кое што ВМРО-ДПМНЕ знае дека не може да го одговори, бидејќи во моментите кога требаше популизам одеше на номинално намалување на процентот. Во делот на социјалното осигурување, тоа го зборував и при изборот на Владата, предвидувавте намалување за 0,1% по ставка, по човек, по вработен. Знаете, 0,1% на голема маса значи многу и ускратувавте и во пензискиот и сега реално се ускратува и во здравствениот фонд здравствениот денар. Денар кој им припаѓа на осугурениците. Денар кој им припаѓа на оние кои треба да ги користат услугите. Јас верувам дека вие сте се обиделе на овој начин да премостите состојба, но кога дискутиравте и дебатиравте со колегата Велјаноски секој експеримент кој што се врши во лабараториски услови може да даде позитивен или негативен резултат без последица. Секој експеримент кој вие денеска како министер за здравство ќе го вршите и го вршите на ваков начин предлагајќи го овој закон и го вршат колегите од ВМРО-ДПМНЕ и од мнозинството кои несомнено ќе гласаат за ова законско решение, секој ваш експеримент чини живот.

Ќе ве вратам тука на едно прашање кое што маргинално го третирате. Прашањето на награда по учинок. Да наградата по учинок овде ја предвидувате, но кажете ми тогаш господине минстер, бидејќи здравствениот пакет не можете да го определите колку и да тврдите дека во Законот за социјално осигурување не постои бидејќи не можете да го утврдите основниот здравствен пакет и основниот пакет на здравствени услуги, кажете ни тогаш која е вашата проценка колку чини еден човечки живот и колку е наградата за лекарот кој што него ќе го спаси.

Затоа оваа дискусија не ја насочив кон пациентите како корисници на услугите, ја насочив кон здравствените работници. Треба и вие и мнозинството да го признаете единствениот факт дека нема здрав пациент, жив пациент доколку тој пациент нема добар доктор. На овој начин го уништувате здравствениот систем.

На крајот да ве известам дека овој закон ја нема мојата подршка. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Министерот за здравство има реплика, повелете.

Никола Тодоров: Благодарам.

Почитуван пратеник,директен одговор на вашето прашање колку чини еден човечки живот. Бесценето. Колку чини, колку треба да се плати докторот кој што го спасил? И тоа е бесценето, и тоа со пари не се плаќа. Тоа се плаќа со љубовта и посветеноста на секој доктор во рамки на неговата заклетва да се бори за секој еден човечки живот без разлика чив е, платил, имал, не платил или било што. Тоа е мојот одговор на вашето прашање.

Морам да кажам дека вашата дискусија се разлкуваше од другите дискусии во еден голем дел, иако во еден дел направивте, не знам зошто тоа ви беше потребно, повторно се фативте за државните службеници и несакајќи веројатно дадовте најдобар контра аргумент во однос на оние со кои што јас истапував денеска во расправата. Цитиравте еден член, тоа е поимник од Кривичниот законик каде што се дефинирани сите поими и цитиравте како се прави динкстинкцијата помеѓу државниот службеник или лицето што има јавни овластувања или врши јавна дејност.

Тоа е одличен аргумент за ова дека здравствените работници нема да бидат јавни работници, но да ќе имаат, ќе вршат јавна дејност. Така е дефинирано, со ова потврдуваме, така е дефинирано и во Кривичниот закон кој што е донесен уште 1994 година. Значи пред повеќе од една деценија е утврдена оваа динстикција која што јас со сите сили се трудев на вас парлементарците да ви ја образложам, да ви ја објаснам.

Впрочем, вие се фативте за членот 200 за кој што сите претходно говореа. Ние за членот 200 говоревме и на Комисијата, говоревме и на јавната расправа и јас реков понудете амандман за членот 200 јас ќе го прифатам, затоа што тоа е само еден извештај кој што се дава до Агенцијата за изречените санкции во здравствениот сектор заради креирање на база на податоци. Ништо повеќе. Дали тој ќе се достави до нас, а потоа Агенцијата ќе го побара од нас е друго прашање.

Јас тогаш реков ако мислите дека тоа ги прави јавни службеници, јас сум спремен веднаш од тоа да отстапам. Инаку сите други одредби од законот упатуваат на тоа дека не се јавни службеници. Дисциплински постапки се водат, тест таму се полага и уште многу други работи.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Контра реплика има пратеникот Ивон Величковски, повелете.

Ивон Величковски: Благодарам.

Благодарам министре на репликата. Тука ве чекав. Ако тоа било така, а вие сте го предложиле во овој законски текст, ако нема каде да се преземе информацијата за санкцијата, тоа значи дека вие практично сте си ги дерогирале сопствените надлежности. Ако вие кажет дека министерот за здравство е тој кој што ќе ги прима тие извештаи и ќе одлучува по санкционирањето можам да разберам, ама затоа вие се определивите за бајпасирање на фактот што ги направивте јавни службеници, ги направивте административци и чиновници лекарите. Затоа ви е слабоста. Можеби сте имале добра намера сакам да верувам во тоа, ама имате многу лоша реализација.

Поимниците не се во членот 122, поимниците обично идат напред. Значи, ова е надвор од поиминицте. Намерно ја користат оваа дистинкција за да сфатите. Ние знаеме што ви беше намерата и таа се покажа. Требаше да имате поинаков пристап. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Миле Пачемски има реплика, повелете.

Миле Пачемски: Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван колега Величковски, постојано и вие и вашите колеги кои што земаа збор кажувате дека здравствените работници се јавни службеници. Тоа го кажавте стотица пати пред еден месец, па дури успеавте еден телевизиски медиум да го убедите дека тоа го пишува во законот и таа вест беше презентирана пред еден месец. Сега повторно и на второто читање односно и на овој дополнет предлог сакате да изнесете една невистина дека здравствените работници се јавни службеници. Тоа не е точно, тоа не е вистина, тоа добро го знаете и вие, меѓутоа еве од некои политички причини сакате тоа да го пласирате во јавноста.

Вчера зборував на оваа тема, повторно ќе зборувам, затоа што колку вие зборувате дека тие се јавни службеници, а тоа не е вистина толку имаме право ние како позиција да кажеме дека не ја зборувате вистината, во интерес на јавноста се разбира.

Зошто не се јавни службеници?

Затоа што во овој закон за здравствена заштита никаде не стои дека здравствените работници се јавни службеници. Тоа е првиот факт.

Втора работа, кога има оглас за вработување кај јавен службеник огласот го објавува Агнецијата за администрација. Кај здравствен работник го објавува установата каде што треба да се вработи.

Јавен службени полага испит во Агенцијата за администрација. После тој испит оди на интервју во установата каде што треба да биде примен.

Здравствен работник не полага испит во Агенцијата за администрација, туку овој закон ги определува критериумите кои ќе бидат запазени за да има предност при вработување. Тоа е пред се просекот од студиите, некаде се зема и познавање на странски јазик итн.

Понатаму, јавен службеник според законот мора да полага психотест и тест на интелегенција на личност. Здравствен работник не полага таков тест.

Понатаму, ако јавен службеник не биде примен тој се жали до Агенцијата за администрација, а здравствен работник ако не биде примен на некој оглас се жали до Комисијата за решавање на управни спорови и спорови од работен однос од втор степен.

Понатаму, јавен службеник се оценува на секои 6 месеци. Здравствен работник не се оценува. Таа оценка кај јавните службеници може да биде задоволува, се истакнува делумно или не задоволува. Ова е битно за да може тој да напредува во јавната служба.

Понатаму, регистарот кај јавните службеници е во Агенцијата здравство аадминистрација, а кај здравствените работници е во институт за јавно здравје.

Понатаму, префрлањето на еден службеник е без негова согласност, префрлаувањето на здравствен работник е со негова согласност.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Контра реплика има пратеникот Ивон Величковски, повелете.

Ивон Величковски: Благодарам претседателе, благодарам колега Пачемски,

Сега, за да не одам многу на широко, член 200, сатв 1 „Уставновата е должна да достави годишен извештај за изреченијете мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на здравствените работници и здравствените соработници до Агенцијата за администација најдоцна до 31 јаунуари во тековната година за претходната“. А извинете, содржината и формата на извештајот се пропишува со акт на министерот за здравство. Прекрасно. Министерот за здравство има многу значајна надлежност да го пропише образецот за тоа како се казнувале здравствените работници до Агенцијата за администрација. Готово. Тука завршува дискусијата.

Ајде да ве прашам нешто колега Пачемски, ако Собранието го бираат министерот за здравство, по ваша логика, тој на кого одговара? На Собранието. Не верувам дека него ќе го разреши

или за неговата работа извештај ќе добие Уставниот суд. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Има збор господинот Ставров Борче, повелете.

Ставров Борче: Благодарам.

Почитуван министер, почитувани пратеници, на првото читање на Законот за здравствена заштита заради потребата од донесувањена истиот дискутирав за да ги пренесам ставовите на регионалната Стоматолошка комора од Кавадарци-Неготино. Исто така за овој закон здравствената фела уште тогаш кажав треба што повеќе да се дообработи да се повлече за да може да излезе што поквалитетен закон. Меѓутоа, мнозинството во Парламентот не го прифати тоа, а исто така и претставникот на Владата министерот за здравство, и автоматски еве сега треба пак да дискутираме и покрај тоа што оваа тема е дијаметрално спротивна по однос на моето образование бидејќи сум градежен инженер, меѓутоа во интерес на, како корисник на здравствени услуги од јавното здравство, а и како претеник на Социјалдемократскиот сојуз од Тиквешијата, во интерес на граѓаните од Кавадарци, Неготино, Демир Капија, Росоман и Градско. Ќе ги изнесам своите ставови околу овој закон и ставовите на горе наведените комори од нашиот регион.

Посебно право да дискутирам за овој закон ми дава и фактот што претставникот на предлагачот на Законот за здравствена заштита, министерот за здравство е правник и неговата струка и познавање на проблемите во здравството се колку и моите. Посебно право да дискутирам за овој закон за здравствена заштита ми дава и фактот дека сегашниот министер за здравство во претходниот период беше министер за образование каде што направи хаос особено со учебниците и од тогаш остана онаа легендарната, бела крава, бело млеко дава, а изгледа сега со овој закон за здравствена заштита им порачува на луѓето во бело, луѓе во бело, стегајте се сега, казни ќе има, затоа што во дел од овој закон е појачана казнената политика бидејќи во последниот месец сите специјалисти добија за 10 до 20% помала плата. Вчера министерот за здравство му реплицираше на колегата Стојко Пауновски и каже дека сам го изготвил Законот за здравствена заштита преку кој влегува храбро и искрено во разрешување на проблемите во здравството.

Почитуван министер, разрешувањето на проблемите во здравството не се решаваат со искреност туку со стручност. Почитувањето и фаќањата на мислењата на Лекарската комора, фармацевската, стоматолошката комора, медицинските факултети, здравствените синдикати во овој случај не се испочитувани. Ги занемаривте насоките од здравствената стратегија за развој на здравството во 2012 година како и зелената книга на која подолго работеа стручњаци од разни области, доктори, претставници на невладини сектори, правници, експерти од Министерството за здравство. Дали храброста ви ја дадоа ноќните акции за лов на бубашваби и заспани доктори на дежурство како и откривање на неотпакувана медицинска опрема во ходниците и подрумите на болниците во државата набавена без тендери за да го предложите Законот за здравствена заштита. Сите знаеме дека овој закон е изготвен во преродбеничката кујна на ВМРО-ДПМНЕ. Овој закон е со цел да го амортизира разобличувањето на пропаста на здравството од страна на опозицијата која го разобличи. Знаете дека пред два месеци како точка на дневен ред беше во ова Собрание Информацијата за колапсот во македонското здравство предложена од пратениците на СДСМ и коалиционите партнери на која преку дискусии се разобличи шестгодишното уништување на здравствениот систем во Република Македонија од владеачката партија и тоа: го уништивте Клиничкиот центар, дозволивте личните и партиските бизнис интереси на фамилијата да бидат поважни од граѓаните на Република Македонија. Ги избркавте врвните специјалисти од јавното здравство во приватните здравствени организации. Оставивте огромни финансиски загуби на јавните здравствени установи. Потрошивте огромни средства за монтирање на камери во болниците кои се непотребни, за сметка на вработување на медицински лица и средства наменети за хигиена вработувавте возачи, чистачи и градинари и тоа се партиски војници. Во 2009 година според ревизорскиот извештај потрошивте 10 милиони евра без соодветна тендерска документација. Ги оставивте болниците без греење и ги приморавте болните да носат ќебиња од дома. Ги доведовте пациентите во ситуација да ги праќаат роднините да им купуваат лекови од аптеките за да бидат лечени. Каде е вашето бесплатно здравство? Во Фондот за здравствено осигурување оставивте огромна финансиска дупка која ја покривате со ребаланси. Господо од власта, ваков закон кој не го подржува здравствената фела и кој не е во интерес на граѓаните на Република Македонија со него нема да ги поправите грешките кои ги направивте во последните шест години.

Во однос на законот спореден со соседните земји и законите од тие земји има 330 члена. Гломазен закон, не е практичен. Србија има 280 членови, Хрватскиот 225. Меѓутоа за разлика од тоа во српскиот има потреба понатаму од донесување на 30 подзаконски акти, додека хрватскиот 25, а нашиот 60. Знаете Извештајот на Европската унија што кажа. Линеарен напредок, донесуваме закони а подзаконски акти нема. Автоматски овој закон таков ќе биде неприменлив како што е наредниот сега што ќе го разгледуваме Законот за води. Рековте дека преку амандмани предложени од пратениците и по сугестија на лекарската фела ќе го подобрите текстот. Беа поднесени многу амандмани од страна на опозиционите пратеници, меѓутоа усвоивте само 14 кои што не ја променија суштината на законот и понатаму и покрај одлуката на Уставниот суд на

мала врата сакате да го протуркате, здравствените работници да ги направите јавни службеници и покрај тоа што Уставниот суд на 21.09.2011 година ги поништи овие одлуки.

Исто така со овој закон преку член 29 кој исто така не сакавте да го промените на наше инсистирање околу 400 фармацевски фирми односно аптеки народски кажано ќе останат без работа.

На крајот, во член 219 кој се однесува на плаќањето по успешност, пред тоа го спомнав тоа дека многу доктори специјалисти во последниот месец се оштетени, а со овој закон исто така ќе бидат ставени на норма, па ги доведувате лекарите и специјалистите да трчаат по пациенти за да можат да ја остварат нормата и да остварат плата од 100%. Ако вашите два директори кои беа проект на реформи во претходниот период не покажаа добри резултати и сега пак истиот концепт го враќате тогаш и овие двајца менаџери, еден економист, еден лекар и тие треба да сносат санкции по однос на плата, а исто така и сите други вработени. Ако лекарите како основни даватели на услуга не остваруваат, како што во стопанството не се остварува 100% туку 80%, тогаш сите 80% треба да земат плата.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Реплика има министерот за здравство, повелете.

Никола Тодоров: Благодарам.

Нема што да ви кажам почитуван пратеник. На почетокот се трудев да ја следам дискусијата многу внимателно, потоа почнав да ги бројам неточностите кои ги кажавте. Ајде да почнам од првото. Рековте сум му реплицирал на вашиот колега Пауновски, сум рекол сам сум го изготвил законот. Не сум рекол такво нешто. Од вчера до денес не може да се заборави толку брзо. Ние тогаш говоревме за методологијата за единствени цени, еден ден е во прашање не помина една година. за друго разговаравме. После тоа кажавте 14 амандмани се прифатени, цел ден овде зборуваме 11 се прифатени. Не можам реално да ја разберам вашата дискусија денес. Прочитавте некој однапред подготвен говор, тоа е во ред, легитимно е, јавни службеници, плаќање по учинок.

За јавните службеници искрено ќе ви кажам и на сите други дискутанти и на вас, не ми смета што 30 или 40 пати го повторивте истото, напротив ми одговара, иако цело време се трудев да ви образложам дека не е така. Дај Боже, ќе се донесе законот, ќе почне да се применува и ќе видите дека ниту еден здравствен работник нема да почувствува дека се променил системот во кој и тие претходно функционирале затоа што буквално е ист во тој дел, како и претходно. Се прима во здравствена установа внатре, комисија во здравствена установа, таму се полага тестот, тестот се подготвува од лекарите, во случај на дисциплински престап се жали пред здравствената установа. Буквално ништо нема да се промени во однос на здравствените работници. Но стенограмите и дискусиите на сите вас ќе останат овде запишани засекогаш и секој еден ќе може да направи јасна дисктинција за тоа кој ја говорел вистината, а кој не. Мислам дека поголем дел од вас и не се свесни дека не ја говорат вистината, убедени се во спротивното без добро да ја проучат целата проблематика. Верувам дека е така. Не верувам дека намерно сите не ја говорат вистината. Но, добро е што ова ќе остане како запис засекогаш и после оваа дебата ќе можат и здравствените работници и граѓаните да оценат кој бил во право, кој денес бил искрен и кој говорел точно, а кој се обидел да ги изврти тезите за да креира привидно незадоволство кај здравствените работници.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Контра реплика има Ставров Борче, повелете.

Борче Ставров: Благодарам.

Почитуван министер, жално е ако ништо не сте сфатиле од ова или пак не сакате да сватите. Бев многу разбирлив, со факти изнесов доста аргументи. Меѓутоа, точно е дека ќе цени аудиториумот, граѓаните кои се тресат во болниците, во минатиот период им носевме и јас лично на моите родители кога беа болни во оваа година им носев по 2-3 ќебиња. Во болницата греењето беше 3-4 часа. Жално е.

Овој закон ќе биде неприменлив, тоа го кажува и фелата, вие не сакате да ја слушате неа, туку одите по свое, по вашата програма и по инструкциите од вашиот премиер. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Има збор господинот Андреј Петров, повелете.

Андреј Петров: Благодарам.

Почитуван министер, јас зборував неколку пати во текот на постапката за донесување на овој закон и во Комисијата и во првата фаза од донесување на ова законско решение. Сега сме тука со еден дополнет предлог каде што може да се кажат повеќе работи. Меѓутоа со оглед дека долго дебатиравме и во Комисијата, ќе се обидам тука да се задржам на некои суштински работи, според мене, што овој закон треба да ги регулира, а се поврзани со здравствениот систем.

Прво, при донесувањето на едно законско решение веднаш ја отфрлам онаа теза која од владеачкото мнозинство се сака да се пласира, а тоа е дека СДСМ сака да ја оцрни состојбата во здравството и дека често пати преку тоа сака да креира слика каква е состојбата во државата. Тоа не е точно. Не СДСМ, туку институции кои се занимаваат со здрвствениот систем, не зборувам само за оние кои се да речеме на Хелд групер анализи во делот на здравството, делот на впечатокот во медиумите, Здружение на пациентите, покажуваат дека состојбата во здравствениот систем е лоша и дека таа со низа на неконсенквентни потези во минатото сега е уште полошо.

Минатиот петок имавме една дебата организирана од германската невладина организација, жал ми е што министерот таму не

беше за да полемизираме, меѓутоа го слушнав неговиот одговор. Отприлика тезата гласа, ако сето тоа што СДСМ го зборува е вистина и дел од експертите во здравството, тогаш тоа значи дека тој ги исправил грешките на неговите претходници. Дури и да е така тоа покажува дека државата изгубила многу време за поправање на погрешни политики, или не може она што било прогласено за реформа прет три години и доживеало фијаско, сега да го поништуваме со друга реформа во спротивен правец. Неколку примери тука и пред јавноста и пред вас сакам да ги истакнам кој мислам дека се многу видливи.

Прво во здравствениот систем се направи една идеја за децентрализација на здравствениот систем преку поделба на Клиничкиот центар, преку децентрализација на набавките и сето тоа не доведе до бенефит до корист за пациентите, туку доведе до усложнување и правење на се поголеми потешкотии во здравствениот систем. После извесно време го видовме спротивниот правец. Сега во друг правец ќе одат реформите. Значи тоа покажува дека се нема визии, во здравствениот систем се создава еден вртлог кој не е безначаен заради тоа што пациентите корисниците, а тоа можеме потенцијално да бидеме сите ние граѓани на Република Македонија, тоа го чувствуваат отклонот од еден милиметар на почетокот ако сакате вака илустративно да се изразам на крајот дава неколку километри заради тоа што во здравствениот систем експерименти не се прават и не може да се експериментира. Ние бевме сведоци на експерименти во живо и јас се сложувам дека здравјето на луѓето нема цена и тоа е така, тоа е основна работа што ја учи секој студен на медицина. Исто така се сложувам бидејќи сум го почувствувал тоа дека нема цена што може да го плати задоволството на докторот кога на човек ќе му спаси живот, исто како што нема цена која може да ја плати болката тогаш кога нема да успее со тоа. И тоа се работи кои ги разбира оној што ги искусил. Со ова законско решение ние имавме неколку суштински разлики. Јас ќе говорам само по нив, нема да зборувам по однос на сите детали на законот, повторувам долго ги дебатиравме.

Прво ваквото законско решение доаѓа во услови кога Комисијата за здравство Парламентот се обиде да ја отвори јавната расправа и можам ако ништо друго да констатирам дека тоа имаше некакво влијание дека дебатата во општеството се покрена и дека собраниската комисија која ја води пратеникот Менде Диневски од СДСМ направи еден исчекор во тој правец да можеме да ги чуеме стручњаците, беа поканети огромен број на експерти, претседатели на здруженија, на синдикати и сите тие имаат свои забелешки. Нивното барање беше законското решение да се повлече што коренспондираше и со барањето на СДСМ и да се отвори прво една поширока дебата во општеството па потоа да произлезе законското решение од таа дебата. Бидејќи тоа не се направи сакам неколку клучни работи тука да истакнам. Освен она што мислам го расчистивме околу јавните службеници, заложбата на СДСМ докторите, медицинскиот персонал да не можат да бидат јавни службеници бидејќи се работи за една професија која е со посебен тип на одговорност, одговорност спрема граѓанинот како корисник на услуги. Имаме многу разлика во делот на раководењето со здравствениот систем. Концептот на двојни директори за нас е погрешен, концептот на бројни управни одбори за нас е погрешен, концептот на курсеви за менаџери во здравството, на начинот на кој сега е предвидено за нас е погрешен, концептот во кој се обидовме дел да поправиме, а кој предвидуваше на јавните здравствени установи да можат да бидат во управни одбори членови, или луѓе со средно образование, што мислам дека ќе доведеше до дополнителна катастрофа во здравствениот систем и преку нашето инсистирање, ама преку инсистирањето гледам на Медицинскиот факултет она што деканот Јанкуловски до вас го доставил, меѓутоа и голем број на еснафски здруженија, мислам дека го отстранивме. Имаме суштинска разлика во делот на мешањето во еснафското здружение, на мешањето во коморите. На онаа дебата на која учествувавме во која се вклучија и луѓе што се експерти од правото и професори на правен факултет, се обидовме да ве убедиме дека можеби вашето размислување дека не може пензиониран доктор да биде претседател на Комората држи. Меѓутоа не сте вие како Министерство, не е државата таа што тоа треба да го препише. Тоа треба да биде одлука на еснафот и тој треба тоа да го одлучи. За жал, на тоа решение се остана. Исто така, она што долго време го зборуваме кое најде делумна подлога во овој закон, тоа е концептот да има акредитација на здравствените установи. И јас ја поздравувам одлуката акредитацијата на здравствени установи да влезе во ова законско решение. Меѓутоа требаше да биде направена многу порано, најмалку пред година и пол кога СДСМ во Собранието го предложи ова законско решение. Вие често пати велите дека СДСМ сака најде во законот по секоја цена нешто лошо, или во предлозите на Владата. Не сакаме да најдеме по секоја цена нешто лошо, сакаме како опозоција на многу конкретен начин да придонесеме за развојот на нашата земја, да придонесеме за подобар живот на граѓаните, а здравството е една од средините која најмногу ги допира луѓето. Исто така во ова решение кое тука пред нас се нуди, не може да се исправи нешто, тоа беше допрено од еден друг закон, авантурата која се создаде, а ја имате делумно и како предлагач и самите напишано во ова законско решение, намалениот прилив на придонеси во Фондот за здравствено осигурување кој беше предизвикан од намалувањето на авантуристичко, според мене, на придонесот за здравствено осигурување. Во програмата на ВМРО ДПМНЕ требаше да биде 6,9. Не стигнавте до 6,9, на 7,2 се задржавте, ам добро е тука застанавте. Заради тоа што на тој начин само ќе

имаше уште поголема штета за здравствениот систем и заради тоа што тоа се алиментира преку буџетот на државата со пари кои исто така можат да се искористат за граѓаните, меѓутоа за други потреби. Во ова решение она што мене особено ме загрижува и тука сакам тоа отворено да ги споделам е што голем дел од работите ќе треба да се импровизираат во од, заради тоа што долгото време од 5,5 години во кое ВМРО ДПМНЕ е на власт во здравствениот систем правеше често пати еден чекор напред, два чекора назад, во различна насока се движеше. Сега доведува да мора сите работи да ги буткаме во правец напред. Меѓутоа тоа ќе се одрази на граѓаните.

И на крајот, она што е евидентно во општеството. а тоа што многу ви пречи, тоа е што во овој период од 5,5 години се сведе докторската професија на место што без малку е срамота да се работи заради етикетирањето. Секогаш беше добро да се спротивстави, зборувам од страна на Владата некој наспроти пациентите кои се многу побројни и тој беше тој лекарот кој беше виновен за таа работа. Тоа господине министре мора да запре и тоа веднаш.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Министерот за здравство има реплика, повелете.

Никола Тодоров: Благодарам господине Петров за коректната дискусија. Практично до колку ваква беше дискусијата за цело време и многу поинтересна ќе беше и за гледачите, можеби и за граѓаните, затоа што ќе можевме да дебатираме навистина по законот. Вие во вашето образложение се задржавте на законот и го ценам тоа и тоа го кажавте врз основа на целата дискусија која што ја имавме и на Комисијата.

На Комисијата имавме навистина сериозна расправа, се обидовме заедно да дојдеме до определени решенија и уште тогаш констатиравме дека по неколку точки ќе иомаме различни ставови. Мислам дека тоа е нормално. И денеска вие можете да видите по денешните медиуми тоа мислам дека е присутно. И во Америка денеска главна тема е здравството и реформата што ја направи Обама. Има дискусија пред Врховниот суд за тоа дали ќе се прифати или не и таму се дебатира по прилично спротивставени концепти. Едните викаат, вака треба, а другите сметаат не треба вака и тотално спротивставени концепти. Тоа е поентата. И едните викаат дека ова е погубно за здравството дека ќе донесе голема штета, се нарушува правото на определување, другите викаат не е така ќе се добие поголем квалитет во здравството. Значи целосно спротивна дискусија. И тоа е нормално во една демократија. Нормално е вие да имате едни политички ставови за политички прашања и да сметате дека вашите ставови ќе доведат до прогрес и нормално е ние да имаме други политички ставови за определени политички ставови, за определени политички прашања, бидејќи сепак ова е дел на здравствена политика и да сметаме дека тие ќе доведат до други поволности. Мислам дека тоа е клучно во денешната дебата. Значи за најголемиот дел од Законот сметам дека имаме некоја значајна согласност. Но има определени делови од законот, 4, 5, 10 нека се каде што имаме различна концепција за тоа каков треба да биде пристапот на водење на здравствената политика. И тоа е суштината на демократската битка за спроведвување и имплементација на политики. Ние сметаме дека концептот со два директори е успешен и треба да се продолжи. Впрочем доказ за тоа го гледаме и во фактот дека и приватните болници во Македонија имаат двајца директори, еден стручен и еден економски. Не е една, повеќе приватни болници го имаат тоа. И тоа можете сите да го проверите, ќе се уверите дека е точно. Мислам дека не треба да го оценуваме системот целосно како систем, како концепт врз основа на тоа дали некаде функционирал добро или не. Таму каде што не функционирал добро, треба да ги промениме играчите. Впрочем тоа почнав и да ги правам. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам

Контра реплика има господинот Андреј Петров, повелете.

Андреј Петров: Благодарам за репликата.

Сакам многу кратко да одговирам на неколку аргументи кои ги изнесовте. Го спомнавте американскито здравствен систем и претседателот Обама. Знаете што е разликата таму? Таму се трудат да изградат консензус во општеството. А тука беше обид наместо да се отвори поширока дебата, се донесе законот онака како што замислило владеачкото мнозинство. Тоа е едната работа.

Втората работа, нормално е да има различно мислење и тука асполутно се согласувам. Проблемот на раководењето во здравствените институции покажува дека начинот на кој вие тоа сте го смислиле, начинот на кој го спроведувате не носи резултати. Ги спомнавте приватните болници. Па приватни се, имаат пари да платат и два директори. Меѓутоа државниот здравствен систем нема пари да плаќа два директори, а особено нема пари да плаќа два директори кои волку лошо работат како овие кадри кои можеме да ги гледаме на функција секој ден.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Пачемски Миле има реплика, повелете.

Миле Пачемски: Благодарам претседателе.

Почитуван колега Андреј Петров, знаете дека ве почитувам и како пратеник и како лекар и не е спорно дека ние како лекари и како пратеници сакаме да дадеме некој придонес за да имаме еден добар закон за здравствена заштита, сакаме да имаме еден добар здравствен систем и тоа не е спорно. Моето искрено мислење е дека овој закон е многу подобар од досегашниот. Тој е многу поопширен, посеопфатен, попрецизен и навистина има многу елементи кои се во интерес

на здравствените работници, елементи кои се во интерес на граѓаните односно пациентите. Значи постојано бараме некој систем кој е идеален или близок до идеалниот. Никогаш нема идеален здравствен систем. Ако ме прашате кој би бил тој идеален систем или близу до идеалниот ќе ви кажам што беше до 1990 година кога Македонија беше во рамките на Југославија. Тогаш секој пациент, секој граѓанин имаше здравствена книшка и со таа книшка одеше на лекар, кај сака и кога сака. И тоа без да плаќа, без партиципација. Одеше сабајле на преглед кај лекарот и си земаше лекови од апетека бесплатно. Некој ќе му текнеше да оди и после ручек на втора смена кај лекарот да го види дали другиот лекар ќе го дели истото мислење. И вториот ќе го прегледа и пак ќе му даде лекови и тој ќе ги земе лековите повторно од аптека без пари, ќе ги однесе дома и си прави домашна аптека. Покасно тие лекови се фрлаа поради тоа што застаруваа. Значи,тоа е можеби некој идеален систем. Но времето покажа дека здравството не може така да издржи. Значи главен проблем и денеска, а и тогаш можеби било, се финансиите. Секоја држава, секој систем мора да се штити, односно да си ја пружи ногата колку што му е долга чергата. Значи во таков систем мора да се ограничиме на желбата односно потребите на пациентите. Е сега каде е проблемот? Проблемот господине АНдреј Петров не е во приватните болници. Таму работата одлично функционира. Лекарите си закажуваат прегледи, си земаат добри плати. Проблемот не е ниту во примарното здравство каде што реформите завршија, каде лекарите навистина работат имаат коректен однос помеѓу лекар и пациент и си земаат одлични плати, некој повеќе, некој помалку. Проблемот господине Петров е во јавните здравствени установи. Тука се гужвите. Кога човек е болен и кога ќе дојде на преглед тука се проблемите зошто не можат да чекаат. Законот нуди едно такво решение, да може да се закажуваат унапред за неколку дена или недели прегледите за да не се чека. Се разбира секогаш постои простор за да се примаат хитните случаи во секе време.

Инаку рековте дека намалениот здравствен придонес си има свои реперкусии во поглед на полнењето на Фондот, но сепак оние пари што останаа во стопанството, овозможија фирмите да преживеат во овие кризни времиња.

Трајко Вељаноски: Благодарам

Контра реплика има господинот Андреј Петров, повелете.

Андреј Петров: Благодарам за репликата на почитуваниот колега.

Неколку работи сакам да полемизирам, кратко е времетот, меѓутоа морам да ви кажам. Знаете што е разликата помеѓу оној систем до 1990 година, тој имаше и многу мани, меѓутоа имаше една добра работа. Таму во тој систем докторите беа почитувани. Во тој систем се знаеше кој можеше да биде доктор, и се знаеше дека никој не ја спори својата стручност, желбата да помогне на луѓето итн. Денеска е сосема обратно, денеска мора да има дежурен виновник за да не биде Владата виновна за проблемите на граѓаните, кои доаѓаат во здравствените институции онакви какви што се мора да е некој виновен. Јас скоро бев, пред некој ден кај еден од колегите на дежурство да видам, на прашањето како е, ми кажа гледаш како е. Ништо не се променило на добро се е променето на лошо. Значи она што исто така сакам да го истакнам е дека чекмеџињата 32 што ги направавите во Клиничкиот центар за лично богатење на поединци ви се проблем.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Хасипи Кенан има реплика, повелете.

Кенан Хасипи: Благодарам господине претседателе.

Имаше обиди во минатото многу обиди да се реформира здравствениот сектор и ако не се лажам речиси при сите тие обиди учествував во расправата во Собранието на Република Македонија. Овој пат беше исклучок, не од причина што верувам дека е донесен идеален закон, бидејќи идеален закон е невозможно, туку од причини што и било каков закон да донесеме, ние не можеме да направиме нешто што во овој момент е невозможно. Долго работам во здравствениот сектор, драго ми е што и колегата Петров кој што исто така е од таа фела, го знае работите. Ние за волја н а вистина од поранешниот систем кој пред малку овде беше спомнат, наследивме една шема на здравствени установи која што со ваков процент на невработеност и со волкав обем на финансиски средства со кои располагаме, буквално е невозможно, а да обезбедиме високи стандарди на здравствени услуги. Вие било какви измени да направите во законот, еве и да ги укинете двојните директори, еве и да ги укинете управните одбори, бидејќи бев член на Управниот одбор на Клиничкиот центар 1994 година, 1998 година кога се правеа исто така реформи и кога повторно ОЗТ - ИЊА се здружуваа, па се раздружуваа итн. Меѓутоа, состојбите остануваа исти, бидејќи не може со малку средства да се даваат високи здравствени услуги. И да ви кажам уште нешто. Ние за прв пат во овој закон се обидуваме да вреднуваме нечиј труд, бидејќи ние сме даватели на услуги. Тоа заначи дека оној што ќе овозможи повисок степен на услуга и повеќе ќе работи за да може за возврат повеќе да добие. Инаку, постоеше една урамниловка, работел, не работел, имаме исто примања. Имаше лекари кои доаѓаа на работа и си заминуваа во 3 часот. Имаше лекари кои што не излегуваа од операциона сала, а добиваа исто примања. Во тој дел се направени одредени обиди колку тоа ќе биде успешно времето ќе покаже. Меѓутоа уште една работа, прелистав и во Закон за здравствена заштита на Република Хрватска и таму вели дека здравствената дејност е јавна дејност. Ние не сме јавни службеници, но факт е дека вршиме дејност од јавен интерес и

дека во тој дел би било навистина непријатно да се продолжи со понатамошни полемики, затоа што дејноста што ја вршиме е јавна, бидејќи работиме во јавни здравствени установи. И самиот назив се вика јавна здравствена установа. Затоа не сакам повеќе да полемизирам. Инаку со дел од вашите констации се согласувам. Меѓутоа времето ќе покаже дали овие решенија ќе опстанат и дали ќе има потреба да бидат изменети.

Трајко Вељаноски: Благодарам

Контра реплика има господинот Андреј Петров, повелете.

Андреј Петров: Благодарам на репликата на колегата Хасипи. Она што СДСМ и јас ќе го правиме и понатаму, тоа е, секогаш кога нешто е во интерес на граѓаните, ќе го подржиме како што го подржавме Законот за намалување на цените на лековите. Секогаш кога нешто сметаме дека е спротивно на интересот на граѓаните, жестоко ќе ги критикуваме. Ќе се обидеме со свои предлози во Парламентот и во делот на здравството паралелно со оние 50-тина законски решенија кои ги предложивме во Парламентот да покажаме дека имаме и те како понуда што е добро за пациентите и дека не сме само дежурни критичари. Бидејќи оваа ми е последна контра реплика, на крајот сакам да искажам нешто што во дебатата во петокот претседателот на македонското Лекарско друштво господинот Тофовски ми го кажа во дискусијата и отприлика збворовите му одеа вака: што да кажам, нозете на луѓето им одат назад кога одат на работа заради тоа што овие партиски директори кои се инсталирани апсолутно не гарантираат дека можат нормално да си ја вршат својата работа.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Има збор господинот Горан Сугарески, повелете.

Горан Сугарески: Благодарам почитуван претседателе. Почитувани колеги пратеници, господине министер,

Еве финишира расправата по Дополнетиот предлог на Законот за здравствена заштита. Мислам дека пратеничката група на СДСМ направи обид да укаже не само при овој Дополнет предлог, туку и при општиот претрес кога се водеше дебата, исто така и на јавната расправа. Меѓутоа, очигледно е дека за дел од работите се нема слух и очигледно е како што спомна и самиот министер очигледно се имаат различни концепти. Меѓутоа, основното прашање кое што се поставува е, дали ова е клучниот проект кој што беше очекуван од јавноста, од граѓаните, од пациентите , од здравствените работници. Бидејќи ние имаме впечаток дека со поставувањето на новиот министер се отвара еден така кажано нов циклус, бидејќи она што очигледно претходните двајца министри за некои успешно, за некои неуспешно го работеле. Меѓутоа, гледаме дека во голема мера на овој закон се инкорпорирани нивните работи дури за сметка н а тоа што и власта признаваше дека не беа успешни проектите. Моите претходни колеги укажаа неколку пати. Јас нема да зборувам во делот дали здравствените работници ќе бидат јавни службеници, нема да го поставувам тоа прашање , иако рамката останува на тоа. Меѓутоа оставаме на верување на министерот, дека тие нема да бидат јавни службеници.

Меѓутоа, како и да е, остануваат неколку работи што веројатно мораше да бидат тема на дебата во ова Собрание, затоа што нам, навистина, ни остануваат некои пршања целосно отворени. Ако го гледаме членот 27, каде што ние како СДСМ, сметаме дека Фондот излегува надвор од рамкит ена неговите ингеренции, Владата и Министерството за здравство сметаат поинаку, но за жал ние така го читме законот и така тоа е.

Во делот на ингеренциите што се даваат на Владата, сметаме дека тоа треба да биде ингеренција на Собранието за спојување на одредени јавни здравствени установи, за жал, во Законот стои по предлог на министерот тоа треба да го одлучува Владата. Меѓутоа, конкретно би се задржал на два члена. Тоа е членот 219, многу дискутиран и веројатно најоспоруван за нас. Тоа е дел во дефинирње на поимот што е основна плата. Амандманскиот предлог што го даде СДСМ, а тоа е да основната плата се определува во зависност од барањата на работното место, за што здравствениот работник склукчува договор за врботување и степен на сложеност утврден во Колективен договор. Без делот„во зависност од рботната успешност определена според Колективниот договор“. Затоа што во понатамошниот текст на Законот вие предвидувате и парични награди за оние кои успешно работат или ќе покажат најдобри резултати и за оние кои треба да бидат, нормално, казнети, ако не ги исполнува своите обврски. Затоа мислиме дека овде, овој елемент може да се јави како селективен елемент. Затоа мислиме дека не смее вака да биде дефиниран. Се знае како се дефинира основната плата. Независно дали станува збор за здравство или било која друга сфера. Врз база на договорот за вработување што е склучен, степен на сложеност согласно колективниот договор, Понатаму, со колективниот договор и други акти можете тоа да го регулирате. Меѓутоа, во основната дефиниција за основна плата, мислам дека не станува збор само за различен концепт, туку мислам дека станува збор за нешто за што владата немаше слух и не сакаше да го прифати. Времето ќе покаже дали сме во право или не. Малку беше коментиран делот, во други одредби членот 289, надоместок што ќе се плаќа при производство и увоз на тутун и тутунски производи. Наведувате цена по парче, за произведена или увезена пура, цигарилос што содржи тутун, тутун за џвакање итн.

Надоместокот од став 1 на овој член за обврзникот од ставот 2 на овој член го пресметува производителот кој е должен да го уплати надоместокот на соодветна уплатна сметка во рамки на трезорската сметка во рок од 15 дена по истекот на секој календарски месец.

Овие средства за што служат? За унапредување на здравјето? Имаме реална претстава, не беше загатната во дебатата, чисто ме интресира колку господине министер се собираат средства по оваа ставка? Дали имаме некакви сознанија. Под унапредување на здравјето, јас разбирам да се купуваат инструменти во болниците и други работи. Дали за таа намена се користат овие средства?

Мислам дека е легитимно прашање. Мислам дека никој не го постави, па затоа гледав колегит епретходно шт кажаа, да не повторувам. Дали знаеме за што се трошат овие пари? Ме интересира дали фирмите што не го плаќаат некогаш и некаде се санкционираат? Затоа што мислам, дали станува збор за во буџетот или не, претпоставувам дека ќе ми одговорите, бидејќи мислам дека добар дел на фирми ова не го плаќа. Но, има друг ден за дебата на таа тема, така што мислам дека добар дел од овие средства што се собираат, еве денеска во текот на денот, бидејќи голем дел на граѓани ја гледаат оваа дебата, имавме поставено прашање и мислам дека тие средства треба да се користат за таа намена што реков. Инструментите и опрема што ја има во клиничките болници, општите болници, конкретно имав јавување од Ресен. Велат во Клиничката болница Битола, повеќе болни од Ресен и Преспа чекаат на скенирање коски, што е неопходо заради продолжување на процесот на лекување. Но, заради немање на материјали, скенот не може да се изврши. На прашање а пациентите кога ќе добијат, персоналот одговара дека е неизвесно и не знаат кога.

Ист случај, се јавија од Берово, колегата Пачемски е тука, стануваше збор за обдукција на некое дете од 13 години. Сега разговарав, пред да се јавам за збор.

Затоа прашувам, дали од овие средства што согласно членот 289, по основ на производство и увоз на тутунски производи, дел од тие средства се користат за тие намени?

Затоа велам, не станува збор за тоа што овие 7-8 месеци, откако сте министер го кажувате. Секој министер, и Селмани и Бујар Османи, најавуваа реформи. Гледам дека голем дел од нивните реформи, за што мислам и вие лично сметате дека апсолутно се покажаа како неуспешни, уште процесот на внесување а камерите не е внесен во овој закон. Не можеме да го одбегнеме прашањето на потписот на директорите. Тој проект доживеа фијаско. И сега велиме дека го задржуваме и внесуваме повторно во Законот.

Избегнувам да повторувам делови што беа кажани но и самите во претходната реплика на колегата Петров, кажавте дека има различни концепти. Се согласувам, но за дел од концептите и да сакаме да се согласиме, тие едноставно не се само концепти. Жал ми е што и времето ќе покаже дека ова што СДСМ денеска го зборува е така.

Не станува збор за никакво собирање на политички поени. Ова е закон што треба да помогне на пациентите и да биде од корист на здравствените работници. И точка. Не СДСМ, ВМРО или ДУИ да собираат политички поени. Луѓето кои дојдоа, јас бев малку присутен на јавната расправа што се водеше во салата Борис Трајковски, видов незадоволство во нивните очи. Дури некои работи и не кажаа. Меѓутоа, тие што ги слушав, апсолутно не се задоволни од ова законско решение. Тие ја работат таа работа. Ние можеме евентуално на овие луѓе, освентие кои се здравствени работници, евентуално да им бидеме пациенти. Ништо друго. Ние нема да го работиме. Затоа, мислам дека треба малку и од практичен аспект да ги гледаме работите. Што е тоа што, иако некој овде кажа дека СДС бил виновен шт во 1991 година донел ваков закон. Мислам дека и таква глупост слушнавме овде.

Доста е. Дајте доста више ние, вие. Работата е друга. Дајте да направиме закон што ќе биде од корист и за здравствените работници и за пациентите. Дел од нив не знаат дали е информација денеска или закон. Нив ги интресира утре, кога ќе појдат на клиники или болници да добијат добра здравствена услуга или пак со месеци ќе чекаат на некоја операција или како што е случајот со скенирање на коски. Тоа е клучното прашање.

Но, мислам дека со овие одредби, ако се имаше слух и тоа што колегите здравствени работници во СДСМ го предлагаат, мислам дека требаше да соберете сила и да го прифатите ова законско решение. Вака останuваме на тоа дека времето ќе покаже дека ќе имаме уште еден недобро имплементиран закон, иако можеби дел од овие решенија што ги нудите се и добри. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Пачемски Миле има реплика, повелете.

Миле Пачемски: Благодарам претседателе.

Колега Горан, секоја ЈЗУ остварува финансии во својот буџет врз база на неколку ствки.

Како прво, таа добива одредени финансии од Фондот за здравство. Тоа е првиот и најголем основ.

Второ, врз база напартиципација на извршени здравствени услуги во рамките на својата дејност, потоа со лични средства на граѓаните кои плаќаат здравствени услуги врз база на лични средства, и во вид на донации од разни правни или физички субјекти.

Меѓутоа, тоа што го кажавте, има една ставка како донација во буџетот на Република Македонија, токму е тоа членот 289 за што прв пат вие прозборевте. При увоз и производство на тутун и тутунски производи, секое правно лице што се бави со таа дејност мора да даде одреден паричен надоместок во буџетот токму како, во наводници да го кажам тоа, данок на државата, затоа што е докажано дека тутунот и тутунските

производи имаат штето дејство врз здравјето на граѓаните.

Оваа одлука иако е сега внесена во Законот, беше донесена во 2005 година во ваше време, ако сакате да знаете господине Диневски во времето на господинот Бранко Црвенковски 2005/2006 година, тогаш еден мој пријател кога тоа го слушна на вестите, беше долгогодишен пушач се откажа од цигарите.

Тогаш беше како правилник во оваа област, сега го ставаме како законско решение. Точно дека секој кој произведува цигари плаќа одреден надоместок. Во законт е точно наведено колку се плаќа. Значи, тоа е дополнителен прилив на средства во буџетот на државата. Инаку, тука царинската управа е институција што е надлежна да води евиденција за сето тоа. Благодарм.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Сугаревски Горан има контра реплика, повелете.

Горан Сугаревски: Благодарам претседателе.

Благодарам почитуван колега што барем признавте една добра работа напрвила СДСМ, реформа во 2005 година со внесување на оваа одредба.

Меѓутоа, јас ја поставив работата поинаку. Само прашав дали овие средства што согласно членот 289, во други одредби предвидувате при производство и увоз на тутунски производи, каде се трошат тие средства? Влегуваат во буџет? Имаме реална претстава колку? Се согласувам со вас дека се по тој и тој основ се собираат средства. По овој основ, имаме ли ние сознание?

Кажавте една реченица што вели вака, дека секој оној кој произведува и увезува плаќа. Сигурни сте за таа работа? Ќе го оставам тоа за утре може? Ајде, за утре? Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам и јас.

Господинот Мисовски Горан има збор повелете.

Горан Мисовски: Благодарам претседателе,

Колеги пратеници, господине министер за здравство,

На почетокот морам да ви забележам позитивно дека е добро што одлучивте и се одваживте Законот за здравствена заштита да го браните во двете фази. Тоа е вистинскиот однос, така треба да се однесуваат сите министри, без разлика на спротивните ставови кои што ги имаат позицијата и опозицијата, конкретно за ова законско решение и ќе ми дозволите во овој прв дел и мала процедурална забелешка ако сакате до вас. Ама апсолутно не прифаќам, на пратениците од опозицијата кој говори по Законот кој не говори.Тоа право го има само претседавачот на седницата во овој случај претседателот на Собранието на Република Македонија.

Господине министре, многу пати изјавивте дека Зконот за здравствена заштита, а тоа ве поддржуваме, точно е така, овој Зконот за здравствена заштита или воопшто Зконот за здравствена заштита преставува устав за белите мантили. И сега веднаш забележав во една ваша реплика велите вака господине министер. Нормално е да имаме различни ставови, тоа го изјвивте сега пред 10 минути и тоа како став ви го почитувам. Ама не е нормално за уставот на белите мантили да имате различен ств, со фелата. Еве ќе прифатам со опозицијата, ајде можеби за вас е нормално да имаме рзлични ставови па ако сакате и по сите законски предлози кои што доаѓаат од Владата. Ама вие вашето законско решение не ви го почитува, не ви го одорува фелата. Имавте шанса да докажете за прв пат, да бидете единствениот министер за здравство кој што издејсвувал Зконот за здравствена заштита или устав за белите мантили, донесен со консензус. Само требеше за момент да го испочитувате Деловникот на Собранието на Република Македонија во членот 145 кој што предлага дека за закони од поширок интерес Собранието распишува општа расправа.

И она за мене што е многу по важно господине министер, тоа е ставот 2 од членот 147, дека со предлогот на законот се објавува и повик за доставување на мислења и предлози и се определува рок во кој тие може да се доставуваат. Значи имавте идеална шанса да го испочитувате Деловникот, ама најмногу од се имавте и морална обврска да ја испочитувате фелата, затоа што вие пред се како министер претсатвник на Владата, министер за здравство сте, тој првиот најповикан во името на Владата, да го почитувате ставот на фелата. Овде се работи за осетливо прашање. Се работи за регулирање на уставот на белите манитили кој што прдуцира понатаму одредени состојби во здравство и пациентите нели како крајни корисници на здравствениот систем. Вие тоа не го направивте. Ја испуштивте таа шанса.

Почитуван господине министер, нотирав пет работи кои што во вашето излагање во една реплика ги искажавте на оваа говорница за кое што ние како опозиција не се согласуваме со вашите тези и не се согласуваме со Предлогот на Владата за вакво законско решение кое што е на денешната седеница.

Значи прво, господине министер, толку третираниот член 200 или поточно оној член каде што се бијат копјата дали здравствените работници ќе бидат јавни службеници или не. Значи господине министер јас ви го почитувам ставот, јас бев прв како координатор на пратеничката група на Новасоцијалдемократска партија и Либералната партија што ве повикав од оваа говорница јавно, влезено е во стенограмите дали здравствените работници ќе бидат јавни службеници или не. И како став ви го почитувам, исто така ви го почитувам ставот дека стенограмите постојат како архива во ова Собрание. Ама не ви верувам господине министер. Ако се вратите наназад, еве да не ве вратам многу наназат, премиерот кажа нема со државни пари да се чевствуваат празници на туѓи држави, видовме дека тоа се случи. Нема да ги амнестираме хашките случаи, тоа се случи.

Зошто да ви веруваме. Вие сте член на Извршниот комитет. Можеби утре ВМРО ДПМНЕ и Изврешниот комитет ќе донесе друг одлука. Заради внатре партиски или теснопартиски интреси кои што впрочем се случуваат, здравствените работници да станат јавни службеници, затоа што претходното законско решение стоеше дека тие се работници кои вршат работа од посебен интерес. Можевте да го задржите тоа законско решение.

Втората работа зошто не ви верувам, велите членот 200 каде што тие имаат обврска да доставуваат извештаи до Агенцијата за јавни службеници, ете така сте го оставиле, ама опозицијата поднела амандман, вие сте биле спремен да го прифатие. Согласно Деловникот до отпочнување на материјалната расправа, второто читање, тоа може и Владата да го направи. Вие видовте дека опозијата имаше сериозна аргументација, зошто смтаме дека идејата на ВМРО ДПМНЕ, здравствените работници да ги направи јавни службеници. Еве ќе ме демантирате и мене, ама и ќе одземевте половина од денешнава расправа ако вие, како министер на Владата, поднесовте на дополнетиот предлог амандман.

Е, тогаш, ќе го почитувам вашиот став дека заради тоа што говориме, на оваа говорница постојат стенограми.

Вака, господине министер, дозволете ми, тука завршувам со оваа тема, ви го почитувам ставот, но не ви верувам. Не ви верувам вам, не верувам на искрените намери на Владата. Затоа што Владата да ве потсетам, тогаш вие не бевте министер за здравство, имаше такви интенции, ги вметна во законот, паднаа на Уставен суд.

Втора работа околу врзаните потписи на директорите.Говорев и минатиот пат, тоа е идејата што беше промовирана во Бугарија. Видовме, пропадна целиот систем за една година. Бугарите мораа да се вратат назад.

Што се случи? Именувавте економски директори во здравствените установи. Владата ги плати надворешните долгови кон јавните здравствени организации и ги натера директорите меѓу себе да си ги поништат побарувањата. Така направивте дополнителни загуби во здрвството од преку 20 милиони. Вистина или не? Должни сте како министер да одговорите на таа дилема.

Што реши Владата со врзаните потписи? Идејата од 2007 година, многу добро се сеќавам, ние тогаш жестоко се спротивставивме. Двајцата директори меѓу себе да се контролираат. Сега, кога гледам дека директорката на Онкологија, заради ореден криминал, не знам, ја слушнав изјавата на економскиот директор, не знам дали е нов или стар, не е битно, вели дека се води постапка во Министерството за внатрешни работи еден. Тие двајца требале да се контролираат, ама директораката е разрешена, се води постапка, а економскиот директор кој требал да ја контролира, тој дава изјава. Си извинувам однапред ако не знам дали е тоа истиот човек или е некој нов. Еве, ве повикувам да дадете одговор. Тоа беше основната идеја, меѓусебе да се контролираат, да го полчитуваат Законот за јавни набавки, да не се краде господине министер. Тоа беше основната поента. Директорката ќе ја години Министерството за внатрешни работи еден, а економскиот директор дава изјави дека не можел да даде изјави бидејќи се водело постапка во Министерството за внатрешни работи еден. Нема логика. Двајца директори имаше на дигестивна хирургија. Милионипол евра загуба. Како и впрочем на други клиники. Што постигнавте со двајцата директори, само решение на одредени партиски кадри. Ама вие тоа добро го знаете. Измислувате се повеќе и повеќе институции за да може Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ да позиционира партиски кадри во тие институции. И сега вие велите и во приватните здравствени организации имало двајца директори. Тие може да си дозволат и пет, некаде се фамилијарни бизниси, целата фамилија можат да им бидат директори, ама тоа си го плаќаат од џеп, овие економски директори не ги плаќаат министре. И тоа се на штета на граѓаните на Република Македонија. На штета на пациентите. Ајде излезете на оваа говорница и кажете ја анализата колку ве чинат управните одбори, колку ве чинат врзниот потпис и двајцата директори или економскиот директор. Излезете, кажете на граѓаните на Република Македонија, се се тоа партиски решенија.

Трета работа, плаќање по успешност. Види богати министре тоа го регулирате со акт на министерот, членот 219, многу интересно. Како можете па вие сте тој најодговорен да ја штитите фелата, да ги плаќате докторите по учинок. Може ли да шпекулираме, бидејќи не е дефинирана основната плата прецизно во законот. Ве прашав и минатиот пат, оној кој ќе оствари 150% на успешност, дали ќе добие и 150% плата. Не ми дадовте одговор. Затоа што немавте. Лимитот е тој, ограничен е буџетот, на еден ќе земете, на друг ќе дадете. Повторно во рамките на тие 100%. Па како можете вие сте првиот најповикан да ја браните фелата на ваков начин да вршите притисок врз лекарите. Да ги плаќате на начин што сте го предвиделе со законот. По учинок, види богати.

Еве хипотетички, може ли да се случи цел месец сите здравствени институции да имаат за 30% помалку пациенти. Па вие ќе бидете најсреќен министре, вие ќе бидете најсреќен, значи сме имале добра реформа во здравството, добра исхрана, евтини лекови па ни се подобрило здравството во нацијата, тогаш тие лекари сите ќе ги казните со 70% плата. Па господине министре, може ли пожарникарите да бидат платени по успешност и да примаат 70% плата. Па вие буквално на таков начин се однесувате и лекарите исто како и пожарникарите. Па колку помалку има пациенти кај лекарите, толку е поздрава нацијата. Колку помалку пожари има, толку во Службата за противпожарната бригада

ќе има помалку работа. Каде ги наоѓате овие, навистина не знам, човек не е паметен за да се врши притисок во одредена бранша, во одредена фела, во одреден сегмент во општественото живеење измислувате работи кои што ни на крај памет не би му текнале на некој друг. На таков начин да врши притисок врз лекарите. Навистина мислам, тоа не е добро, вие сте министер за здравство вие треба да ги штитите интересите на лекарската фела, а не на ваков начин со ваша уредба да измислувате процедури како да бидат казнувани.

Четврта работа, изборот на претседател на Лекарската комора. Секаде ставивте рака како извршен Комитет, сега одлучивте и Лекарската комора да ја контролирате. И многу едноставно. Во првиот дел сте предвиделе за формирање на Лекарска комора 7 милиони денари и велите вака, ако Владата на ВМРО-ДПМНЕ обезбедува 7 милиони денари е тогаш ние ќе имаме прво и да одлучуваме кој ќе биде претседател, кои ќе бидат членови на управниот одбор итн.

Па уште сте предвиделе Државниот завод за ревизија да им прави контрола, Министерството за здравство да им прави контрола, а ќе се финансира од членарини. И ајде, како јавен интерес можам да го сфатам размислувањето од Државниот завод за ревизија бидејќи има една таква одредба во законот, ама што вие дополнително да ги контролирате. Каде ги потрошиле тие 7 милиони денари? Да не ви забега случајно претседателот на Лекарската комора кој што ќе го изберете на извршниот Комитет, па да можете многу полесно да го смените. Оставете ја фелата да си функционира министре на начин како што си функционирала, како што покажала резултати. Немојте на таков начин да вршите притисок.

Петтата работа околу мрежата. Одличен конкретен предлог од страна на опозицијата. Ајде Собранието да одлучува за тоа, ќе има поголема транспарентност, подобра контрола, многу подобра контрола. За мрежата, министре ако не ме слушнавте добро. Ајде и за тоа можеме да разговараме. Зошто Собранието да не го носи тој акт, зошто да мора тоа да го направи министерот за здравство. Владата или министерот за здравство како претставник на Владата.

Значи господине министер, последното прашање, завршувам, бидејќи сум последен дискутант, со Уставот за белите мантили ќе им обезбедите ли подобри услови на лекарската фела и подобри услови на пациентите. Или ќе бидете еден од многуминатa министри кои што во минатото се обидел да направи некакви реформи ама не успеал. Реформите во здравство министре, сите тие министри кои што ќе бидат после вас, ако се прават без согласност на фелата ќе бидат осудени на пропаст, затоа што сега законот што ќе го донесете ќе појдете во Министерството, ќе појдете во јавните здравствени установи, ќе одите на Клиничкиот центар, сите ќе ви подаваат рака, но бидете сигурни кога ќе им го свртите грбот сите ќе ве критикуваат. Уставот за белите мантили се носи само во согласност со белите мантили.

Пратеничката група на НСПД и ЛП никогаш не би им паднало на памет да подржи едно вакво законско решени.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Министерот за здравство има реплика, повелете министре.

Никола Тодоров: Благодарам.

Почитуван пратеник за овој последен говор кој што навистина беше точка на целата оваа дводневна расправа. Буквално со истите тези како од вчера и како денеска. Тие се четирите или петте точки за кои што дискутираме и навистина мене ми е на крај мило дека можеме да констатираме дека разликата ни е само во тие 4 или 5 точки. Благодарам за тоа.

Второ, не можам да ви се заблагодарам на делот на дискусијата во кој што тешко импровизиравте.

Прво, рековте за економски директор на онкологија давал изјави и говорел како тој бил, едниот бил сменет, другиот не бил, не, двајцата беа сменети. А господинот кој што говореше е стручен директор, доктор специјалист. Не се оградивте, здраво го искритикувавте, граѓаните што не пратат и што не слушаат сфатија дека едниот е сменет, другиот не е сменет, тој продолжува и тоа е практично како резултат на погрешниот концепт на двајца директори. Не е така. Тоа беше прв доказ.

Втора работа плаќање по успешност ако имало 30% пациенти помалце јас би тербало да бидам среќен, нормално дека е така. Ама тоа нема врска со плаќањето по успешност. Ние не викаме тие да бараат што поголем број на пациенти. Значи повторно импровизирате. Воопшто не го ни знаете концептот. Концептот е да во рамки на постојниот број на пациенти кој што е фиксен на крајот на секој месец. По дефиниција не може да има повеќе пациенти од тоа што прошле тој месец, за конкретниот месец. Не за претходниот, не за следниот. Треба да биде распределена работата или товарот на работењето на сите лекари подеднакво. Вие велите не ги штитам луѓето во белите мантили. Јас велам ги штитам и тоа со оваа законска одредба или со овој начин на функционирање на плаќање по успешност. Ги штитам оние што најмногу работат и оние што се носители на целата работа во јавната здравствена установа. На чија страна вие би застанале. Во една јавна здравствена установа има еден хирург кој што направил 15 операции, а неговиот колега направил само две. И едниот и другиот земаат иста плата, и едниот и другиот имале исто работно време, и едниот и другиот имаат ист број работни часови. На чија страна вие ќе застанете? На работникот што од петни жили се трудел да спаси човечки живот и работел и овој што си седел, што си свиркал и земал плата. Тоа е разликата. Тоа е концептот при предлагање на ова решение.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Горан Мисовски ќе има контра реплика повелете.

Горан Мисовски: Благодарам министре што ја потврдивте мојата теза. Не е важно јас на чија страна ќе застанам. Важно е фелата за чие што денешно носење на законот се однесува. Тие како ќе ви предложат да се уредат состојбите. Тие треба да ги испочитувате. Оставете ја, заборавете ја опозицијата. Бидејќи се носи Уставот за белите мантили. За лекарите требаше тие да ви кажат и за тој што има две операции, пет и десет. Значи, тие требаше да ви кажат. Вие морате да ги испочитувате нив, а што се однесува до онкологија јас реков на почетокот, се оградив и се извинив на човекот бидејќи мислам дека е тој еден од тие кои што биле во таа зделка. Затоа повторно уште еднаш јавно се извинувам, но уште се потврдува мојата теза. Значи, тие наместо да се контролираат, а биле поставени од ВМРО-ДПМНЕ тие заенички го делеле профитот. Каде завршува тој господ знае, впрочем ќе покаже истрагата на Министерство за внатрешни работи. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по членовите 2, 3, 4, 15, 18, 22, 23, 26, 27, 29, 32, 38, 39, 44, на насловот пред член 50 и на член 50, на членовите 59, 65, 71, 76, 78, 88, 100, 101, 105, 109, 121, 140, 148, 149, 159, 178, 212, 213, 217, 219, 222, 231, 232, 241, 242, 259, 266, 268, 269, 272, 275, 305, 307, 316, на новиот член 316-а и на членовите 317, 323 и 327 е завршен.

Врз основа на член 156 став 2 од Деловникот на Собранието за седницата на Собранието не се поднесени амандмани на Дополнетиот предлог на закон.

Поради тоа што Собранието не усвои не еден амандман на дополнетиот предлог врз основа на член 162 од Деловникот на Собранието преминуваме на гласање по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Благодарам.

Вкупно гласаа 84 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа 53, нема воздржани, против 31.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за здравствена заштита.

Минуваме на точката 32 - Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за водите по скратена постапка, второ и трето читање

Дополнетиот предлог на Комисијата за транспорт, врски и екологија како матично работно тело и Законодавно-правната комисија ви е доставен.

Отворам општ претрес и претрес по членот 3 на дополнетиот предлог.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општиот претрес и по претресот на членот 3 на дополнетиот предлог да се пријават за збор.

Има збор заменик министерот за животна средина и просторно планирање.

Стево Темелковски: Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Главната причина за пристапување кон изменување и дополнување на Законот за водите во суштина е усогласување на овој закон со Законот за концесии и јавно приватно партнерство, кој започна да се применува од март оваа година.

Со измените и дополнувањата на овој закон ќе се постигне целосно усогласување со одредбите од Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Воедно дополнувањата се прават со цел да се обезбеди зголемување на приходите на општините во насока на распределбата на надоместокот кој ќе се наплаќа за издадени концесии за користење на водните ресурси за производство на електрична енергија во однос 50% за централниот буџет и 50% за буџетот на единиците на локалната самоуправа.

Исто така направени се одредени дополнувања на одредбите на Законот во насока на полесно и поефикасно спроведување на Законот за водите.

Од горе наведените причини сметам дека е потребно да ги подржиме предложените измени и дополнувања на Законот за водите. Благодарам.

Светлана Јакимовска: Има збор господинот Борче Ставров, повелете.

Борче Ставров: Благодарам потпретседателке.

Почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници, како што кажа и заменик министерот за животна средина и просторно планирање денес на дневен ред е измената на Законот за води. Пред да почнам да образлагам сакам малку да дадам еден историјат околу Закнот за води, бидејќи сум ги практицирал и најстариот, од 1975 година кога бевме во Федерација со останатите републики и потоа 1998 година кога за прв пат се донесе македонскиот закон за води, кој беше дополнет со ставови околу заштита на животната средина.

Мислам дека тие два закони беа доста квалитетни. Овој во 2008 година беше донесен кој што е со европско знаменце. За него дадов во тоа време свои коментари и мислам дека треба да се надополни уште со неколку работи за да го заслужи знаменцето на Европската унија, бидејќи ги знаеме и законите за води на Франција, на Италија, на Шпанија, така да треба да го надоградиме овој Закон за води.

Добро е што денес се надоградува и вклопува со Законот за концесии и јавно приватно партнерство, значи еден чекор почнува. Во наредниот период мислам дека ќе дадеме и нови

предлози со кои овој закон ќе биде квалитетен и применлив и ќе биде во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Значи, целите на дополнувањето и измените на Законот за води е усогласен со Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Воедно дополнувањето се прави за да се обезбеди зголемување на приходите во општинтие во насока на распределба на надоместокот кој се наплаќа од издадени концесии за користење на водите, водните ресурси и за производство на електрична енергија во однос 50% за буџетот на Република Македонија и 50% за буџетот на единиците на локалната самоуправа на чие подрачје се врши концесиска дејност. И до тука е добро што се доделува средства за општините, а понатаму ќе кажам околу процентите.

Со предложените измени се воспоставува систем со кој приходите постепено во определена временска рамка ќе бидат приход со кој ќе располагаат општините. Во овој период општините ќе можат да ги изградат своите капацитети во однос на управувањето со водите и спроведувањето на Законот за води. Ова е малку дискутабилно, член 8 кој што ќе го образложам и ќе почнам член по член.

Во член 1 се регулира постапката за доделување на концесија.

Според Законот за води претходно Комисијата ја формираше министерот за животна средина, сега заради усогласување со Законот за јавно приватно партнерство односно концесионирање Комисија ќе ја формира Владата на предлог на министрите и градоначалниците на локалната самоуправа. Тука е се во ред. Претходно Комисијата ја формираше министерот за животна средина, сега заради усогласување со Законот за јавно приватно партнерство односно концесионирање Комисијата ја формира Владата на предлог на министрите и градоначалниците на локалната самоуправа. Тука е се во ред. Член 55 се менува и гласи, концесијата се доделува по пат на јавен повик организиран и спроведен со согласност со одредбите од Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Се менува член 56 кој ги регулира односите меѓу концесијата и дозволата за користење на вода.

За да се даде јавен оглас, според Законот за концесии и јавно приватно партнерство одобрение дава Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за одбрана, Министерството за култура и сите министерства кои се надлежни за оваа работа го даваат своето мислење.

За овој член ние дадовме амандман, пратеничката група на СДСМ баравме став 2 и 3 да се избришат затоа што беше во членот 54 кој беше предмет за изменување и бришење, члне 54 стаав 5 и 7 каде што став 5, министерот кој раководи со органот на државна управа, значи се одзема правото за распишување на јавен конкурс на Министерството за животна средина и просторно планирање и се дава на Владата да го распише тој конкурс по Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Значи првиот и вториот став остануваат, овој беше спорен затоа што се добива концесија, прво рангираниот и доколку ја нема дозволата за користење на вода можно е да ја изгуби концесијата односно да не биде прво пласиран, второ пласираниот да ја добие концесијата доколку ја има добиено и дозволата за користење на вода. Нашиот став беше дека треба да се спојат добивањето на концесија по јавен оглас и штом таа се добие треба да се добие и дозвола за користење на вода. Тој став беше усвоен и сега гласи - со добивањето на концесија по пат на јавен конкурс прво рангираниот се стекнува со дозвола за користење на вода. Тоа е во интерес на сите затоа што при искористување на принципот на институтот молчење на администрацијата, може тој што бил прв да не ја добие дозволата па да чека дури да помине постапката од 60-70 дена и автоматски да му се земе. Сега сите се рамноправни и тој што има најдобра понуда тој ќе ја добие и концесијата и дозволата за користење на вода.

Во членот 4 се третира конценсискиот надомест, односно стариот член 58 и се додаваат уште три члена 7, 8 и 9 со кои се одредуваат процентите на распределба на концесискиот прилив на пари и тоа 50% за Буџетот на Република Македонија и 50% за општината на чија територија се издва концесијата за изградба на електро енергетски објект или полнење на вода.

Мое мислење е дека овој процент треба да се смени, за тоа имавме и амандман и 25% да биде за Буџетот на Република Македонија, а 75% да биде за општината на чија територија е изграден објектот. Меѓутоа на Комисијата не се прифати. Со децентрализацијата средствата директно да одат преку трезорот каде ќе се делат на 25% за Буџетот и на општините да бидат дадени 75% заради изградба на инфраструктура.

Морам да кажам дека повеќе пратеници од разни градови кажуваат дека водоснабдувањето е слабо. Еве јас ќе тргнам од Кавадарци, потоа Прилеп, Тетово, Гостивар, Штип, секаде каде што има рестрикции. Со ваква распределба побрзо ќе се изградат инфраструктурни објекти кои ќе бидат во интерес на граѓаните на Република Македонија. Ако не е така тогаш доаѓаме во ситуација, со буџетски пари знаете колку милиони евра се потрошија за Проектот Скопје 2014 и така граѓаните од внатрешноста се сметаат како граѓани од втор ред. Со ставање 75% за општинтие тоа ќе се надмине, нема во Буџетот да се дава по 300-400 милиони евра за триумфални капии и други зданија кога во другите градови во републиката улиците и патиштата се целосно со дупки. Исто така ќе се реши и проблемот со водоснабдувањето и други инфраструктурни објекти.

Рековме да се брише член 5 каде што се менува член 59 и член 60, се е регуларно.

Контраверзен е членот 8 затоа што во почетокот во уводот по овој закон се кажа дека треба да се зголемат финансиските средства на општините. Но во ставот 3 кој се предлага се вели, се менува член 4 став 3 во член 8 и вели дека оваа распределба 50:50 ќе почне од 2017 година. Додека од донесувањето на овој закон до 2016 година распределбата на средствата од концесионирање ќе биде 75% за Буџетот на Република Македонија, а 25% за општините. Мислам дека е некоректно. Коментарите во Комисијта за трансорт и врски на заменик министерот кој сега е присутен беа дека општините не се подготвени да ги користат тие средства. Како општините ги трошат средствата од Буџетот на општината, некаде е 10, некаде 15, некаде е и 100 милиони евра, како се обучени овие средства да ги трошат, а овие додатните не знаеле да ги потрошат. Дајте да им ги дадеме да видите како се трошат средствата. Се е тоа во интерес на граѓаните. Затоа ние побаравме да се избрише член 8 и со донесувањето на овој закон веднаш да се применува 85% за општините и 25% за Буџетот на Република Македонија. Со ова Владата докажува дека Буџетот не може да го полни и смета до 2016 година со овие средства да го полни Буџетот. Тоа беше кажано и од заменик министерот дека до 2016 година 18 милиони евра ќе се соберат од концесионирање. Зошто поголемиот дел да не биде за општините.

Ако во Република Македонија, според планот што уште на времето кога го изработи ЕСМ има 400 мали хидролектрани кои треба да се изградат, пред некој ден дадоа дозвола за изградба на 21 хидроелектрана. Треба да се пуштат сите електрани да се градат. На јавен оглас има добиено над 150 конкуренти, меѓутоа дозволата не им е дадено од министерствата кои се должни да го издадат тоа. Големи средства губиме. Така ќе влезе странски капитал, ќе се изградат хидроелектрани чија моќност, ако се соберат сите 400 мали хидроелектрани изнесува колку еден блок на РЕК Битола. Автоматски ќе нема увоз на скапа струја и истата нема да поскапува. Затоа кажуваме што поскоро да се дадат и останатите локации за хидроелектрани за да може да имаат бенефит општините на тие локации. Благодарам.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓица Ане Лашкоска, повелете.

Ане Лашкоска: Благодарам.

Почитуван колега, во поголем дел од вашето излагање кажавте дека ќе го подржите овој закон односно добив впечаток дека позитивно се изјаснувате за него, а на крајот каде што имавте забелешки јас во мојата реплика би сакала да се задржам токму на тие ваши забелешки.

Како што на почетокот спомнавте со донесувањето на Законот за концесии и јавно приватно партнерство кој го донесовме во 2012 година произлезе потребата да се направат измени и во овој Закон за води.

Како што спомнавте средствата од концесија се добродојдени за функционирањето на секоја општина. Меѓутоа во вашето излагање највероајтно вие заборавивте да кажете дека за прв пат со носењето на овој закон од средствата за концесија за води 25% ќе влегуваат во буџетите на општините, а 75% во Буџетот на Република Македонија. Тоа е новина која за прв пат сега се внесува. Значи од концесијата за води ќе почнат да се зголемуваат и буџетите на локалните самоуправи.

И на Комисијата за транспорт и врски разговаравме и денес ќе го истакнам фактот дека средствата 50 со 50% ќе почнат како да се исплаќаат, не како што вие рековте во 2017 година, туку од 1.1.2016 година. Токму овој период се остава за некои од помалите општини, а овој проблем го имаме и кај дел од поголемите општини, да се надоградат со човечки ресурси. Треба да се надоградат капацитетите како на секторите така и на одделенијата во одделни општини за да можат да се занимаваат со ваква проблематика, а не за трошење на пари што ќе влезат во касата на општината, туку како да се дојде до тие средства да влезат во касата на општината.

Сигурна сум дека и со овие 25% финансиската состојба на општините ќе биде подобрена. Само една информација, до крајот на март, значи во наредните неколку дена се очекува да се склучат уште 21 договор за концесија, претходно се склучени 47 кои беа склучени со Министерството за економија, бидејќи оваа проблематика порано се водеше во Министерството за економија, така што за брзо време бенефитите од овој закон ќе го видат и општините во Република Македонија. Благодарам.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

За контра реплика е пријавен господин Борче Ставров, повелете.

Борче Ставров: Благодарам.

Почитувана колешке со каков кадар треба да се надополнат локалните самоуправи. Како локалните самоуправи распишуваат тендери и јавни наддавања, со кој кадар. Добиваат од државата средства 1,5 или 2 милиони, еве ќе ви кажам за водоснабдувањето во Прилеп, државата ли го распишува тендерот или општината. Општината го распишува тендерот, ги добива средствата. Во прашање се средства и целта е со децентрализацијата 75% од средствата да влезат во општините, а не да се молат општините за нивните пари. Доволно и е на државата 25% затоа што таа средствата ги собира повеќе од даноци и ги троши само во Скопје, а не и во внатрешноста.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Лилјана Затуроска, повелете.

Лилјана Затуроска: Благодарам.

Почитуван колега, во однос на концесискиот надоместок за кој вие говоревте, можеме да ги кажеме примерите што ги имаме од Министерството за економија, со оглед на тоа што оваа надлежност до сега беше под Министерството за економија, а оваа година ја добива Министерството за животна средина и просторно планирање и досега се уште нема реализирано концесија.

Концесискиот надоместок се состои од два дела, имаме еднократен надоместок за концесија и годишен надоместок. Еднократниот се уплаќа на почетокот при потпишувањето на договорот за концесија.

Ќе наведам само еден пример во однос на уплатата од еднократен надоместок за концесија. На пример во досегашните пет постапки кои се спроведени од страна на Министерството за економија, уплатен е еднократен надоместок на сметка на Буџетот на Република Македонија во износ од 619 милиони денари, што значи ако важело до сега 50 со 50% од Буџетот на општините, во зависност од тоа каде се наоѓа локацијата, би биле уплатени вкупно 309 милиони и она како што ние го предлагаме во член 8, тоа е 25% до 2016 година, тоа значи дека во буџетот на општините би се слевале 2,5 милиони евра што не е сума за омаловажување. Зошто ние предлагаме до 2016 година 25 со 75% средства да одат во општините и Буџетот, тоа и самиот го кажавте, заради кадровско доекипирање на општините. Сметам дека подобро е и тие 25% да влезат отколку што досега во општините не се влеваше ниту денар.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

За контра реплика е пријавен господин Борче Ставров, повелете.

Борче Ставров: Благодарам.

75% е повеќе од 25%. Зошто во општините да не одат 75% а 25% во државниот буџет, државниот буџет и така е огромен 2,7 милијарди евра. Подобро е парите да се трошат во градовите каде се градат хидроелектраните отколку да одат во буџетот, а од таму да не им се знае крајот бидејќи 1/4 од Буџетот на Република Македонија се троши без тендери. На пример во Кавадарци на Планината Кожув се предвидени околу 35 хидроелектрани. Ако се даде да се изградат тие и концесискиот приход од 75% го има општина Кавадарци тогаш ќе има се, и вода за пиење и селата ќе имаат вода за пиење како што е Возарци на кои што им го наполнија со мазут бојлерите и останатите населени места.

Исто така ќе има и електрична енергија за да може да има улично осветление. Благодарам.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Има збор господинот Орцев Панче, повелете.

Панче Орцев: Благодарам.

Почитуван заменик министер, почитувани колеги,

Денеска го разгледувањето и изменувањето на Законот за води, Закон донесен 2008 година и од тогаш секоја година доживува измени и дополнувања на тој закон, што секако за ниту еден закон, па ниту за овој, кој е европски, не е добро толку често да се менува, а особено кога се менува по скратена постапка.

Тоа што се менува по скратена постапка се покажа и во самото донесување на законот, а ќе кажам за тоа кога ќе дојдам до тој член, кога беше прифатен амандманот или сугестијата на пратеничката група на СДС и коалицијата.

Како причини за изменување на Законот се наведуваат две. Едната е усогласување на Закнот со Законот за концесии и јавно приватно партнерство, а втората причина зголемување на приходите на општините, надоместок што се собира, наплаќа од издадени концесии за користење на водните ресурси за производство на електрична енергија во однос 50:50 во однос на Буџетот на Република Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа, на чие подрачје се врши концесиската дејност.

Значи, во првиот член кој што го имаме во овој закон се дефинира дека концесиите се издаваат по пат на Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Во вториот член се дава дека тоа се прави со јавен оглас, јавен конкурс, со јавен повик. Лошата пракса за тоа да се донесуваат законски решенија по скратена постапка ја гледаме токму во третиот член кој што ни беше предложен и кој што макар причината која што се кажуваше, или образложението за носењето на еден закон по скратена постапка е дека се вршат многу мали измени и дополнувања се покажа дека токму овде е грешката во членот 3 кој се однесува на членот 56 од Законот за води во кој што беше целосно погрешено образложението дадено во првичниот предлог. Не беше воопшто поврзано тоа давање на концесија на тие што ќе ја добијат концесијата за изградба на хидроцентрала со дозволата за користење на водата, на таа иста вода на која што треба да се гради хидроцентрала. Очигледно тоа беше едно големо недоразбирање и благодарение на тоа што тоа ние со читање на измените и дополнувањата на овој закон го дефиниравме. Предложивме амадман кој што беше прифатен. Значи можеше да има голем проблем ако и ние не го видовме тоа што го имаше во Предлог законот во измените и дополнувањата, можеше да се случи еден човек, едно правно лице кое што може да ја добие дозволата за користење на водата, да ја има таа дозвола, а конкурирајќи на јавниот повик друго правно лице да ја добие концесијата. И сега тој што ја добил концесијата бидејќи ја нема дозволата, воопшто не може да изгради хидроцентрала бидејќи нема дозвола за користење на истата вода. Добро е што тој член се измени и се измени став 3 во кој се се дефинира, со добивањето на концесијата по пат на јавен конкурс прво рангираниот се стекнува со дозвола за користење на вода во согласност со овој закон. значи, тоа се дефинира и тоа е добро решение кое што дава можност тој што ќе добие дозвола за изградба на хидроцентрала фактички ја има дозволата за користење на самата вода.

знаеме дека, тоа го кажаа и колегите, пред само неколку дена веќе се потпишани, јас колку што знам не се во фаза на потпис, туку веќе се потпишани, министерот за економија Сарачини ги потпиша договорите, 21 договор за концесија за изградба на мали хидроцентрали кои што ќе се градат насекаде низ Република Македонија каде што се дефинирани локациите. Овие 21 мала хидроцентрала се со вкупен проектиран капацитет од 23 мегавати и вкупно производство од 87 гигават часови електрична енергија. Нивната вредност е 40 милиони евра. И секако е добро што во Законот се расчитија работите. така што и сега и наредните концесиери за изградба на хидроцентрали ќе немаат проблеми во делот на тоа, дали ќе го имаат и корисничкото право на водата. Пред тоа имавме од 2007 до 2011 година склучено 47 договори за изградба на такви капацитети мали хидроцентрали со капацитет од 35 мегавати за произвдство 140 гигавати на час, инвестиција која што чини 100 милиони евра. За жал, тие 47 договори кои што се склучено до 2011 година, од тие 47 договори има поминато веќе пет години од тогаш, има изградено само 5 хидроцентрали и тоа е жалосно што не се користат фактички тие капацитети кои што ги има Република Македонија за што поголема изградба на хидроцентрали. Се надеваме дека и овие новите 21 хидроцентрала и оние старите кои што не се доизградени во наредниот период што побрзо ќе бидат изградени и дека ќе има и уште концесии и барања за изградба на тие хидроцентрали. Соодветно на тоа ќе се подбри електроенергетската состојба во Република Македонија. Од тоа што ќе се градат и има планирано оваа Влада да гради уште и да дава под концесија уште водни ресурси за изградба на хидроцентрали. Од тука произлегоа и нашите барања како опозиција малку повеќе да дадеме аспект на локалната самоуправа. значи нашите барања понатаму амандмани кои што го дадовме на измената и дополнувања на овој Закон за води се однесуваа на тоа да се зголемат средствата кои што се одвојуваат за локалната самоуправа за кое што сега и вие реплицирвте. Значи, средствата кои што ќе се одвојуваат за локалните самоуправи, да бидат 75 за локалната самоуправа а 25% за буџетот на Република Македонија. Очигледно е дека не сакаме децентрализација од оваа Влада. Согласно Законот за локална самоуправа што повеќе средства треба да се слеваат во локалните самоуправи. И сигурно дека средствата кои што ги кажавте кога ќе се распоредат, бидејќи сега овие хидроцентрали се низ целата територија на Република Македонија, нема да значат кој знае што, или нема да бидат кој знае што за локалните самоуправи, или пак посебно нема да значат многу за буџетот на Република Македонија, а ќе значат многу за самите локални самоуправи каде што ќе се градат тие хидроцентрали.

Тоа што во образложението кажувате дека треба во тој период од 2012 до 2016 година самите локални самоуправи да направат некои капацитети во самите локални самоуправи, во нивните администрации за користење на тие средства, за мене е смешно образложение, бидејќи едноставно согласно законските прописи ќе знае концесионерот од концесијата колкави средства уплаќа во буџетот на Република Македонија, а колкави средства уплаќа во локалната самоуправа. Затоа ако сакаме да ни успее децентрализацијата кој е еден од најважните процеси во Република Македонија, сигурно дека ќе биде многу добро да ги прифатиме тоа, да направиме што повеќе средства да доаѓаат токму преку вакви ресурси, користење на водите, користење на концесии за одредени други богатства кои што постојат во локалитети каде што егзистетираат одредени локални самоуправи, што повеќе средства да се слеваат во нивните буџети за да успееме да решиме што повеќе локални проблеми, бидејќи се покаже дека локални самоуправи многу подобро го решаваат проблемите со водните ресурси, со патиштата и со инфраструктурите и со игзрадба на водоводи и канализации и со сите други аспекти и проблеми кои што се на локалан самоуправа. од таа причина беше многу добро да не биде од 2012 до 2016 година 25%, за локалната самоуправа 75% од концесијата во буџетот требаше да биде обратно и тоа веднаш во старт од почетокот на примената на овој закон. Благодарам.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Косана Николиќ Мазнева, повелете.

Косана Николиќ Мазнева: Благодарам.

Почитуван колега, со внимание ја следев вашата дискусија и можам да констатирам дека добри 6 минути се задржавте само на членот 3 кој што се однесува на измената на членот 56, односно на измената на ставот 3 кој што се менува и гласи: со добивањето на концесијата по пат на јавен конкурс прво рангираниот се стекнува со дозвола на користење на вода, во согласност на овој закон. значи овој аманднам за измена и дополнување на овој член беше предложен од страна на опозициајата и благодарение на разбираањето на Министерството и особено на парламентарно мнозинство, беше усвоен. Сакав да ви реплицарам само во тој дел дека ова е уште еден пример каде што сите ние заедно за едни вакви закони, а особено закони кои што се со европско знаменце, постигнуваме, по однос на одредени прашања консензус и ве охрабрувам и во иднина да ги правите.

Исто така, ќе се согласам во делот со вас дека не треба толку често да се менуваат законите кои што се европско знаменце, тоа така. Мислам дека и јас и парламентарно мнозинство се согласуваат со таа ваша констатација. Но, мора да имаме во предвид едноставно дека многу често имаме носење на закони кои што се со европско знаменце и истите не се поклопуваат, односно не се компатибилни еден на друг и бараат нивно целосно усогласување. Токму од

овие причини за да бидеме целосно усоглосени и со нашиоте закони и со законите кои што се со европско знаменеце и се исти како што се во земјите членки на Европска унија, мора оваа постапка доста често да ја правиме. Јас се надевам дека после извесен период занчи за неколку години ќе се постигне целосно усогласување на законодавството во Република Македонија, ваквата пракса ќе биде намалена ако не и искоренате. Исто така кажавте дека со сега се потпишани 47 договори што е точно до 2011 година, а во тек треба да се потпишат до крајот на месец март, таква информација имам јас од Министерството за економија потребно е да се потпишат уште 21 концесиски договор, што е исто така за поздравување. Она што не е добро, она што не беше добро до сега е тоа што сите средства од потпишувањето на ваквите договори одеа во буџетот на Република Македонија. Значи од денеска практично или 8 дена од донесувањето на овој закон до колку ги донесеме овие измени и дополнувања, добра и среќна околност е тоа што 25% од овие средства ќе одат во буџетот на општините. Се разбира, дека понатаму постепено, кажаа и моите колеги од кои причини ќе се зголемува овој процент. Значи со текот на времето ќе имаме 50% средства во буџетот на Република Македонија и 50% за општините. Благодарам.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Лилјана Затуровска, повелете.

Лилјана Затуровска: Благодарам почитувана потпретседателке. Почитуван колега, на самиот почеток на вашето излагање истакнавте дека ова законскио решение има претрпено повеќе измени. Законите почитуван колега се менуваат онолку пати колку што е потребно и има потреба за нивно изменување заради нивната ефикасност и ефективност која што треба да ја имаме при нивната имплементација. И секако заради новонастанатите ситуации на терен. Добро е почитуван колега што го пофаливте чекорот на Министерството за економија што го направи со потпишување на 21 нови договори за концесија за изградба на мали хидроцентрали и секако го истакнавте тој случај и бенефитот од истите. Но, добро е да се даде еден пример по основ што значи 25% од конценсискиот надоместок да се слее во општинската каса. имено по основ на годишниот конценсиски надоместок кој што изнесува 2% од оставарениот приход од проданената и од купената електрична енергија од мала хидроцентрала. Значи, до колку сите хидроцентрали би работеле во текот на една година некоја приближна, или груба пресметка која што е направена значи ќе оставарат приход од околу 18 милиони евра. 2% за годишен надоместок е 3,6 милиони евра, а од овие значи 1,8 милиони евра би се распределиле во општините до колку би било 50, 50. Инаку во случајот како што е 25% значи тоа би значело околу 900 илјади евра годишно. Значи ова не е за занемараување и треба да признаете дека денес имаме добро законско решение и е во насока на унапредувањето на процесот на децентрализација и секако дека општините ќе имаат бенефит од ова. Благодарам.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Контра реплика има господинот Панче Орцев, повелете.

Панче Орцев: Благодарам потпретседателке.

Колешке Затуровска, честото менување на законите секако дека не е добро. Значи, без разлика како да го оправдувате тоа, често пати имаме и некои лични интереси, или интереси на интересни групи поради кои што се менуваат законите. Овие закони се важни, овие закони се со европско знаме, овие закони посебно не треба да се менуваат по скратена постапка. Ако не видовме тоа што беше една енормна голема грешка во самиот закон, ќе имавме проблеми понатаму во имплементацијата или по еден месец пак ќе имавме менување на Законот за води по скратена постапка, што не е добро. И затоа треба да внимава на тоа и што поретко да се менуваат овие законски прописи.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Збор има Изет Зеќири, повелете.

Изет Зеќири: Почитувана госпоѓо потпретседател, почитувани пратеници денес го разгледуваме Предлогот за измена и дополнување на Законот за водите во скратена постапка и тоа во однос на концесионирањето и јавното приватно партнерство. Сакам да нагласам дека следниот предизвик во Република Македонија освен фискалната децентрализација треба да биде и децентрализацијата во областа на животните ресурси, децентрализација и во водните ресурси, водното стопанство кое што би ги опфатило овие надлежности во однос на употребата, заштитата и менаџирањето на водните ресурси, или пак синото злато во општините. Мора да признаеме дека битките на мултинационалните компании денес и на владите, на економиите во светот се прават покрај нафтените извори, се прават и за питката вода. Македонија се смета за една од земјите која што има големи водни водни извори, или ресирси. Конкретно овие ресурси се сметаат и се во општините на Западна Македонија. И до колку се повикуваме на податоците, просечниот износ на вода е 6,63 милијарди метри кубни вода која што вода се акумилира во реката Вардар од кои 4,77 милијарди се токму водите од Западна Македонија. 0,18 милијарди во Струмица, 1, 68 милијарди м3 во Црн Дрим. Денес врз основа на статистиката Македонија има 4 илјади 414 извори на вода од кои што 51 се минерално извори и 11 се термоминерални извори а поголемиот дел од овие води или извори на на води се во Западна Македонија. Повеќето извори, повеќе од 30 од нив имаат брзина на 100 литри во секунда кои што преставјуваат основни извори на питка вода во регионот. Мислам дека во иднина пропроционално со зголемувањето на бројот на населението и развојот на индустријата во

Република Македонија еколошките потреби, потребите за вода ќе се зголемат многу. И до колку сега потребите за вода на Република Македонија се 700 милиони м3, до 2030 година врз оснива на прогнозите или потребата за вода ќе биде 1,5 милијарди м3 вода. засновано врз овие податоци, онаа општина или оној регион кој што ќе биде многу богат со вода, или пак со водни фондови со добра хидрографска мрежа ќе преставува силна материјална основа за развој до колку во Република Македонија за жал, до колку во Република Македонија се случи процесот на последната децентрализација на водите кој што дел е сеуште најцентрализираниот дел. До колку се повикуваме на Законот за употреба на водните ресурси и менаџирање на истите, ќе видиме дека во секој дел од Законот се е централизирано и за се околу употребата на водата одлучува надлежното министерство односно Министерството за животна средина и исто така за се одлучува Владата. И тие се таксативно наброени. Дури Владата одлучува и за отворање на бунари, кога граѓаните треба да ископаат некој бунар треба да добијат дозвола од државните институиции. И главните дејности и активности за кои што се бара дозвола или одобрение токму од централните органи, се токму оние дејства за кои што има потреба општината.

Почитувани граѓани, општините како единици на локална самоуправа имаат свои карактеристики кои што имаат своја територија, население, инфраструктура, ресурси и свој посебен правен идентитет имаат овластувања и функции на власт. Треба да признаеме дека картите на општините се создадени врз основа на парцијалните особености што ги имаат општините и што само одговараат на централната власт. Сите потенцијали што ги имаат општините посебно во богатства и материјални ресурси, картите се изготвени на начин што на општините не им се дава пристап или не им се достапни овие извори.

Тоа што е најскандалозно во овој закон е фактот што овој закон доаѓа како предлог од министерот Абдулаќим Адеми и истиот го предлага тоа што го бара Европската унија, тоа што го бара целиот меѓународен фактор да Македонија ги унапредува процеисте на децентрализација да алоцира ресурси финансиски средства за стабилно финансиско функционирање на општините, а нам ни се случува токму спротивното.

Што прави со овој Предлог на закон, всушност Владата предлага да средствата од надоместок за концесија за искористување на водата да бидат распределени на оној начин што се 75% ќе се слеваат во државната власт а 25% ќе се слеваат во општинските буџети. И ова треба да важи до 2016 година. Од 2017 година ќе почне процесот во кој што 50% ќе одат во општинскит буџет, а 50% во буџетот на државната власт.

Зарем не и достасува на државната власт оној приход што го остварува од една широка гама на активости или пак од ДДВ од кој што ДДВ се распределува само 3% во општините, туку треба и во овој фонт и овие финансиски извори да го добие или да го земе поголемиот дел од 75%. Ова е навистина неприфатливо и сите сугестии одат во таа насока да имаме навистина вистинска децентрлизција, финансиска децентрализација каде што општините ќе имаат финансиска одржливост, меѓутоа не може да има таква одржливост на општините без да ги имаат општините потребните финансиски средства.

Мислам дека ова е несоодветно, неприкладно решение и дефинитивно треба процесот на децентрализција да почне со ревизија на Законот за водите, каде што се е децентрализирано.

Додека сум тука сакам да поставам прашање до министерот кој што беше претходно министер на ова Министерство, денес е наш почитуван колега пратеник, за тоа што тој презел во областа на децентрализција на Фондот за води или пак на ова богатство? Ние знаеме и никој не го спори тоа дека ова богатство е државно богатство, меѓутоа ова богатство пред се е богатство на општините и со водните фондови и со разни одобренија треба да менаџираат или управуваат со општините. На државата се парите од концесија, од приходите што се добиваат од ова богатство треба да ги добијат граѓаните на тие општини, а не државната власт. И додека сум тука сакам да го поставам и следното прашање. Што се случува со хидросистемот Равен Речица, кој што е предвиден со буџетот за 2012 година и кој што ќе се изгради, до каде овој процес, процес на градење на овој хидросистем, затоа што нема ниту еден знак дека тоа се прави, а со Буџетот на Република Македонија 2013 година е предвиден фонд од 20 милиони денари? Бидејќи ова се надоврзува и на ова прашање кое што во однос на водите повторно стојам на ставот дека овој Предлог закон е штетен за општптините, овој Предлог закон не им овозможува на општините да управуваат со сопствените извори, овој Предлог закон овозможува повторно од општинското богатство, да придобие само државната власт со 75% на шета на општините оставајќи им приходи од само 25%. Благодарам.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Јакупи Неџати, повелете.

Неџати Јакупи: Благодарам госпоѓо потпретседател, почитувани колеги, почитуван колега Зеќири,

Прво сакам да ве потсетам дека малку го измешавте менаџирањето со тоа што всушност ја третираа оваа измена на Законот за водите. Ние денес дискутираме за прашњето на концесионирање и за прашањето на рапспределбата на надоместокот од приходите од концесијата во однос на државниот буџет и општинскиот буџет. И сакам да ве потсетам дека Законт за водите, што е донесен во 2005 година, а почнала со имплементација во 2011 година, е усогласување на Рамковната директива за

водите и може да ве уверам и ви гарантирам дека за овој закон се усоласени за разлика од другите закони, значи овој закон е 100% усогласен со Рамковната директива за води. И истата таа директива е трансферирана во Законот за водите и беше и пред Европската комисија како закон, како текст и се разбира сега во тек е и имплементацијата на тој закон и тој закон е еден од најскапите поглавја што треба да ја спроведе државата и со ова сакам да ви кажам дека Рамковната директива за водите диктира ингеренции и ги распределува на тој начин. И со овој закон ние всушност правиме само трансформирање или префрлување на надлежностите така како што е и во земјите на Европската унија, така го правиме тоа и кај нас и тука ние можеме да разговараме, да спориме, дали треба повеќе или помалку надлежности, меѓутоа генерално и посебно ова е усогласен и поздравен од Европската комисија, за разлика од некои држави кои што имаат статус како што имаме и ние.

Второто прашање е дека ресурсите, природните богатства, за нив ингеренциите ги има државата. Државата, Владата доделува концесии, ние тука дебатираме колку проценти од надоместокот треба, потребно е, се делело претходно и сега ние ги земаме од државниот буџет и ги распределуваме или ги слеваме во општинските буџети. Сакам да ве потсетам дека државата врз други основи, со други надоместоци доделува средства за општините. И да ве потсетам дека со овој закон се распределени надлежностите на општините, таксативно.

Тоа што рековте за отварање на бунарите да ве потсетам дека со Законот е утврдено да до 10 литри отворање и искористување на бунари, само се добива мислење од Министерството за животна средина, а одобрението го даваат општините и тоа е нивна ингеренција. Имам и други прашања кои што подоцна ќе ги искажам.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Реплика господинот Изет Зеќири, повелете.

Изет Зеќири: Почитуван колега, знаете како е во земјите на Европската унија?

Во земјите на Европската унија 100% приходите од концесионирањето на водите одат за локалните власти, а не за државните, централните власти. Во некои земји има целосно децентрализирање на ова. Ова е природно богатство на општините. Како мислите вие сега природното богатство кое што го има една општина да се експлоатира тоа богатств од централната власт. Од кои приходи општптината ќе може да овозможи уредување на хидропотенцијал во општината и ќе инвестира во менаџирање на водите?

А другото прашање е срам за Владата што за бунари бара од граѓаните да побараат позитивно или негативно мислење. Навистина, е неприфатливо да Владата на Република Македонија или пак министрството каде шт бевте вие министер, да издава мислење за некои граѓани дали да изгради бунар.

Светлана Јакимовска: Ѓорчев Владимир е пријавен за реплика, повелете.

Владимир Ѓорчев: Благодарам почитувана госпоѓо потпретседател, почитувана потпретседателке, почитувани колеги, претставници на Владата,

Господине Зеќири, прво во врска со вашата дискусија морам да истакнам дека беше конструктивна, дека имавте некои забелешки кои што треба да се разгледаат, но вистина е тоа што вие го велите дека најголем дел од хидропотенцијалите на Република Македонија и од водите се наоѓаат во западниот дел на државата. Јас како пратеник од третата изборна единица од Источна Македонија, морам да ви кажам дека и Источна Македонија не е за фрлање кога станува збор за хидропотенцијалот. Мислам дека има добар и хидропотенцијал и во областа на хидрорека на Крива Река каде што се градат мали хидроцентрали во моментов, значи тоа е делот на Жидилово и над Крива Паланка кога се оди спрема Деве Баир, во Беровскиот регион, Струмичкиот регион, значи исто така и делот на браната Злетовица, така што покрај тоа што да, навистина Западниот дел на Македонија ги има поголем дел од воден потенцијал, исто така има и Источна Македонија.

И кога веќе зборуваме за географските сензибилитети, јас можам да го кажам она што е очигледно, а тоа е дека клучните проекти на оваа Влада но и на Република Македонија се насочени кон два вонредно важни проекти за Западна Македонија, тоа се хидроцентралите Бошков Мост и хидроцентралата Луково Поле. Се работи за клучни проекти кои што се поврзани со енергетската стабилност на Република Македонија и тоа како гарнитура и како Парламент апсолутно треба да го подржиме. Значи и во делот на Луково Поле и во делот на Бошков Мост, кој што е оној потег од Дебар кон Гостивар.

Истовремено почитуван колега Зеќири, она што е важно тоа е дека во моментов се работи, а некои веќе исто така и работат помали хидроцентрали кои што се однесуваат на користење на хидропотенцијалот во струшкиот регион, значи оние планински води, што се важни за Република Македонија. И во тој дел, можам само да истакнам пофални зборови и охрабрувања за она што го работеше и претходниот министер Нецати Јакупи, како одговорен министер за животна средина и господинот Абдулаќим Адеми како сегашен министер. Исто така во тој дел забележителни напори правеа и претходниот министер за економија Фатмир Бесими, но и сегашниот министер Ваљон Сарачини. Така што во тој дел мислам дека треба да им дадеме поддршка на нашите, на оние министри кои што ги имаме изглсано во овој законодавен дом. Имам уште многу повеќе работи да кажам но, времето е толку се надевам во некои други

реплики ќе можам и повеќе да реплицирам. Благодарам.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Контра реплика господинот Зеќири Изет, повелете.

Изет Зеќири: Колега Ѓорчев, мислам дека следната децентрализација во Македонија треба да биде на водните ресурси или фондови.

Ова треба да биде иманентно барње. Вистина е фактот дека водниот потенцијал на секаде во целиот е во западна Македонија, а градовите на Западна Македонија немаат питка вода. Немаат питка вода во Тетово, доколку дојдете ќе видите дека со пластични шишиња го решаваат луѓето проблемот. А за тоа дека имало национални кохезии кога се изготвувале општинските карти јас сега ќе ви дадам еден напис што го најдов сега. Тоа е дека жедда го вади волкот од планината. Кога Трајко Славевски се спротиставувал на изготвувњето на општинските карти, токму поради изорот Рачше. И Рашче денес припаѓа на општина Сарај и изворите на водите ги менаџира општина Центар во Скопје. Ова се вистини кои што постојат и ние мораме да се ангажираме за децентрализација на ресурсите кои што припаѓаат на општините. Затоа што тие се извор на егзистенција на општината.

Светлана Јакимовска: Јакупи Неџат, повелете.

Неџати Јакупи: Благодрам госпоѓо потпретседател,

Почитуван заменик министер, почитувани претставници од Министерството, почитувани колеги,

Сакам да ја поздравам иницијативата, односно ова е еден успешен почеток на спроведување на Законот за водите, за што долго време се вкрстувале копјата на многу нивоа и на многу дебати, јас сакам да и честитам на екипаа што работела на изготвување на Законот за водите и сега всушност посакувам успешно имплементирње на Министерството за животна средина на овој закон за водите, исто така и на општините, кој закон, реков и претходно е една од најскапите поглавја кои што треба да ги имплементира државата.

Сакам да ве потсетам дека Законот за водите не е само имање на надлежности или ингеренции, туку со себе носи и обврски и за жал во земјава во моментот постојат само три големи центри за филтрирање на отпадните води и треба да се изградат 10 пати повеќе стници за филтрирање на отпадните води, а тие сеуште не се изградени и тоа што е најбитно за големите за големите населени места, како што е Тетово, Гостивар и Битола и Прилеп, не се изградени тие станици и тоа што е најголемо најбитно не е изградена станицата за скопскиот регион и тоа е најголемиот и најбитен регион.

Една од причините заради кои што Владата инсистира на префрлање на слевање на надоместокот за водите, еден дел во општинскиот буџет, а еден дел во државниот буџет и идејата и инсистирањето е да општините, да можат првично да ги одржуваат системите за питка вода, за третирање на отпадни води, а потоа да изградат и нови капацитети кои што морам да констатирам дека се со позамашни суми или износи. Тука се разбира ја имаме во предвид и можноста за искористување на средствата кои што моментално Министерството за животна средина во соработката со Министерството за финансии ги искористува и сакам да ве потсетам со ова ние не само што даваме или издвојуваме еден нов удел за општините од надоместокот за искористување на водите, за искористувањето на електричниот потенцијал и за производство на флаширана вода, туку ние посебно во буџетот на Министерството за финансии сега имаме и една издвоена посебна ставка во која што ние ќе имаме пристап, општините, институциите, граѓаните ќе имаат пристап за собирање на овој надомсток, износ кој што е во државниот или центарлниот буџет да се слева во Министерството за животна средина, да тие средства да можат директно да се искористат за инвестиции, за подигнување на капацитети за заштита на водниот потенцијал.

Тоа што е и идена на рамковнат директива за водите, која што идеа е транспонирана во Законот за водите, што е усогласен, со цел матичната институција на одите да биде токму Министерството за животна средина, а не така како што било до сега, да биде тоа во повеќе институции поделена и да не се знае кој е надлежен и кој колку вода треба да искористи и во крајна инстанца кој треба да се занимава со заштита на водниот потенцијал. Затоа што констатацијата на колегите претходно беше дека Република Македонија има значителен обем на вода, меѓутоа тие за жал не се на потребното ниво на заштита и ние во иднина не само што ќе се соочуваме со резултатите од климатските промени и надостатокот на вода, туку тие води што ќе ги имаме, доколку се продолжи со трендовите кои што претходно надвладувле, тогаш ќе имаме незаштитена вода, односно ќе имаме загадена вода.

Со оваа распределба на овој износ или процент од надоместокот ние им овозможуваме на општините да тие можат да ги предвидат општинските буџети за следните години согласно со хидропотенцијалот и капацитетот за искористување на водата за производство на амбалажирана вода па така општините ќе може да изготвуваат, проектираат буџет и претходо и тие средства да може да ги планираат и секоја општина има итна потреба за овие средства. Сакам да ве потсетам дека државата на разни начини ги распределува разни надоместоци, како што е за искористување на посебните горива или пак надоместок за општините исто така, во регионите какде што се произведува енергија од посебни горива. Се доделуваат средства и од искористување на минералните ресурси,а за општините средства се доделува речиси 100% од

надоместокот што го плаќаат компаниите во МЖСПП за загадување. Значи тие средства 100% се слеваат во буџетот на општините. Тоа е информација која што верувам дека не била позната.

Покрај тоа со распределување на овој надоместок ние, Министерството за економија годините што поминале и прогласувале концесии и изготвувала проекти за искористување на потенцијалот на тристотини извори и сега се веќе договорени речиси се завршени постапките за концесионирање на 72 локации, јас со задоволство можам да констатирам дека над 20 веќе се почнати постапките на градење и можете да замислите какво влијание ќе има тоа врз локалниот економски развој кога се знае дека за производство на еден мегават час електрична енергија од хидропотенцијалот за градење на една хидроцентрала, таа треба да потроши над 1,5 милион евра и ова е нешто што потикнува градежна експанзија, отвора нови работни места исто така и зголемување на електричниот хидропотенцијал трет потенцијал во земјата.

Знаеме со каква електрична криза на електрична енергија поминавме минатата зима и проектите кои што ги има изготвено и за кои се затворени и финансиските проекти како што е за Луково Поле и Бошков Мост тие потенцијали, тогаш е лесно да се изготви билансот за тоа колку ќе припадне на општините со постоечките хидропотенцијали, на пример, за хидроцентралите во Маврово, Равен, Глабочица, Шпиље, Врбен и други хидропотенцијали кога се знае дека за еден мегават час е произведена електрична енергија од ЕЛЕМ тоа е 32 евра по мегават час. А кога се знае дека овој надоместок е 2% од производството на годишно ниво тогаш е многу лесно општините во рамките на кои се произведува електрична енергија можат да пресметаат колку е тој удел. Во 2006 година бил 25%, потоа 50 ќе се дели со државниот буџет, со тоа што на крај во централниот буџет се знае во посебна стапка на буџетот, се знае колку се тие средства што се слеани таму и тогаш ќе може Министерството за животна средина овие средства да ги побара, да се слева во нејзиниот буџет и тие средства да се искористат непосредно или директно за градење на нови капацитети. Повторно ќе кажам во земјата постојат навистина многу малку станици за филтрирање на отпадните води.

Бројот на општините кои што поседуваат станици за прочистување на пивка вода е исклучително мал, не се повече од три или две или три се во градење меѓу кои е и станицата за филтрирање на вода за општина Гостивар кој што беше голем проблем затоа што и понатака повеќете општини пијат вода директно од изворот на која што вода претходно се прави само хлорирање.

Мислам дека со ова ние постигнуваме да одговориме на неколку прашања. Јас во претходната реплика со колегата Зекири, бидејќи тоа го постави во контра реплика, сакам да го потсетам дека прашањето на градење на хидросистемот Равен Речица е во надлежност на Министерството за земјоделство шумарство и бодостопнство и спроведување на истото и реализацијата е во тек, се изготвува потребната документација и овој систем ќе служи за наводнување на полињата во Полошкото поле. Благодарам.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Има збор господинот Марачков Саве, повелете.

Саве Марачков: Почитувана потпретседателке, почитувани колеги,

Измените односно дополнетиот предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за води е еден од законите кои доаѓаат во Собранието по хитна односно по скратена постапка.

Како предлагач е Владата на Република Македонија и како главни причини за носењето на овие предлог измени на Законот за водите се усогласувањето со Законот за концесии и јавното приватно партнерство и зголемувањето на финансиските приходи на општините.

Мислам дека измените во Законот за води кои се предлагаат се битни и суштински, ама за жал немаат некое посебно значење за општините така како што се предлагаат, нема значење за развој на општините, туку повторно ќе придонесе за полнење само на Буџетот на Република Македонија. Можеби затоа што набрзина се изработени овие предлог измени заклучувам постапката по итноста и една од главните пропусти ја има во измените на Законот на членот 56 во ставот 3 и тука во ваквата постапка доделување на концесија и прибавување на дозвола за користење на водите во измените на членот 56 можеше да се предизвика нарушување на принципите на транспарентноста, правичноста и конкурентноста.

Вака како што беше предложено концесионерот односно прворангираниот можеше да не ја добие концесијата само затоа што од органот што ја издава дозволата за води да биде одбиен. И тогаш, второрангираниот кандидат со добиена дозвола да ја добие концесијата на користењето на водата. Ваквиот пропуст на предлагачот беше поправен, избришан со поднесувањето и прифаќањето на амандманот кој беше поднесен од колегите пратеници од СДСМ кој гласи, дека со добивањето на коцесијата по пат на јавен конкурс, прворангираниот во исто време се стекнува и со дозвола на користење на водите.

Како втора, главна причина за носењето на дополнителните измени во Законот за води според предлагачот е дека со усвојувањето на овие измени ќе се зголемат приходите во општините во кои ќе бидат направени концесиите. Мислам дека и овде е симптоматично, до сега средствата во концесискиот надомест за користење на вода за производство на електрична енергија се уплатуваа на посебна сметка во рамките на трезорската сметка. Приходите на овие средства

се распределуваат во однос 75% за Буџетот на Република Македонија и 25% на општините.

Владата сега со овие измени ни предлага за развој на општините овој процент да биде 50:50 ама да важи од 1 јануари 2016 година. Значи зголемените средства општините да ги почуствуваат дури за 4 години, дури во 2016 година.

Тоа значи дека средствата од концесиите за изградба на најајуваните 21 мали хидроелектроцентарли кои треба да се градат во наредните 3 години ќе се распределуваат по 75% за Буџетот, а 25% за општините во кои ќе бидат изградени сите тие. За жал повторно само средства за Буџетот во Република Македонија.

Сите знаеме како пратеници дека општините се жедни за дополнителни финансиски средства. Граѓаните на своја кожа чувствуваат дека во поголем број на општини како времето да има застането. Во многу општини на кои ќе се градат дел од најавуваните мали хидроелектрани односно општините во кои ќе се издава концесијата, немаат вода за пиење, или имаат рестрикција, имаат неасфалтирани патишта или немаат канализација, а камо ли прочистителни станици. Населените места во општините се без улично осветлување, без асфалт, без водовод или систем за одвод и тука животот секојдневно е се потежок и посиромашен.

Мислам дека процентот на поделбата на средствата добиени од концесијата на користење на водата на производство на електрична енергија треба да биде обратен односно 25% за Буџетот на Република Македонија, а 75% за општините и тоа треба да биде реализирано веднаш, бидејќи доста им е на сите граѓани на Република Македонија буџетските средства да се користат само за бетон и арматура, за Скопје 2014, за фасади и за барокот на Владата, а не за капитални инвестиции или инфраструктурани објекти. За подобрување на состојбата на Македонски железници, автопати и слично. Всушност на Комисијата за транспорт и врски поднесовме и ваков амандман да 75% од средствата одат за развој на општините, меѓутоа за жал беше одбиен. И на крај сеуште не ми е јасно, не ја гледам смислата зошто измени по скратена постапка, а истите ќе почнат да важат дури од јануари 2016 година. Благодарам.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Изма збор госпоѓа Затуровска Лилјана, повелете.

Лилјана Затуровска: Благодарам.

Почитуван заменик министер, колеги пратеници,

Ќе бидам многу кратка по однос на моето излагање по однос законското решение кое што е денес на дневен ред односно дополнителниот предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за води.

На Комисијата за транспорт и врски и екологија како матично тело, беше дискутирано по однос на ова законско решение и по однос на амандманите што беа доставени од страна на нашите колеги пратеници од опозицијата. Денес го имаме дополнетиот предлог на законот во кој што е вграден предложеното амандман на нашите колеги од опозцијата усвоен од Комисијата за транспорт и врски, а се однесува на член 3 од Предлог измените.

Во контекст на предлог на законското решение само сакам да го прецизирам следно дека измените и дополнувањата се иницирани од неколу причини кои сметам дека се логични и ќе допринесат законскто решение да се подбори со што ќе се овозможи, се разбира, негова поефикасна имплементација на терен.

Прво имаме усогласување на Законот на води со Законот за концесии и јавното приватно партнерство кое што започнува да се применува од 15 март 2012 година и

Второ, со дополнувањата се овозможува зголемување на приходите во општините. Имено, локалните самоуправи од стрна на Министерството за животна средина и просторно планирање во континуитет бараат да се прстапи кон изменување на законското решение односно Законот за води, се со цел да им се овозможи прераспределба на надоместокот што се наплаќа од издадени концесии по основ користење на водните ресурси за производство на електрична енергија и тоа да биде во однос 50% за Буџетот на Република Македонија и 50% за буџетот на единиците на локалната самоуправа. Се разбира ова ќе важи за оние општини на чие подрачје се врши концесиската дејност. На овој начин се овозможува пораст на приходите на општините на чие подрачје се врши концесиска дејност за користење на водата за производство на електрична енергија и им се овозможува да си ги зголемат своите приходни капацитети и да обезбедат средства за спроведување на обврските кои што произлегуваат од Законот за води.

Јас не би навлегувала во материјална расправа бидејќи тоа се направи и на Комисијата за транспорт и врски преку амандманската расправа и колегите пред мене ги истакнаа сите промени и дополнувања по однос на законското решение. Предложените измени се сосема јасни, сосема прецизни и се во насока да им се излезе во пресрет на општните во делот на зголмемувањето на нивниот буџет и секако се во насока на унапредувањето на процесот на децентрализација со оглед на тоа што општините до овој момент не добивале надоместок по основ на концесија за користење на вода. Со овој закон за прв пат општините ќе добијат дел од надоместокот што се уплаќа согласно концесискиот договор.

Затоа почитувани колеги сметам дека треба да се даде подршка на ова законско решение. Благодарам.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Има збор госпоѓа Николиќ Мазнева Косана, повелете.

Косана Николиќ Мазнева: Благодарам почитувана потпретседателке,

Добро, почитувани колеги, со оглед на тоа што пред мене имаше едно 5, 6, 7, или можеби 8 говорници, јас сум една од последните дискутанти која што би сакала да проговори на оваа тема односно на измените и дополнувањата на предлог Законот за води ќе ми дозволите сосема накратко да дадам едно свое видување, имајќи ја сепак важноста притоа на овој закон од едноставна причина што е и со европско знаменце, но и од причина што е за добробит и на Република Македонија и на сите општини во Република Македонија и најмногу и најважно од се на сите граѓани на Република Македонија.

Ние знаеме дека глобалната политика во светски рамки најмногу е насочена кон унапредувањето на животната средина и глобалната политика најмногу е насочена во делот на климатските промени, во делот на загадувањето на водата, на воздухот, на почвата, во делот на борбата со одредени болести за кои што уште не се најдени решенија и од тие причини токму поради тоа што се работи за една исклучителна важна тема, а тоа се водите кои всушност претставуваат и државно богатство, односно богатство на една земја јас ќе се обидам да во кратко црти го дадам своето видување и подршка на овие измени и дополнување на овој закон.

Како што кажаа и претходно моите почитувани колеги ќе се согласиме сите дека главна причина за изменувањата и дополнувањата на овој закон се всушност измените и дополнувањата на Законот за концесија и јавно приватно партнерство. Сите се сеќаваме дека имаме практично еден нов европски закон за концесии за јавно приватно партнерство и во таа насока тој закон практично повлекува одредени измени и дополнувања во други закони, па дури и во овој. Исто така со овој закон ќе се постигне целосно усогласување со Законот за концесии и јавното приватно партнерство и подобрување на ефикасноста на веќе донесениот Закон за води.

Исто така овие дополнувања се прават и со цел за да се обезбеди всушност зголемување на приходот на општините.

Зголемувањето на приходот на општините ќе бидат дотолку поефикасно и повидливо во 2016 година кога распределбата на буџетските средства ќе бидат 50:50 односно 50% ќе одат во Буџетот на Република Македонија, а 50% ќе бидат приход на општините во Република Македонија. Дотогаш, до 2016 година од денот на донесувањето на овој закон фактички ќе важи членот дека средствата од концесискиот надоместок односно приходите од надоместоците за концесии ќе одат 75% за Буџетот на Република Македонија, а 25% приход на општините. Вака како што кажав ќе биде до 2016 година, а веќе од таа година натака ќе важат одредбите од друг член кои што ќе се однесуваат на 50:50 распределба на средствата од концесиските договори.

Исто така во контекст на она што беше кажано од страна на опозицијата, ќе ми дозволите само да се согласиме во едно дека фактички кога ќе кажеме дека општините нема доволно капацитет за да можат веднаш да им бидат префрлени тие 50% кои што би им следувале од 2016 година, тоа е така заради тоа што ако ги погледнете сите извештаи од Европската комисија кои што го оценува напредокот на Република Македонија ќе видите дека во сите поглавја покрај тоа што сме доста пофалени во однос на реформите, едноставно оние работи кон кои што имаме укажување се однесуваат на немањето доволно административни капацитети. Токму поради тие причини, токму поради причините на немањето доволно на административни капацитети односно човечки ресурси кои што би можеле веднаш да располагаат со тие 50% како што е предвидено во 2016 година, е направена една ваква одредба каде што распределбата на средствата ќе оди постепено. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општиот претрес и претресот по членот 3 по дополнителниот предлог на закон е завршен.

Врз основа на член 156 став 2 од Деловникот на Собранието, на седницата на Собранието не се поднсени амандмани на дополнетиот предлог на законот.

Поради тоа што Собранието не усвои ни еден амандман на Дополнетиот предлог, врз основа на член 162 од Деловникот на Собранието преминуваме на гласање по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на закон во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници. Од нив за предлогот на Законот гласаа 46 пратеници, воздржани нема, 14 против.

Молам службите да утврдт точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Бидејќи нема доволен број на пратеници во салата, гласањето не е полноважно.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата да преминеме на гласање.

Во салата има 63 пратеници, може полноважно да се гласа.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, за гласаа 47, воздржани нема, против 17.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за водите.

Минуваме на точка 33 - Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за семејството по скратена постапка - второ и трето читање.

Дополнетиот предлог на Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело и Законодавно правната комисија ви е доставен.

Отворам општ претрес и претрес по членовите 1, 6 и 9 на дополнетиот предлог.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општиот претрес и по претресот по членовите 1, 6 и 9 на дополнетиот предлог на закон да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави и има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

Цветанка Иванова: Благодарам.

Почитувани колеги пратеници, господине заменик министер, на долго расправавме на матичното работно тело за предлогот за изменување и дополнување на Законот за семејство кој, за жал, го донесуваме во скратена процедура.

Сметам дека овој закон, со оглед на важноста што ја има и предметот кој го третира е доста важен закон затоа што се работи за една жива материја, се работи, во делот кој се однесува на измените и дополнувањата на посвојувањето на деца и заслужуваше посеопфатна расправа и во една нормална процедура да ги направиме измените и дополнувањата на Законот за семејство. Меѓутоа, како што знаете пратеничката група на СДСМ, при утврдувањето на процедурата како да се донесува, со која за жал се гласа и потребата за донесување на законот, гласаше против, не заради тоа што е против измените и дополнувањата на овој закон туку токму поради процедурата.

Веднаш сакам да кажам дека измените и дополнувањата на Законот за семејство, нашата пратеничка група, секако и цела опозиција, бидејќи работевме заедно скоро со сите политички партии, вклучително и со ВМРО-ДПМНЕ, со ДУИ, со ДПА, со НСДП. Значи сите ние сме за измени и дополнување на овој закон во делот на посвојувањето и ќе ги подржиме овие измени и дополнувања затоа што сметаме дека она што во изминатите неколку месеци ја потресе македонската јавност, а тоа е криминалот и корупцијата што била честа појава во оваа област, навистина треба да се каже доста и да се ограничат вентилите, барем законските празнини кои овозможуваат да се прави ваков криминал со живи суштества.

Со предложените измени и дополнувања на Законот за семејство во многу ќе се придонесе да се стави крај на злоупотребите во оваа област. Меѓутоа, сепак сметам дека требаше уште дополнителни измени и дополнувања со кои барем сега оние слаби точки што ги гледаме требаше да ги затвориме. Со парламентарното мнозинство за нешто најдовме заеднички точки и заедно поднесовме неколку амандмани кои беа од работната група за заштита на правата на децата, која работи во состав на Комисијата за труд и социјална политика. Мислам тоа е една добра порака која ја испраќаме од Парламентот до граѓаните на Република Македонија дека има одредени точки каде навистина немаме поинакви мислења од пратениците на парламентарното мнозинство и од опозицијата.

Прво сакам да ги истакнам добрите страни што ги имаат измените, а тоа се регистарот, воведувањето на задолжителен здравствен преглед на децата кои се предмет на посвојување затоа што тоа отворено прашање што до сега не било регулирано со Законот овозможувало да се злоупотребува и да се држат повеќе деца со нарушено здравје, или деца со посебни потреби, што воопшто не биле такви и наместо да бидат давани на посвојување, тие се држеле во згрижувачко семејство или биле надвор од системот на посвојување. Тоа не смее да се случува во ситуација кога во Република Македонија, барем според оние податоци кои денес ги имаме, во овој момент бројот на деца што се посвојуваат или се потенцијални посвоеници, а тоа се околу 33 деца и бројот на семејства или брачни парови кои бараат посвојување на деца се некаде околу 330. Навистина е голема разликата меѓу децата кои треба да бидат посвоени и побарувањето на децата. Навистина не смее да се злоупотребува никаква правна празнина во законот за да не дојдат децата, на кои навистина им е потребна родителска грижа, кои без нивна вина останале без родителска грижа, да останат надвор од семејство или да бидат лишени од љубов која ќе им ја пружат идните посвоители.

Целосно ја подржуваме измената за воведување на задолжителен здравствен преглед на децата кои се потенцијални посвоеници за да може да се отстрани оваа можност која се правела со злоупотреба.

Исто така го подржуваме предлогот да може да се посвојуваат деца од цела територија на Република Македонија, да се воспостави единствен регистар во Република Македонија на можни посвоители и посвоеници и така ќе се создаде поголема прегледност на состојбите во оваа област.

Добрите страни на овој предлог ги истакнав, меѓутоа уште една предност за која заеднички се договориме да ја вградиме, како работна група за правата на децата која е составена од позиција и опозиција, тоа е воведување на подзаконски акти за критериум за подобен посвоител. Меѓутоа, морам да кажам дека можеше уште повеќе да се направи, можеше да се затворат тие празни празнини во законот. Меѓутоа не наидовме на заеднички јазик, но јас не губам верба дека битката во овој момент е изгубена, борбата продолжува и понатаму ако сме на вистински став и ако имаме волја тоа да го завршиме така како што треба. Ние како пратеничка група односно ние како опозиција поднесовме амандмани и баравме да се зајакне

позицијата и улогата на Комисијата за посвојување која сега е највисок орган во управна постапка на посвојување. Меѓутоа тоа не беше прифатено од страна на парламентарното мнозинство.

Исто така побаравме, подржувајќи ја можноста на скратување на периодот за одземање на родителското право во ситуација кога детето е сместено во институција, а родителот не покажал особена грижа. Со овие измени тоа сега е една година. Побаравме да вградиме законско решение со кое ќе дадеме поактивна улога на Центарот за социјални работи што не само што ќе ја одигрува онаа административна должност и писмено ќе ги известува родителите, ќе ги поттикнува да комуницираат со децата кои се оставени во институциите, туку ќе има една проактивна улога и ќе разговара со тие родители кои го оставиле детето затоа што имаме разни ситуации, ние направивме и една таква симулација на разни можни ситуации каде што во такви тешки услови во кои се живее во Република Македонија, многу брачни парови, можеби и од економска ситуација и од разни ситуации кои ги снашле се доведени во позиција да го остават своето дете. Секако дека Центарот за социјални работи има потреба да им даде поддршка за да можат да го задржат своето дете затоа што сепак биолошките родители се најдобри родители за секое дете.

Имавме и една сериозна анализа од УНИЦЕВ која ги фокусира и останатите слабости во законот и јас очекувам и ги повикувам пратениците кои работат на оваа проблематика, ако сега не успеавме, во следниот период кој претстои да се фокусираме на оваа работа и законот да го направиме по мерка и стандарди кои се светски и европски. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Збор има госпоѓа Кузмановска Бети, повелете.

Бети Кузмановска: Благодарам.

Законот за семејство, бидејќи не се работи за сложен и обемен закон, се носи по скратена постапка, меѓутоа не е и помалку важен бидејќи во него се вградени одредбите од Европската конвенција за остварување правата на децата, а извршено е и усогласување со одредбите на Европската конвенција за посвојување на деца.

Измените и дополнувањата на Законот за семејство се резултат на практичната примена и се однесуваат во делот на посвојување, а со цел да се обезбеди транспарентност во постапката. Понатаму се воспоставува единствена електронска евиденција на можни посвоители и на можни посвоеници. Се воведува избор на посвоител по електронски пат, а исто така и формирањето на Комисијата за избор на посвоител се одвива по електронски пат.

Бидејќи практичната примена на овој закон во изминатиот период покажа дека има одредени слабости и недоследности во примената, ја наметна потребата од донесување на нови измени и дополнувања на Законот за семејство. Имено, предложениот закон се заснова на истите начела на кои е заснован и досегашниот Закон за семејство, а клучните промени од овие измени и дополнувања се составени од следните решенија. Имено се работи за утврдување на рокови во постапката што се води пред центрите за социјална работа, до уписот на посвоителите и посвоениците во регистарот на можни посвоители и посвоеници и исто така предвидвуа глоби за непочитување на роковите. Понатаму, формирање на Комисија за оцена на здравствената состојба на децата без родители и родителска грижа што се едни од клучните решенија, воспоставување на единствена листа на најсоодветни посвоители на теритиријата на цела Република Македонија односно избор на посвоител по електронски пат, при што не се зема предвид местото на живеење и на оние што посвојуваат и на можните посвоеници.

Исто така има промена, наместо досегашните пет члена, составена е од 15 члена кои се избираат на денот на одржувањето на седница, бројката е повторно пет, а исто така и претседател на Комисијата се бира по електронски пат исто така на денот на одржувањето на седницата.

Членовите на Комисијата ги именува министерот за труд и социјална политика и сите мора да имаат завршено соодветно високо образование и најмалку петгодишно работно искуство во областа.

За посвојување мора да постои согласност од двата родители, до сега е така во законот. Но, исто така со сегашните измени може да се посвојвуа и не е потребна согласност од родител на кој му е одземена деловната способност, или му е одземено родителското право, на родител на кој повеќе од една година не му се знае престојувалиштето, но исто така и од родители чии деца се внесени во институции или пак други згрижувачки семејства, подолго од една година и кои не пројавиле никаков интерес за децата. Притоа Центарот за социјални работи должен е во рок од два месеци најмалку три пати да го повика родителот за да ја преземе грижата за детето.

Центарот за социјална работа врши процена на подобноста на можните посвоители и мотивите за посвојување. Тој рок наместо досегашните шест месеци се скратува на четири и заедно со сите списи, со барањето, наодот и мислењето на стручниот тим и поединечките наоди на стручните работници, со предлогот во регистарот за можни посвоители, ги доставува до Комисијата. Комисијата во рок од 30 дена, но не повеќе од 60 врши упис по донесената одлука, а исто така има мандати за донесување на решенија за бришење од регистарот, доколку тоа е потребно.

Комисијата врз основа на документите и од податоците на програмата врши избор на најсоодветен посвоител, а притоа е обврзана да даде образложение за направениот избор.

Што се однесува до глобите и на Комисијата имаше различни ставови дали висината е во согласност со стореният прекршок. Јас сметам дека се оправдани, бидејќи се еден од механизмите за можна злоупотреба. Најпозитивните измени кои што сметам дека ги има повеќе меѓутоа сметам дека оние што се најклучни во Законот за семејство е дека Република Македонија сега ќе биде единствена листа за посојување. Намален е периодот од 6 на 4 месеци за следење на можните посвоители. Се прави и ревизија на предгледот за упис. Комисијата освен онаа техничка работа со документација освен тоа што по електронски пат ја врши својата работа истата е избирана, има и советодавна улога на Комисијата, односно стапува во контакт со родителите и ја врши оваа советодавна улога. Можните посвоители од бројка 5 се сведени на 3, со што сметам дека целата процедура исто така се олеснува. Скратени се роковите на административната работа и тоа исто така е позитивно заради тоа што овие родители можеби чекаат долго време на посвојување. Така што овие скратени рокови за нив значат многу, за дечињата што треба да бидат посвоени уште повеќе. Исто така, се зајакнува соработката помеѓу центрите за социјална работа во цела Македонија. И она што сметам дека е навистина клучно во сите овие измени е дека во поглед на здравствената состојба на децата се прави нова категоризација. Бидејќи има тим составен од 6 лекари, тие се педијатри и дефектолози, меѓутоа она што е интересно е дека педиајтрите имаат и субспецијалност односно тоа се педијатри кои што се грижат за здравјето на децата и се обично педијатри кадриолози и педијатри невролози. Исто така, ние на Комисијата заеднички со работното тело кое што работи во склоп на оваа Комисија донесовме, значи заеднички ги усвоивме амандманите што се однесуваат на програмите и за посвоители и за посвоеници, со таа разлика што програмата за посвоители постоеше и до сега и повеќе од 10 години можеби е во употреба. Меѓутоа сега за прв пат ќе стане составен дел од законот. А се донесува и нова програма за посвоеници, со што постојат унифицирани, применливи со строги утврдени критериуми и соодветна употреба на овие програми од центрите за социјални работи и тоа сите на територијата на Република Македонија. се надевам дека по изјавата на колешката Иванова, дека тие навистина ќе ги подржат овој позитивен закон. Меѓутоа, на крајот од гласањето ќе видиме дали ќе биде така, затоа што и на претходниот закон имавме усогласени ставови дека и на Комисија тоа го направија, а на крај гласањето беше спротивно од она што значеше договор. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Самка Ибраимовски има реплика, повелете.

Самка Ибраимовски: Благодарам претседателе. Во интерес на времето се откажав. Меѓутоа почитуван заменик министер, почитувана колешке Бети, добро е што дојде до измени на овој закон да се прави. меѓутоа јас кажав и на Комисијата и вие тоа требаше да кажете, дека со парцијалните измени на овој закон мислам дека не е добро, затоа што има уште многу други измени што треба да се направат во овој дел на законот. Добро е што почнаа да се прават некои измени. Меѓутоа, кога се прави некоја измена, требаше да се направат малку повеќе измени и во повеќе членови. Посебно во делот на децата кои се дадени во семејство, што вие го спомнавте тоа, затоа што Министерството не излезе со евиденција колку деца има во дом семејство во Република Македонија, што е многу битно и најголемата злоупотреба доаѓа во тие дом семејства каде што децата се таму, нема некоја прегледност во каква состојба се. Контролата е многу запоставена од страна на центрите за социјална работа. Мислам дека е тука најголема грешка и треба да обрне поголемо внимание Министерството за труд и социјална политика, а да ги намали трошоците кои излегуваат од касата на Министерството за труд и социјална политика кои се даваат на тие семејства одреден износ паричен надоместок за чување на тие деца, односно негување на тие деца во своето семејство. Јас кажав и на Комисијата, исто и сега кажувам дека тие деца се додека се мали имаат некој интерес тие сиромашни граѓани социјалци што ги земаат тие деца на чување. Меѓутоа како што растат децата, така растат и проблемите на тие деца и тука е најголемиот проблем кој доаѓа што Министерството за труд и социјална политика нема контрола на тие деца онака како што треба, како што ја има контрола во Домот за доенчиња во Битола. Има една работа многу битна заменик министер и почитувана колешке Бети, што го спомнавте Домот за доенчиња. Таму има деца што викаат со лесна ретардација, а всушност не е со лесна ретардација, се користат за да ги изиграат тие барателии, да се откажат, па да го дадат на друг тоа дете. Затоа има такви ситуации. Треба да се обрне внимание и заменик министерот и министерот, и на Комисијата реков, има уште многу недостатоци. Затоа реков дека парцијално се менува овој закон. Требаше уште многу други измени да се направат за да навистина овој закон биде добар. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Контра реплика има Бето Кузмановска, повелете.

Бети Кузмановска: Господине Ибраимовски, и на Комисијата го добивте соодветниот одговор од министерот за труд и социјална политика. Меѓутоа, ќе ви повторам уште еднаш. Добивме одговор дека навистина освен посвојување на децата кои што се без родители и родителска грижа, ќе бидат засилени контролите на децата што се згрижени во семејства и тоа привремено згрижени. Има измени во Законот. Јас сметав дека не се доволно важни и се осврнав на оние најважни во законот. Како и да е, за она што ве интересира ќе го добиете во вид на писмен, или

усмен од министерот, претпоставувам тогаш кога вие ќе посакате. Добивме одговор од министерот кој сметам дека е позитивен, дека ќе правиме толку измени и дополнувања колку што тоа ќе биде потребно за да добиеме навистина еден добар закон. Затоа ќе ги земеме во предвид повеќе потребите на децата посвоеници отколку на оние што што посвојуваат деца. Значи, за здрави деца ќе се сметаат оние од 80% до 100% здравост и тоа исто така го добивте како одговор. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општиот претрес и претресот по членовите 1, 6 и 9 на Дополнетиот предлог на закон е завршен.

Врз основа на член 156 став 2 од Деловникот на Собранието за седницата на Собранието не се поднесени амандмани на Дополнетиот предлог на закон. поради тоа што Собранието не усвои ниеден аманднам од Дополнетиот предлог врз основа на член 162 од Деловникот на Собранието преминуваме на гласање по Предлогот на закон во целина.

Предлогот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа сите 63, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за семејство.

Минуваме на точка 34 - Предлог на закон за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување по скратена постапка, второ и трето читање.

Извештаите на Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело, Законодавно правната комисија и Комисијата и за труд и социјална политика, ви се доставени односно поделени.

Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело и Законодавно правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на Дополнет предлог на закон.

Отворам општ претрес.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општиот претрес по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор, констатирам дека општиот претрес по Предлогот на законот е завршен.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието преминуваме на одлучување по Предлогот на закон во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа 49, воздржани 15, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 11 часот со истата оваа седница. Благодарам.

(Седницата прекина во 18,48 часот)